**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Осумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 26.11.2007 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 15,25 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше Бесим Догани, потпретседател на Собранието.

**Бесим Догани:** Ги повикувам пратениците кои се надвор од салата да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Дами и господа пратеници, ја отворам Осумдесет и петтата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Силвана Бонева, Петар Поп Аросв, Али Ахмети, Фазли Велиу, Агрон Буџаку, Блерим Беџети, Арбен Џафери, Мендух Тачи, Елмазе Селмани, Љубчо Георгиевски, Марјан Додовски, Весна Јаневска, Владанка Авировиќ, Иван Анастасовски, Неждет Мустафа, Игор Ивановски, Лазар Китановски, Слободан Најдовски, Данаил Дончев, Александар Спасеноски, Анета Стефановска, Абдулади Вејсели, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме на едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Бидејќи само 43 пратеника го искористија правото да се пријават преку системот, би ги замолил службите да ни достават точен број на присутни пратеници во салата.

(Службите ги пребројуваат пратениците).

На седницата присуствуваат 62 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинството пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија.

Оваа седница е свикана по барање на 39 пратеници и 23 пратеници заради разгледување на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2007 година и активностите на Република Македонија за добивање членство во ЕУ и НАТО.

Предлагам предлогот на дневниот ред за оваа седница да не се дополнува со други точки.

Предлогот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 63 пратеници за предлогот гласаа 54, сите 54 гласаа за.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

За денешната седница го предлагам следниот дневен ред:

**1. Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2007 година и активностите на Република Македонија за добивање членство во Европската унија и НАТО.**

Предложениот дневен ред го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во присуство на 64 пратеника гласаа 53, сите 53 гласаа за.

Констатирам дека е усвоен предложениот дневен ред.

Пред да продолжиме со точката на дневниот ред, ќе ви го прочитам текстот на договорот со координаторите на пратеничките групи.

Во договор со координаторите на пратеничките групи е усогласено дека оваа седница денес ќе трае до 21,00 часот, а утре ќе трае до 14,00 часот. Утре по 15,00 часот да продолжи 76-та седница на Собранието на Република Македонија по Предлогот за донесување на закн за Комитетот за односи меѓу заедниците, со Предлог на закон.

Времетраењето на говорите на пратениците по оваа точка да не биде подолго од 15 минути освен за лидерите на партиите чиј говор може да трае најмногу 20 минути.

Пратениците да говорат наизменично позиција-опозиција. Дозволено е да има најмногу три реплики.

За говор можат да се јават најмногу тројца од независните пратеници.

Пред да ја отворам точката на дневниот ред, му давам збор на господинот Тахир Хани за процедурално, повелете.

**Тахир Хани:** Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, врз основа на вашето информирање дека претседателите на парламентарните групи имале средба за координација, при што сте се договориле како ќе тече расправата врз основа на Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија, сакам да го нагласам фактот дека координаторот на парламентарната група на ДУИ не добил покана за оваа координативна средба. Така што ние не сме обвзани да учествуваме и да се придржуваме кон вашата координација. За ова сакам да ги информирам сите пратеници, од причина што ние не сме имале покана за средбата не сме обврзани да се придржуваме кон вашиот договор со парламентарните групи. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Хани.

Немам информација дали сте редовно поканети. Според информациите на службите сите пратенички групи се редовно поканети, не знам зошто вие мислите дека не сте биле поканети.

Координацијата е закажана уште во петокот, денеска само терминот се промени во 12,30 часот. Колку што паметам не беа присутни ни пратениците од ЛДП, мислам нивен претставник.

Неколку пати сме го кажале ова, деловнички само Деловникот е вреден за процедура на пленарната седница. Работата на договор е вон деловнички, нешто што ние го практикуваме секогаш, останува вие да решите како ќе се однесувате во текот на

оваа седница, тоа е ваше право, јас ниту сакам да ве насочам, ниту имам намера да работам спротивно од Деловникот така што ваше право е да се однесувате и да се пријавувате како сакате вие. Ви благодарам.

Господинот Кире Гештаковски процедурално, повелете.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине потпретседател.

Ме интересира во името на независните пратеници кој преговараше и како се определуваше кој од независните пратеници ќе доаѓа на координациите.

**Бесим Догани:** На координацијата присуствуваа господинот Ѓорѓи Оровчанец како еден од предлагачите на оваа точка, господинот Есад Рахиќ и господинот Кенан Хасипи. Беа поканети и сите други, колку што знам јас, се договоривме денеска да зборуваат двајца, најмногу тројца од независните пратеници, а исто така и утре двајца-тројца од независните пратеници или на партија која има пратеници, но нема пратеничка група.

Повелете господине Гештаковски.

**Кире Гештаковски:** Ви благодарам господине потпретседателе.

Во интерес на важноста на денешната седница јас ќе се придржувам на договорот, но би ве замолил од идниот пат ако може на координациите да се покануваат или сите независни пратеници или да се изнајде начин, бидејќи јас не бев поканет на таа координација.

**Бесим Догани:** Во ред, јас се извинувам ако е направен пропуст и не сте поканети, се надевам дека на идната координација и вие ќе бидете присутен така што може во тој дел од тројца денеска и тројца утре да бидете и вие вклучени. Тоа е дел од договорот што е го направите вие со другите пратеници кои се независни.

**Минуваме на точката 1 - Извештај на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2007 година и активностите на Република Македонија за добивање членство во Еврпската унија и НАТО.**

Извештајот и придружните материјали ви се доставени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

Има збор господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петквоски:** Господине потпретседател, госпоѓо заменик премиер, дами и господа пратеници,

Искрено жалам што еве и на овој начин ја започнуваме оваа седница типична за нас и во услови кога многумина од надвор, а уште повеќе дома очекуваат да промениме нешто во сопствената работа во Собранието особено што доста критики се упатени од Европската комисија на капацитетот на институциите на државата без кои, очигледно, нема прогрес ниту во демократијата.

Се надевам дека развојот на настаните и со расправата во текот на денот ќе не увери сите дека имаме обврска како пратеници не само пред Меѓународната заедница, уште повеќе пред сопствените бирачи заради сопствената одговорност да ги претставуваме нивните вистински, автентични интереси и да ги надминеме сите наши недоразбирања кои стојат на патот на европската интеграција на Република Македонија.

Имам право да очекувам, почитувани колеги, и да имаме малку поинаква реторика заради тоа што имаме голем предизвик, сите очекуваме покана за членство во НАТО во април идната година, а ова е вториот извештај на Република Македонија од кој веќе е сосема јасно дека евроскептицизмот е надвладеан во Европската унија и дека е сосема јасно дека ќе има нови проширувања. Ако можевме да се вадиме до сега на проблемите на Европската унија, на непостоењето на Устав, разногласие околу Уставот, референдумот во Холандија, резногласијата во Полска, Франција, по Лисабонскиот договор е сосема извесно дека сите тие приказни се ставени на страна и дека од нас самите земји кандидатки ќе зависи дали и кога ќе станеме членки на Европската унија и се разбира на тој план нашата одговорност е многу поголема.

Македонија точно пред две години некаде 17 декември 2005 година се стекна со статус на земја кандидат. Во овој процес од доближувањето на Македонија кон европските интеграции се вградија практично многу состави на влади, многу состви на Парламент на Република Македонија од нејзиното осамостојување, па до денес. Затоа мислам дека во овој миг кога го имаме во рака Извештајот на Европската комисија одговорноста на овој состав на Собранието, се разбира и на овој состав на Владата е многу поголем, дали ќе можеме да одговориме на предизвикот на времето и да бидеме над нашата дневна ситуација во Парламентот се разбира особено во сферата на меѓусебната комуникација во името на интересите на граѓаните и државниот приоритет број 1 што се вика зачленување на Македонија во Европската унија.

Не верувам дека има човек во државата, независно дали се бави со политика или не, кој не очекува Македонија побрзо да добие датум за започнување на преговорите. Се разбира, ако го добиеме датумот побрзо за почеток на преговорите, побрзо имаме шанса реално побрзо да почнеме преговори и да бидеме членка на Европската унија. Ако се оддолжи почетокот на преговорите и тоа објективно ќе бидат потешки условите, меѓутоа, шансите сериозно ќе ни бидат намалени или барем ќе бидат сериозно доведени во прашање ако работиме според она што до сега, кога говорам пред се за институциите на системот.

Само ќе ве потсетам, сите го имате пред вас Извештајот на Европската комисија. На самиот почеток од Извештајот стои дека напредокот се мери врз основа на донесените одлуки,

донесеното законодавство и спроведените мерки. Според тоа, не она што ние очекуваме, што мислиме едни за други, не она колку имаме ние да си кажеме едни за други кој повеќе е виновен или кој помалку е виновен, кој нешто направил како треба, кој нешто направил како не треба, туку едноставно што заеднички сме сработиле. Значи, ние можеме навистина оваа седница да ја искористиме во меѓусебно обвинување кој за што е повеќе виновен заради она до каде сме стасале сега во европските интеграции, но имам право да очекувам дека денеска тој наш стереотип ќе го надминеме и ќе излеземе од тоа клише говорејќи пред се за обврските што стојат пред нас, да кажеме како најдобро да се мобилизираме, да се организираме, да одговориме на обврските како да ги зголемиме шансите на Република Македонија побрзо да добие датум за преговори.

Доследно на тоа, се разбира, најголемата критика на Република Македонија во целиот Извештај е околу постигнувањето на планот на политичките критериуми.

Ако внимателно забележавте токму тука стои дека Македонија оствари мал напредок. Тоа е еуфемизам за тоа дека малку сме сториле или практично ништо не сме сториле, а се има формулација дека Македонија остварила мал напредок. Јас сакам како наша одговорност, бидејќи како пратеници и претставници на граѓаните и на политичките партии мислам дека токму тука имаме најголема одговорност и јас го препознавам нашето прозивање како Собрание токму во овој дел. Независно што во поглавјето стои и Собранието и Владата и правосудниот систем и сето она што го чини македонскиот политички систем, сепак главната битка се бие тука во Собранието меѓу политичките партии, меѓу разните претставници на граѓани и од ова ќе зависи колку ние ќе успееме да се мобилизираме, да одговориме на забелешките на Европската комисија и да се надеваме побрзо да дојдеме до датум.

Во тој контекст само ќе ве потсетам и би сакал да кажам што јас мислам како пратеник, се разбира и како претседател на една значајна Комисија во Собранието, што да не, ја користам приликата да се пофалиме, бидејќи во Извештајот стои дека Комисијата за европски прашања сериозно и одговорно си ја вршела работата и дека сериозно ги следела сите процеси дури и помагала во сите оние акти што идат од Македонија било како Влада или други институции кон Брисел и јас во оваа прилика сакам навистина да истакнам дека имавме одлична соработка со Секретаријатот за европски прашања. Скоро на сите седници на Комисијата за европски прашања заменик премиерот беше присутен и на сите документи кои одеа од Владата ние имавме и конструктивен пристап и прилог и нашите забелешки практично во завршните документи се вградуваа. Тоа значи дека се почитуваат ставовите и мислењата на членовите на Комисијата за европски прашања.

Освен тоа, мислам дека имаме ретка динамична активност. Нема позначајна земја од членките на Европската унија, па ако сакате и новите членки дури и тие што се кандидати со кои немавме контакти или да не биле наши гости во Република Македонија или ние да не сме биле таму користејќи ги рпактично сите можности за прикажување на македонската реалност и потреба тие да ја осознаат македонската потреба, но и заслуга побрзо да бидеме членка на Европската унија.

Јас би сакал во тој дух сите колеги кои по разни основи патуваат на разни европски дестинации и во тој дух да ја афирмираат вистината за Република Македонија. Но, би сакал да почнам од она кое за нас мислам дека во овој момент е и најбитно.

Како да одговориме на забелешките, сугестиите од Европската комисија и како сметам дека побрзо можеме да одговориме на обврските на Собранието на Република Македонија доследно според Уставот да си ја вршиме нашата работа.

Ќе почнам, практично, од политичките критериуми, од точката 2.1 Демократии и владеење на правото. Стои отворено дека сериозни забелешки во врска со изборите во 2006 година или изборите пред тоа, има покренато постапки, но за жал Република Македонија сеуште не одговорила. Предметите пред судството не се завршени, а забелешките по однос на финансирањето на политичките партии, начинот на кој доаѓаат до средствата за финансирањето, сеуште не им е позната на луѓетокои што одлучуваат за пристапување на нас кон тоа друштво на европските народи и држави. Значи, не се предвидени доволно казнени мерки и затоа во Извештајот, јас така ја сваќам обврската, Македонија мора со закон точно да ги прецизира изворите на приходи, иако имаме позебен закон за таа работа, но особено да ја заостри казнената политика за оние кои што надвор од законите собираат приходи за водење на изборна кампања. Значи, мислам дека би било за нас обврска да се договориме, претпоставувам, Резолуцијата ќе биде само израз на политичката волја на сите политички партии кои што сме овде за побрз прогрес на Република Македонија, но ќе треба да усвоиме еден посебен документ во кој што ќе бидат набележани по динамики носители сите обврски, за да можеме објективно да кажеме дека нашата работа сме си ја завршиле.

Во овој момент, мислам дека мораме да се договориме да се измени Законот за изборниот законик пооднос на казнените мерки за начинот на кој што се финансираат политичките партии.

Понатаму, една од следните забелешки во овој дел е односнот меѓу етничките заедници во Република Македонија, сериозна забелешка дека сеуште не ни е донесен законот односно не е формиран Комитетот за односите меѓу заедниците онака како што една политичка партија во Република Македонија како претставник на една етничка заедница бараше и добро е што веќе одговараме на тој предизвик. Еве, во процедура и дефинитивно се надевам

дека оваа точка од дневниот ред ќе ја симнеме и дека оваа обврска како Собрание на Република Македонија дефинитивно ќе ја завршиме.

Следна забелешка, особено за овој состав на Собранието е она како што стои во Извештајот од септември оваа година конфронтациите во Собранието и демонстрираното насилство, а ние како Собрание сеуште на таа обврска не сме одговориле. Точката, според тоа , не треба многу мудрување, Извештајот на Анкетната комисија за настаните во Собранието треба да се најде на дневен ред на Собранието, треба да смогнеме сили за политичката одговорност, да кажеме заради кредибилитетот на Собранието како институција, врвна институција во државата и да кажеме дека сме во состојба дури и ако станува збор за нас лично, да се надминеме и да кажеме дека таа пречка за нашата интеграција можеме ефикасно и ефектно да ја совладаме, усвојувајќи го Извештајот на Анкетната комисија.

На овој план околу политичката реторика и особено отсуството на политички дијалог, мислам дека голем дел од работата или еден дел од работата на формален план ја завршивме и различните ставови меѓу позицијата и опозицијата, она што беше околу нашите приоритети, мислам дека можеме успешно да ги надминуваме преку Националниот совет за евроинтеграции, поместувајќи ги во овој случај одговорноста односно дисперзирајќи ја одговорноста рамноправно меѓу пратениците од позицијата и оние од опозицијата. Мене ми е драго што се договоривме, практично, што едногласно ја донесовме таа одлука, на чело на тој Совет да стои човек од опозицијата, на тој начин и опозицијата ја прифаќа одговорноста за унапредувањето на процесот, ставајки се во рамноправна положба со пратениците и со другите членови од парламентарното мнозинство и утврдувајќи една динамика која ќе значи и амортизација на тензиите меѓу политичките партии, кои за жал, се и најголемиот виновник за лошиот Извештај односно лошата оценка за Република Македонија во делот за политичкиот дијалог. Тука, еве, на тој план веќе се направени првите чекори, претпоставувам денес Комисија за избори и именување имаше можност да побара членство од оние кои на минатата седница на Собранието го посочивме во Одлуката за Националниот совет за евроинтеграции и веќе е подготвен и текст, Деловник за работа за Националниот совет и јас се надевам дека во брза иднина ќе можеме да го конституираме советот и да профункционира на основа која што веќе е договорена во одлуката и со една многу побрза динамика да одговориме на прашањата односно на главните забелешки во Извештајот од Европската комисија.

Следно прашање, кое што исто е наша обврска, јас така ја сваќам оваа седница, ние многу поконкретно да разговараме за нас и нашите обврски, е донесувањето на Деловникот во кој едно од основните прашања кое што е посочено е употребата на јазикот, во случајот на албанскиот јазик во собраниската комуникација. Тука не треба да бегаме од обврската, да го донесеме Деловникот, па макар и да направиме компромис како што сега стојат работите, дека има расположение Деловникот да се донесе, а одредбите кои што се однесуваат на должината на траењето на дискусиите и некои други одредби да се применуваат од новиот состав на Собранието. А, ние сами меѓу себе да се обврземе дека до новиот состав на Собранието ќе го почитуваме новиот Деловник. Да бидеме ефикасни и многу попродуктивни кога станува збор за брзо донесување на законите. Овде стои една бројка дека од 154 предвидени закони кои што се во врска со нашиот прогрес кон Европската унија, сме донеле 95, што значиостанува голем број на закони, кои што во многу зависи и од Владата со која динамика ќе ги предлага законите, меѓутоа многу повеќе зависи од ефикасно работење на Собранието. Да ги одлагаме до бесконечност, да повторуваме, особено кога станува збор за законите за европското знаменце, ние се договоривме тие закони да имаат приоритет. Мислам дека на тоа ќе се држиме како сопствена обврска.

За Законот за јазиците мислам дека не е битно кој во овој момент како политичка партија мислиме што ставови застапуваме јавно, едноставно не смееме да бегаме. Текстот треба да го подготвиме и да почне да кружи во собраниските тела, за да можеме да дојдеме до најдоброто решение. Ако забележите, една од забелешките на Европската комисија е дека се одвива политички дијалог помеѓу Владата и парламентарната опозиција, но дека тие повеќе се одвиваат надвор од Собранието, а целта, намерата е ако сакаме да биде Собранието централната институција на државата дека токму тука треба да се одвива политичкиот дијалог. Поради тоа сметам дека не треба да бегаме од прашања кои што се жешки, кои што често пати ни создаваат непријатности, меѓу себе како политички партии и нашите програмски ориентации или односот кон избирачите, но кои дефинитивно на Република Македонија сериозно и ги намалува шансите да се прикаже во светло кое заслужува да добие покана.

Не е помалку значајна и да го говорам овде и за забелешката кога станува збор и за Владата околу функционирањето и поефикасна внатрешна коордианција на сите иницијативи кои што произлегуваат од Владата во Собранието и тука е одговорноста на парламентарното мнозинство да направи една платформа за координирање, подобро координирање и да нема разногласија во самиот Парламент кога станува збор за главните проекти кои ќе бидат во насока на создавањето вкупна позитивна слика на Република Македонија за Европската унија.

Не треба да бегаме ни од фактот, овде можеби е непријатно, една од основните забелешки ни е и функционирањето на институциите, во случајот главните стожери на извршната власт, шефот на државата и премиерот. Јас навистина би сакал да

пратеиме позитивна злика надвор, со тоа што ќе ги видам претседателот на државата и премиерот почесто да се среќаваат, макар и неформално да се среќаваат. Да покажат на Меѓународната заедница дека имаме извршна власт која што е одговорна и се однесува одговорно за државните потреби. На тој начин само можеме и да ја јакнеме извршната власт во целина, но и дефинитивно сликата надвор да биде позитивна, афирмативна за функционирањето на двата столба на извршната власт во Република Македонија.

Прашање, не помалку важно за нас е како функционира, како ни се одвива процесот на децентрализација и мислам дека тука за подобра комуникација или особено во обезбедувањето на функционална локална самоуправа, сериозно треба да размислиме околу законот за финансирањето и изменување на Законот за финансирањето на општините и се разбира изворните приходи на општините во рамкит ена очекувањата од Европската унија и оние стандарди кои што се поставени, во кои што функционираат во Европа и тука мораме да бидеме многу повеќе објективни, а не “да водиме грижа за себе односно за својата политичка партија или речено со наш јазик за својот градоначалник”. Тука е обврска на сите политички партии кои воовој момент имаат свои градоначалници и кои објективно се загрижени за функционирањето на општината, а за нас е многу битно и некои други прашања кои очигледно дека не можеме во една ваква расправа подетално да ги елабориреме, ако имаме можност натаму, ако усвоиме една динамика на Собранието со посебен документ после оваа Резолуција, јас мислам некој оперативен документ во кој таксативно ќе ги назначиме нашите обврски.

Според тоа, да завршам, предлагам како политички документ да ја донесеме Резолуцијата која што е наша обврска што сме ја презеле мнбогу, многу порано. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Петковски.

Ако нема реплики, збор има господинот Оровчанец Ѓорѓи, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Почитувани присутни, почитувани граѓани,

Последна шанса, ова е последната шанса на Република Македонија, неповторлива, историска.

Република Македонија во наредните месеци и денови треба да мине низ најзначајниот период од нејзиното осомостојување. Многумина од вас со недоверба, несигурност дури со шепот и страв се прашуваат дали ќе не биде или не. Многу граѓани со право се загрижени во Република Македонија. Ако нешто до сега во државата вистински и во најголем процент ја искажуваше вољата на сите граѓани во Република Македонија, без разлика на нивната политичка и верска припадност, тоа е определбата дека Република Македонија и е и потребен и е влез во НАТО. Од сите земји кои до сега биле примени во НАТО алијансата од Република Македонија, во овој момент се бара речиси најмалку. Но и тоа најмалку за некои од нас веќе станува голем проблем.

Значи, од Република Македонија во моментот како основна и задолжителна обврска се бара исполнување исклучиво на политички критериуми со цел да докажеме, како што кажа амбасадорката Нуланд, дека сме издржлива демократија. Политичките критериуми, почитувани граѓани, колку вие и да сакате, вие не можете да ги реализирате. Исполнувањето на овие барани политички критериуми од нас за влез на Република Македонија во НАТО, директно е упатено кон политичките претставници во Република Македонија. Исполнувањето на политичките критериуми затоа се исклучителна одговорност и обврска на политичките претставници во сите нивоа, без разлика кои се, од каде се и на кое место се. А, тоа се пред се, претседателот на Собранието. Мене ми е жал што тој не е тука, меѓутоа се надевам дека моето обраќање до него ќе го досегне преку стенограмот, затоа што ете случајно, намерно или не, се случи претседателот на Собранието, поранешниот амбасадор господинот Љубиша Георгиевски ја има несекојдневната можност и шанса да го режира или да го постави на политичката сцена, ако не повеќе, барем првиот чин од претставата Македонија како дел од Евроатланската интеграција.

Почитувани пратеници, Република Македонија ја доби поканата за полноправно членство во НАТО. Ова е она што сакам да го чујам од господинот претседател на Собранието Љубиша Георгиевски после 3 април. За да стигнеме до ова, реплика на која сите ќе му дадеме аплауз, мислам дека треба господинот претседател на Собранието да влезе во режија на оваа претстава онака како што треба. Значи, нека се лути, нека прави и други работи, меѓутоа нека се стави во функција на се она што не доближува во НАТО, да се стави во функција на агендата која што дефинитивно Македонија ќе ја извлече од оваа политичка криза. А, кризата е и решението е, драги граѓани овде во Парламентот. Овие работи не може да се решат на друго место. Сите овие работи можат да се решат исклучиво овде. Според тоа, овој Парламент и овде мора сега атхок, брзо, едноставно да ги реши овие работи. Затоа што, да се искажам со речникот на господинот драмски режисер да се биде или не, прашањето е сега. Меѓутоа, сигурен сум дека оваа вечна дилема во моментов за Република Македонија е да се биде по секоја цена.

Други важни чинители во политичкиот живот кои имаат активно партиципирање или се друг чинител од кој зависи се ова, сте вие господа пратеници. Без разлика од која политичка партија сте, без разлика кој ве предложил или ве избрал, без разлика на вашата верска или национална припадност, без разлика кого слушате и кого служите и како гласате, едно не заборавајте. Според нашето досегашно поведение,

однесување и работење успеавме да направиме крајно неефикасно Собрание, неодговорен Парламент и единствен виновник за застој на реформските процеси. Станавме отворена пречка за влез во Европската униј аи НАТО. Граѓаните имаат најмалку доветба во нас, во Парламентот.

Има уште многу други работи кои ни се припишуваат и за кои навистина не треба многу да се дискутира, бидејќи се очигледни. Прашањето во овој момент е за сите нас, до кога вака, зошто и со кого и дали воопшто можеме поинаку.

Почитувани колеги, Република Македонија е единствена, неповторлива, историска и можеби последна шанса. Од ова сосема јасно произлегуваат обврските и одговорностите како на Собранието во целост како дом, но и така од нас пратениците поединечно.

Почитувани колеги, без разлика на сето она што до сега се случуваше во македонскиот Парламент до денес, едноставно ќе мора да биде поинаку. Изминатиот период и постигнатите резултати покажаа дека Собранието веќе не може да продолжи да работи на овој начин. Без разлика на тоа кој прв почна, кој е виновен, кој е во право или не, од денес почитувани колеги ќе мора сите заедно да придонесеме Собранието да го одработи сето она што е потребно и што се бара од нас, а се со единствена цел Република Македонија да ја добие поканата за членство во НАТО. Во НАТО не влегува Западна Македонија, во НАТО не влегува Источна Македонија, не влегува Владата или опозицијата, не влегува оваа или онаа партија. Во НАТО влегува Република Македонија.

Не би сакал да ве потсетувам на изнесените работи, констатации и аргументи во моите еве експозеа по повод седниците на македонскиот Паеламент. Првата беше усвојување на Декларацијата на НАТО и седницата која заврши без заклучок и без агенда за нашите обврски кои требаше да ги исполниме до денес, а повторно за влез во НАТО и напредок во европските интеграции.

Би сакал да ве потсетам бидејќи состојбите во Македонскиот парламент и меѓу нас самите ескалираа и добија најмалку посакувани последици.

Почитувани пратеници, намерата и овие од Парламентот и неговите чинители пратениците да се прикажат како единствена пречка за нашиот неуспех во функционирањето на политичките институции веќе е реализирана. Но, Собранието е единственото место кое може и кое треба да ја реши оваа состојба. Не заборавајте, пратеничкиот мандат без разлика кој го дал даден од граѓаните и е ваш личен и со вашата совест не одговарате пред ниедна партија, одговарате пред граѓаните и државата.

Што се бара од нас драги колеги. Се бараат многу едноставни работи. Она со што добивме кандидатски статус да добиеме влез во НАТО, а тоа е привршување на рамковниот договор, затворање на започнатите суски реформи, конечно комплетирање на судскиот совет и донесување закон за јавни обвинители.

За квалитетен придонес во донесување на сите потребни закони кои се бараат едноставно од нас.

Друг чинител кој во изминатиот период, политички чинител кој има влијание на овие процеси, тоа се политичките партии, односно лидерите. За жал овде во Собранието во овој момент гледам само еден претставник од нив, другите не ги гледам.

Големината на вашите политички парти драги лидери не е во големината по бројот на вашите членови, туку по оние кои го дадоа вашиот глас, веруваа на она што го ветивте на изборите. А, да ве потсетам. Сите ветивте дека ќе се борите за влез на Република Македонија во НАТО.

И да ве потсетам уште еднаш и денеска 93% од граѓаните се определија Република Македонија да ја видат во НАТО.

Почитувани лидери Република Македонија е биде во НАТО ако и само ако вие успеете да ги исполните предусловите за тоа што го бараат од нас сите наши пријатели и поддржувачи.

Господа лидери на сите им е веќе јасно за исполнување на политичките критериуми или елементарно минимално поседување и практикување на политичка култура и дијалог исклучиво сте одговорни вие. Зошто, заради кого. Како се најдовме овде и каде сме сега во моментот веќе и воопшто нема важност и нема потреба од барање на виновници. Сега, единствено е важно дека пораките кои ни ги упатуваат од надвор меѓу другото ни кажуваат дури и како да не сакаме да влеземе во НАТО. Ова е опасна работа која се појавува во последно време, меѓутоа мислам дека сите во Република Македонија знаат дека ова не сакање исклучиво се однесува на некој од вас, и на вас лидерите и дека сте вие одговорни за тоа, а не граѓаните кои се изјаснија за НАТО. Меѓутоа не е грев и за осуда ако некој има против Република Македонија да биде членка во НАТО, но добро е ова јасно да го искажат и да не се сокриваат и се разбира да не не опструираат, за тоа што сите други сакаме тоа да се случи.

Во интерес на граѓаните, во интерес на Република Македонија господа лидери седнете заедно, синхронизирајте се, здружете се околу една единствена цел. Надминете ги недоразбирањата, потрудете се да имате заеднички изјави. Заборавете ги сите провокации и ослободете се од сите лоши мисли.

Времето кое е пред вас вие ја имате најголемата одговорост во Република Македонија. Одговорноста ви е заедничка, но и дејствувањето треба да ви биде заедничко и затоа нека ова време имаме што помалку партиски без вредни стресови, партиски изјави, смирете ги вашите гласоговорници и јуришници, дисциплинирајте ги сите кои брзо и лесно губат контрола. Овие елементи со сигурност ќе бидат вовед дека можете сите заедно во Република Македонија да се следите барем малку подолгорочно, политичка

стабилност која е неопходен услов за регионална стабилност, за регионална соработка и потребен и нужен стандард или политичка субстанца за НАТО.

Овие наведени работи сигурно и Владта на Република Македонија за тоа што задолжително ќе мора да обезбеди адекватни услови.

Посебен политички чинител во ова е премиеот на Република Македонија, почитуваниот господин премиер Груевски. Неговиот чекор треба да биде прв и најважен односно он е прв на потег особено што како прв, како премиер има нејголема одговорност и обврска да воспостави неопходен политички дијалог, но и кохабитација. Кохабитацијата како со претседателот на Република Македонија, така и кохабитација со сите градоначалници од опозицијата со кои заедно ќе треба најитно, целисходно да го спроведе законот за полиција на целата територија на Република Македонија.

За сите работи кој ќе посгитне договор македонската јавност со внимание ќе го исклуша и се надевам ќе верува. Но, дури ова не го направи и не ја манифестира нашата и вашата желба не оставајте можност за сомнеж господине премиер кај граѓаните на Република Македонија. Дајте и на меѓународната и на нашата политичка јавност резултати од кохабитацијата од кои сите граѓани на Република Македонија ќе имаат корист.

Почитуван господине премиер, вам и на Владата на Република Македонија и останува најтешката и најголемата обврска воедно и задолжение. Покрај реализација на мајскиот договор или завршување на Рамковниот договор треба да подготвите нацрт закон за јазиците, што е обврска за НАТО и треба да подготвите предлог за ресоцијализација на сите у чесници од конфликтот од 2001 година.

Доколку ова најпрво сепак и како што личи договорено и се заедно го направите во вашата коалиција во тој случај верувајте дека другите политички субјекти во Република Македонија ќе ги прифатат вашите договорени работи.

Почитуван премиер она што не треба да го направиме повеќе пати ни е посочено и не претставува испоставен раце, тоа претставува наш долг за да ги реализираме состојбите и ја добиеме правата Агенда за НАТО. Од овие работи нема бегање затоа што датумот е дефиниран, тоа е 3 април. Премиерот мора работите да ги дефинира и заврши до 15 јануари кога треба во Брисел да даде извештај. Не може заради нас, Република Македонија да се направи одлагање на самитот на НАТО во Букурешт.

Почитувани граѓани, колеги пратеници, НАТО за нас е процес за демократизација, стремеж, стабилност НАТО е наша стратешка определба и историска шанса. НАТО ке биде наша сигурност и гаранција и отворена врата за влез во Европа. Ова го кажа и господинот преседател на Собранието на НАТО.

Без разлика на тоа какви сме, без разлика на тоа колкаво е нивото на постигнатите реформи во сие области на живеење, а кои се далеку и под сите очекувани резултати и стандарди, ако сме суетни, ако сме со економски раст кој ни од далеку не се чувствува, а со извештајот од Европската комисија кој го нема добиено ниту една земја членка аспирант за влез во НАТО, ако сме со бројка околу 400 илјади невработени, со необележани граници, почитувани граѓани Република Македонија за нас е важен чинител, особено Балканот без Република Македонија нема регионална стабилност. Република Македонија е заокружувањето на јужното крило на НАТО. Но ние мора да дадеме минимум политички субстракт, минимум да покажеме волја дека сакаме да бидеме дел од современите демократи, затоа што НАТО не е само воена, тоа е политичка ориентација, тоа е постигнато ниво и стандард на современа демократија во која се стремиме да влеземе.

Исполнувањето на политичките критериуми што се бараат од НАТО исклучиво наша домашна обврска и задача, а не работа која треба или мора, може некој друг да ја заврши. Ова се наши проблеми кои без НАТО треба што побрзо и што поквалитетно да ги решиме. Неопходно е за сите учесници во овој процес и нивото на извршените работи да биде со што поголем квалитет.

Можеби за малкумина во Македонија постои друга алтернатива, но за најголемиот број граѓани во Република Македонија и Република Македонија во моментот не постои друга опција освен НАТО. За да донаправиме ова предлагам да направиме агенда со овие 8 точки кои ќе ги оставам отворени за да низ расправа допрецизираме, додефинираме што е она што реално ние мора да го завршиме, да го сработиме и на тој начин пред нашата свест и совест да кажеме да ние успеавме да ја завршиме работата.

Можам и сега да ви предложам заклучок, но ќе бидам доволоно отворен да ги сослушам вашите говори, вашите настојувања и се надевам дека ќе успееме да се сплотиме во оваа заедничка цел утре пред крај, покрај оваа резолуција која ја предложи господинот Тито Петковски да направиме агенда со која ќе ги завршиме на време сите овие отворени прашања наопходни во решавањето на нашите проблеми, но исполнување на нашите стандарди во НАТО. НАТО очекува од нас да пружиме минимум добра волја, и минимум политички свест на оваа волја изразен преку политичката стабилност и она што се бара. Се надевам дека утре ќе дојдеме до решение. Ви благодарам на сите.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Оровчанец.

Реплика има Јагнула Куновска, повелете.

**Јагнула Куновска:** Јас прво ќе кажам дека говорот на колегата пратеник ми прозвучи како да е тој од некаде дојден, а да не е од нас сите кои што сме во Парламентот, бидејќи се обраќаше на другите, а никако и на себе или општо, под што би се подразбало дека и тој спаѓа тука меѓу сите нас и сите оние на кои што својот говор го упери.

Прво, во првиот дел ми прозвучи како интерпелација за претседателот на Собранието, а потоа во делот кога се обрати на премиерот со делење на лекции, се разбира ги сфаќам како добронамерни, но ме чуди што доволно време, употреби зборови, критики на сите лидери на политичките партии, а себе не знам дали се смета за лидер на политичка партија, колку што знам јас и тој е лидер.

Агендата која што прозвучи во неговиот говор и која што сите ние имаме намера да ја донесеме и не би имало цел да дискутираме ако нешто како заклучок немаме, агенда која што ќе ја верифицираме беше упатена и на нас парламентарците сите, но не и на него. Мислам дека тоа не е фер. Зборовите до кога вака, зошто и дали може поинаку тоа треба да не се поставува. Ние треба да видиме конкретно што и како за да не биде поинаку, за да биде поинаку, дури да се рече ова е последна шанса за Македонија, звучи и невкусно, доколку не се каже навистина зошто е последна шанса, а јас велам не е и доколку тврди дека е последна шанса што треба луѓе да се стори за да не биде последна шанса. Многу е лесно ние да велиме треба компромис, треба консензуален приод, треба доследен начин, треба, неопходно е, што поскоро, поголем квалитет. Па, ние страдаме од вакви паушални изјави и затоа нас Парламентот ни е во застој. Затоа што вакви реторики нас не не водат напред. Со вакви реторики ние не можеме да ја убедиме Европа дека се спремаме да бидеме нејзина членка. Затоа јас добронамерно сфаќајќи ја неговата критика, како што рече утре ќе се доискаже чекам колегата пратеник како лидер на една политичка партија и претендира на сериозна и како што вели алтернатива некоја што можеби ќе ја предложи навистина да биде поконцизен. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Куновска.

Контра реплика има господино Ѓорѓи Оровчанец, повелете.

**Ѓорѓи Оровчанец:** Не сакам ова да се свати како контра реплика, очигледно интенциите се исти и мои и на госпоѓата Куновска, јас не мислев да се издвојувам, јас она што го барав, јас себе се нудам во таа агенда. Според тоа агендата низ текстот е дефинирана и можете да ги препознаете сите осум точки, меѓутоа, оставам доволно простор во еден демократски процес, со други видувања уште некој да каже, дали има некој недостаток во таа агенда или треба уште нешто да се направи. Во секој случај, доколку и вие ја искажете агендата верувајте дека ќе ви одговорам дека е таа правилна агенда, или ако имам забелешка ќе ви кажам дека таа агенда не е. Меѓутоа, дека е последна шанса, јас сум убеден дека е последна шанса, ваква шанса следните десет години Република Македонија нема да има. Благодсарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Оровчанец.

Има збор господинот Влатко Ѓорчев, повелете.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван потпретседателе, почитувани членови на Владата, почитувани парламентарци и гости,

По две години е по добивањето на статусот земја кандидат за членство во Европската унија на нашата земја денес зборуваме за вториот извештај, за постигнатиот напредок кој пред речиси десетина дена ни го испорача Европската комисија. Јас тука особено би подвлекол еден момент, а тоа е дека до сега зборувавме за европско партнерство, а сега за пристапно партнерство. Значи, уште еднаш, до сега бевме дел од Европското партнерство, а веќе одиме чекор понатаму кон пристапното партнерство.

Каква слика дава извештајот?

Тој дава веродостојна слика за состојбите во Република Македонија. Тој е точен, детален и исцрпен. Иако во изминатите денови беше многу зборувано и беше многу кажувано за овој извештај јас би сакал да тргнам од забелешките дека се работи според некој за втор негативен извештај за оваа Влада.

Не е така. Користењето на позитивен или негативен извештај и таквата терминологија е едноставно погрешен. Извештајот на Европската комисија во ниту еден момент, во ниту еден случај не треба да го анализираме низ призмата на ваквата терминологија што како точна слика и ренгенска слика за состојбите во Македонското општество и во делот на политиката и во делот на економијата и во сите оние поглавја за кои што се зборува. Значи, целта на Европската комисија не е извештајот самиот по себе да дава позитивни или негативни оценки, туку напротив да потенцира, да издвои, да нотира каде и во која мерка Република Македонија постигнала напредок во анализираниот период.

Целта не е да се бара виновникот, туку да се насочат сите расположиви сили на оваа држава за исполнување на оние критериуми каде е забележан послаб прогрес. Значи, во овој извештај имаме области во кои што имаме забележан прогрес и области во кои имаме недоволен прогрес.

Почитувани, иако оваа Влада и оваа гарнитура континуирано говореше и повторува дека политиката на Европската унија не треба да сфати како политика на барање на виновници, туку главен патоказ во изнаоѓањето на решенија, јас во овој момент би се навратил делумно на извештајот во 2006 година.

Значи, и претходниот извештај се однесуваше осум месеци на претходната Влада и два месеци на оваа Влада. Овој извештај се однесува исклучиво на работењето на оваа Влада. Значи, дел од 2006 година имавме мал застој во реформите, затоа што поради изборните активности на поединци дел од реформите беа оставени да се движат според инерцијата. Во 2006 година не беа донесени околу 85 правни акти, не само закони туку и одлуки, уредби, и слично. Дали генерално имаме опструкции, дали имаме блокирање на реформите, дали имаме

бавно движење. Да, имаме и тоа треба сите заеднички, критички да го погледаме, затоа што нашиот резултат е резултат на сите.

Сметам, доколку овој Парламент поревносно, побрзо и понавремено ги усвојуваше законите кои доаѓаат како подготвени закони од Владата на Република Македонија, денес ќе имавме подобар извештај, ќе имавме подобри оценки, ќе имаме повеќе работи и закони кои сме ги усогласиле со Европската унија. Наместо тоа ние понекогаш имавме отворена желба за политичка опструкција и ситуација на блокирање на законодавниот дом.

Во моментот Собранието доцни со донесувањето на 42 закони со предзнак на Европската унија, кои според Националната програма за опстојување на правото на Европската унија се предвидува да бидат донесени до крајот на 2008 година.

Од вкупно 154 планирани закони за 2007 година, 112 се објавени во "Службен весник", а другите 32 токму од ова Собрание и од неговата инертност и блокада која ја имаме, чекаат да бидат усвоени.

Што е тоа што ни треба за промена на состојбите во нашето Собрание. Ни треба истото она што го направи Словенија кога се приближуваше до Европската унија, Бугарија, Полска, Чешка, Словачка и други земји, а тоа е ефикасен законодавен дом, пократки дискусии, избегнување на вечните дискусии, повеќе меѓупартиска политика и секаква социјална кохезија, едноставно побрза легислатива. Значи, аналогно, Собранието на Република Македонија треба да донесе Деловник кој ќе биде онаков каков што е предложен, каков што го состави Љупчо Јордановски, како што напишале во Словенија, како што во Словенија го препишале од Германскиот Бундестаг. Ефикасно Собрание ќе значи и ефикасни институции. Тоа е чекорот што треба заеднички да го направиме.

Имаме напредок во децентријализацијата, во борбата против корупцијата, во економијата. Имаме проблеми со невработеноста, имаме работи кои треба да ги завршиме, а кои се поврзани со судските реформи.

Кога доаѓаме до економијата, мислам дека доаѓаме и до клучното прашање, а тоа е дека за прв пат имаме сериозна посветеност на решавањето на економските прашања. Кога зборуваме за нив, зборуваме за нешто што е најважно, за 90% македонски граѓани. Погледнете ја секоја анкета, разговарајте со луѓето на улица, за што најповеќе ви се обраќаат. Луѓето најмногу се обраќаат за прашањата кои се поврзани со вработеноста односно невработеноста, економските прашања, нискиот животен стандард и социјалните проблеми. Каде е решението? Решението е во економијата, решението е во економскиот раст, во подобра бизнис клима која ја констатираат и најугледните светски списанија и светски институции.

Претпоставувам многумина ќе се запрашаат, што е со политичките критериуми. Да, апсолутно стои предизвикот и обврската да ги завршиме политичките критериуми. Но, имаше и периоди кога добивавме одлични оценки за политичките критериуми, но граѓаните најмногу беа разочарани во она што им е најважно, а тоа се прашањата поврзани со економијата и животниот стандард. Значи сите сме потполно свесни дека развојот на економијата не може да претставува решение за сите останати проблеми кои се наталожени во македонското општество, но во секој случај добар почеток и соочување со проблемите што се најприсутни и најважни за нашите граѓани.

Јас ќе одам дел по дел со работите кои се содржани во Извештајот.

Значи во демократијата и владеење на правото имаме значителни придвижувања напред. Го редуциравме она што е поврзано со белото робје, со трговијата на луѓе и мислам дека акциите на Министерството за внатрешни работи навистина наоѓаат на одобрување и од НАТО и од американските партнери и од Европската унија.

Во човековите права и заштитата на малцинствата, мислам дека за прв пат немаме посериозни забелешки. Република Македонија во тој дел навистина направи значајни чекори и се констатира дека сме функционална мултиетничка демократија.

Ако лично ме прашувате каде треба нешто повеќе да направиме, тоа е во сите сегменти, но особено во еден сегмент кој се однесува на ромската популација. Мислам дека предизвикот и социјалната слика која ја имаме кај Ромите, но исто така повремено и институции кои се некоректни спрема овој сегмент од нашите граѓани, треба многу повеќе да направиме и како институции и како Парламент и како држава.

Понатаму имаме во делот на постоење на функционална пазарна економија.

Во Македонија, според сите извештаи, економската слобода се зголемува. Имаме подобрен кредитен рејтинг. Значи навистина имаме ситуација која постепено се подобрува. Способност за справување со притисокот на конкуренцијата и со пазарните сили во Унијата. Тука треба да направиме повеќе затоа што и оние инвестиции кои ги добиваме резултираат со поголем дефицит. Ако зборуваме за примери, можеме да зборуваме на пример за Џонсон Контролс. Одлично е, добро е, имаме нова инвестиција во Република Македонија, но опремата која ќе биде набавена за таа фабрика во целост ќе биде увезена затоа што знаеме дека во Република Македонија не може да се набави таква опрема.

Ако зборуваме за слободното движење на стоки, слободно движење на работници, право на основање и слобода на давање на услуги, слободно движење на капитал, исто така имаме напредок.

Во делот на јавните набавки донесовме закон кој е во согласност со Европската унија, закон кој со денови беше кочен, но сепак донесен во ова Собрание.

Во делот на конкуренцијата имаме исчекор. Конкретно, мислам најопипливо за граѓаните и најпластично објаснето е преку мобилната телефонија. Наназад неколку години беше стимулирано да имаме дуопол, иако нашите закони дозволуваат да имаме влез на трет мобилен оператор. Тоа не се случи во изминатите години и во 2004 година кога требаше. Се случи во 2007 година. Паднаа цените на телефонските услуги. Имаме и втор фиксен оператор што ќе доведе и до подобри услуги и до поголема конкуренција.

Финансиски услуги. Имаме исчекор напред. Свесен дека сме далеку од земјите на Централна и Источна Европа, но правиме нешто што во Република Македонија до сега го немавме. Влегоа старанските банки, Сиете женерал е веќе тука, повеќе други странски банки се заинтересирани да влегуваат. Македонската берза заживува, имаме зголемено тргување.

Имаме значителен напредок и во безготовинското плаќање преку кредитните картички и сите оние други форми кои беа стимулирани од Министерството за финансии.

Во делот на информатичкото општество и медиумите, исто така имаме напредок односно Република Македонија забрзано се информатизира. Во корикулумот односно во наставните програми и во основното и во средното образование, ќе имаме зголемен број на часови, а ако веќе зборуваме за интернатизацијата, не може а да не ја погледнеме сликата пред две години. Пред две години од Македонија беше полошо само Албанија, според интернетизацијата. Сега имаме напредок, иако незначителен, но сепак одиме нагоре по таа скала. Во меѓувреме подобри сме од Босна и Херцеговина, од Црна Гора, од Србија од Молдавија, од Азербејџан, од Ерменија. Значи сепак одиме напред. Референтната листа не е којзнае каква, но пред две години овие земји беа пред нас.

Во информатичката технологија исто така би кажал дека се инсталираат 50 илјади компјутери кои треба да ја зголемат компјутерската пенетрација во нашето образование.

Во делот на земјоделството, имаме исто така усогласување, повлекување на повеќе средства и поголеми субвенции од страна на Владата.

Во делот на сообраќајната политика, во март оваа година ќе имаме завршување на скопската заобиколница, интензивно се гради завршување на Коридорот -8 односно потегот јужно од Неготино кон грчката граница.

Во делот на оданочувањето имаме многу поголемо собирање на нашите даноци, намалени даноци за поголема конкурентност, економска и монетарна политика.

Во вработувањето и социјалната политика треба да направиме повеќе.

Имавме отворање на некои заостанати рудници, како што беа Тораница и Злетово. Понатаму Саса, иако беше отворена пред една година, дополнително вработува нови луѓе.

Во образованието и културата имаме повеќе средства кои се доделени итн.

Јас навистина имам уште многу работи што би сакал да ги спомнам, но времето е толкаво и времето е ограничено.

Што е тоа што сакам да го кажам? Тоа е дека македонското општество, оваа држава, сеуште е земја со многу проблеми, сеуште е земја која има предизвици. Далеку од тоа сме да ги решиме проблемите. Далеку од тоа сме да ги исполниме сите ветувања. Но, економскиот раст е поголем и започнува подобрувањето на состојбите во нашата држава, малку од малку, не онолку колку што сите посакуваме, не онолклу колку што нашите граѓани сакаат да бидат, но сепак нашите економски индикатори, нашите вкупни индикатори не одат надолу, бавно се придвижуваат напред. Во Република Македонија ги гледаме истите процеси. Конечно после 17 години транзиција ги гледаме сличните процеси кои пред 10 години се случуваа во Чешка, Полска, Литванија и Естонија, пред пет години во Бугарија и Романија. Конечно се случуваат во Република Македонија.

Уште еднаш, Извештајот на Европската комисија е точен, реален, детален и исцрпен. Тој ни дава можности. Досега зборувавме за европско партнерство, сега имаме пристапно партнерство. Можностите се тука пред нас. Тоа ќе биде успех на сите граѓани на Република Македонија. Потфрлувањата и неуспесите исто така ќе бидат потфрлувања на сите. Имаме придвижување, имаме напредок. Мислам дека со заедничка сила, со социјална кохезија, со политички дијалог, со заедничка посветеност можеме да направиме и повеќе. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ѓорчев.

Три минути реплика за господинот Влатко Серафимов, повелете.

**Влатко Серафимов:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги, почитувани членови на Владата,

Господине Ѓорчев, на почетокот од вашето излагање почнавте со Извештајот за работа во 2007 година. Се вративте за напредокот на Република Македонија во 2006 година. Не знам, ако вашиот говор беше подготвен во некоја европска канцеларија, повеќе ми личеше дека Република Македонија е Шведска отколку Република Македонија. Требаше да се осврнете на напредокот што го има постигнато Република Македонија во 2007 година, а за каков напредок станува збор, сите во Република Македонија знаат освен вие и вашиот премиер.

Господине Ѓорчев, рековте дека имаме застој околу донесувањето на уредбите. Уредби носи Владата не Собранието на Република Македонија.

За време на викендот слушнавме многу изјави од премиерот на Република Македонија околу законот за пензионерите. Амандманот знаете кога

го добивме ние? Во петок. Кога да заседава Собранието, кога да соопштиме на пензионерите каков став ќе имаме за тоа. Тоа е напредок? Со таков напредок само не враЌате назад.

Во Собранието на Република Македонија имаме 111 недовршени точки. Од тие 65 се закони, 25 се закони со знакот на Европската унија. Тоа е вистината за работата на ова парламентарно Собрание, а не да кажувате и да спомнувате 135 закони, па опозицијата е главниот кочничар за реформите во Република Македонија.

За Деловникот што спомнувате ограничување ов Чешка, во Чешка нема ограничување на дискусиите.

Бизнис клима. Зарем бизнис клима во Република Македонија ќе создадете со господинот Ташковиќ, со најкорумпираниот човек во Република Македонија. Таква бизнис клима ги одвраќа и луѓето кои сакаат да инвестираат во Република Македонија.

Спомнавте Џонсон Контролс, ги спомнавте рудниците за олово и цинк во Република Македонија. Мислам дека сеуште се сеќавате дека тие беа дел на претходната Влада, а оваа Влада нема ниту една конкретна инвестиција во Република Македонија. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минута контра реплика за господинот Ѓорчев.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам.

Апсолутно сум свесен, господине Серафимов, дека Република Македонија е далеку од Шведска, Норвешка или Холандија, затоа што додека развиениот свет одеше напред, ние се занимававме со заблудите и промашените идеи, во бесконечна транзиција каде имавме акумулација на капиталот, а не една успешна тредиција која ќе резултираше со успешна европска земја. За жал Република Македонија во транзицијата ги пропушти тие можности и македонските граѓани многу добро знаат кој ги пропушти таквите можности. Но, не може да се демантира. Далеку дека сакаме да кажеме дека се е розево, дека во текот на оваа една година имаме трет мобилен оператор, дека имаме нови странски банки кои влегуваат тука, дека имаме колку - толку подобрена состојба во земјоделието, дека Џонсон Мети од март ќе гради нова фабрика, дека фабриката Џонсон Контролс се довршува, отворање на Тораница и многу други работи кои се позитивни. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Три минути реплика за госпоѓа Зумрете Јакупи, повелете.

**Зумрете Јакупи:** Благодарам.

Господине Влатко Ѓорчев, вие во вашето излагање меѓу другото кажавте дека вината е кај опозицијата која ги блокира законите. Јас мислам дека блокирањето на закони го врши самиот предлагач на овие закони од причина што за предложените закони немаше никаков договор, а се знае дека со договор се гради куќа. Освен тоа тие закони беа донесени на нетранспарентен начин и беа донесени без политички консензус. Освен тоа овде не се зема предвид Охридскиот рамковен договор. Се прекрши и овој договор и се наруши дури и Уставот. Не се почитуваа правилата за транспарентност. Типичен пример е Законот за полиција каде имавме максимални заложби да се освести Владата, но немавме успех во тоа поради тврдоглавоста и пристрасноста од ваша страна.

Исто така и со Законот со радио дифузија каде се предизвика едно игнорирање кон нас и немавме успех со нашите забелешки и поради тоа се случи и нашето апстинирање од работата во Собранието. Значи вината немојте да ја барате кај опозицијата туку вината е во вашите редови. Вие добро знаете дека ставот на меѓународната заедница е јасен и дециден. Европската унија и НАТО нагласија дека реформите на политичкиот систем имаат застој. За тоа вината е кај актуелната влада. Никако вината немојте да ја барате на друго место. Благодарам.

**Бесим Догани:** Една минута реплика за господинот Влатко Ѓорчев.

**Влатко Ѓорчев:** Благодарам госпоѓо Јакупи.

Се согласувам со вас, навистина треба повеќе да комуницираме, да имаме поголем и посеопфатен дијалог затоа што прашањата кои се отворени помеѓу сите политички партии, позиција - опозиција, Македонци-Албанци, мали партии - големи партии и слично, треба да ги решаваме на ова место.

Јас би сакал една работа да упатам и мислам дека ќе се согласиме со тоа, а тоа е дека во секој случај не ни е сеедно како Република Македонија ќе изгледа, независно од тоа кој кога и како ќе дојде на власт, затоа што сигурно ВМРО-ДПМНЕ и ДПА еден ден ќе си заминат од власт. Оној кој ќе не замени, сигурно ќе бидат СДСМ и ДУИ. Значи еден ден сигурно ќе бидеме заменети од СДСМ и од ДУИ. Во ваш и во наш заеднички интерес е Република Македонија тогаш да биде подобра и да биде поблиска до Европската унија.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Ѓорчев.

За процедурално се јави вицепремиерката Коневска-Трајковска, повелете.

(Реакција на пратениците од опозицијата)

Секој учесник во процедурата на Парламентот има право на процедурално, повелете.

**Габриела Коневска-Трајковска:** Ви благодарам потпретседателе,

Јас би сакала да ви укажам дека...

(Реакција од пратеници)

**Бесим Догани:** Ве молам немојте самоволно да попувате. Ве молам господине Кондарко, немојте од место пријавете се редовно ќе земете збор кажете што имате да кажете. Сега има три минути за процедурално госпоѓо Коневска.

**Габриела Коневска-Трајковска:** Јас потпретседателе би била и покуса и благодарам за просторот кој што ми го оставивте, се надевам

дека и колегите од опозицијата ќе го земат за релевантен.

Имено, ова е една забелешка која што е повеќе од технички карактер, а ќе не доведе и до суштината на она што треба да го направиме до крајот на оваа седница. Тоа значи, ве молам, сите оние кои говорат по прашања кои се поврзани со европската интеграција и НАТО да го користат речникот на достоинството и да не создаваме нетрпеливост на прашања кои што воопшто не заслужуваат еден таков карактер. На тој начин не треба ни самите да се омаловажуваме, ниту пратеничката група која што ја претставуваме. Верувајте дека на слика се ставени на опсервација сите оние кои го користат речникот кој не соодветствува со реториката на Европската унија и на НАТО.

Користете го принципот на аргументи, но немојте, ве молам, прашања кои не се од...

(Реакција од опозицијата)

Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Бидејќи има повеќе пријавени би сакал да знам дали од пријавените е некој за процедурално.

Процедурално има господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Ви благодарам.

Јас не знам врз основа на кој член претставникот на Владата зема збор процедурално. Колку што ми е познат Деловникот за работа на Собранието претставниците на Владата, министрите и премиерот имаат право да земат збор кога сакаат, меѓутоа не и процедурално. Има право на реплика, има право да земе збор, да говори за предложените закони, но не на овој начин како што госпоѓа Габриела се стави во улога на педагог.

Сигурно слабостите на Владата и нејзините слабости што ги покрива всушност ресорот што го покрива сака да ги задскрие со тоа што ја обвинува опозицијата за тоа дека требало да употребува малку подобар речник на Европската унија. Таа работа треба да ја направите вие Владата, а немојте да се грижите затоа што опозицијата знае што треба да говори. Благодарам.

**Бесим Догани:** Господине Алити јас укажав пред малку дека никаде во Деловникот не пишува дека министер не може да бара процедурално.

Секој што има право на процедурално има право и на процедурата да се жали.

Повелете господине Сафет Незири, имате збор.

**Сафет Незири:** Почитувани колеги пратеници,

Ова е веќе втор Извештај на Европската комисија во однос на напредокот на Република Македонија во исполнување на условите и критериумите според барањето на Европската комисија, а во целост и на Европската унија...

**Бесим Догани:** Се извинувам има реакции, пратениците од пратеничката група на ДУИ не го прифаќаат договорот, за нив нема ограничувања на времето.

Се извинувам господине Незири за прекинот, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам.

Врз основа на овој Извештај во суштина како и минатиот Извештај овогодишниот Извештај горе долу има заеднички точки во однос на напредокот односно ненапредокот на Република Македонија во насока на исполнување на критериумите и клучните услови кои Република Македонија ќе добие што побрзо датум за да отпочне преговори за да се зачлени во големото европско семејство и тоа што побрзо.

Но, Република Македонија, а посебно парламентарното мнозинство и актуелната Влада која е управувана од Никола Груевски горе долу на несериозен начин се труди и со разновидни перипетии настојува сите совети, забелешки, сугестии кои се проследуваат од европските институции ги прифаќа несериозно, да не речам смешно и само по себе ги имаме овие информации односно овој актуелен Извештај.

Можам да кажам дека Извештајот на Европската комисија е добро дефиниран, доста концизен, дециден, детален и сериозен, добронамерен во кој еднаш засекогаш преку него да се освестиме за нашата опозиција, за нашите натамошни чекори како Република Македонија да ја водиме по правилен пат во големото европско семејство. Се поставува прашањето како ќе бидеме во состојба да ги пребродиме овие перипетии и пречки. Се е јасно и разбирливо доколку Владата и парламентарното мнозинство немаат сознанија во неколку области за кои е потребно некој да не советува и поучи. Со наши заеднички сили да ги надминеме и да одиеме кон подобар пат. Најлошото е тоа и индикативно што клучните цели и препреки не само како внатрешна јавност во Република Македонија, туку советувани и од меѓународниот претставник во Република Македонија дека треба да се надминат со едно разбирање, со политички дијалог и голема политичка одговорност. Но, пречките се големи и од ден на ден почитувани колеги, актуелната Влада не се труди и не изнаоѓа методологија и облик овие пречки и овие проблеми да ги надмине на човечки начин, политички, демократски.

Јас ќе се сконцентрирам на Извештајот на Европската комисија во 4 сегменти или поглавја и тоа на политичките критериуми, јавната администрација, судскиот систем, правата на човекот и етничките заедници не мнозински во Република Македонија и некои секундарни сегменти во однос на инвестициите и економијата во Република Македонија.

Според читањето на Извештајот на Европската комисија на многу места се укажува не само на Владата на Република Македонија, туку во целина на Република Македонија како држава дека клучен елемент кој генерира криза и нестабилност е реализирањето, остварувањето,

спроведувањето во пракса на Охридскиот рамковен договор.

Клучен политички критериум на Охридскиот договор е значаен сегмент во однос на релаксирањето на меѓуетничките и политичките односи. Кога сите ние сме сведоци кога на 13 август 2001 година политичките челници од тоа време на чело со Претседателот на Република Македонија господинот Трајковски и претседателите на политичките партии од тоа време зедоа политичка и државна одговорност да потпишат еден договор кој ќе ги уреди меѓуетничките, политичките и општествените односи во Република Македонија.

Еве да речеме дека актуелната Влада е сега за сега актуелна. Но, како што одат работите се оди во една насока да се надминат одлуките од Охридскиот рамковен договор што претставува фундаментална сомнеж кај граѓаните на Република Македонија, кај албанската етничка заедница и другите етнички заедници кои се опфатени со Охридскиот договор за реализирање на нивните права етнички, но пред се граѓаниски во Република Македонија.

Овој начин на застој на напредокот на спроведување во пракса на Охридскиот договор и комплетирањето во целост на Охридскиот договор, почитувани колеги, не води директно во дестабилизација на меѓуетничките односи во Република Македонија, политичка дестабилност во Република Македонија, во пречките на странски инвестиции во Република Македонија затоа што Република Македонија се дефинира како нестабилна држава што се предвидува со овој Извештај на Европската комисија.

Ме чуди нешто госпоѓо министер, бидејќи сте вие непосредно вклучени за да се анализира овој Извештај на Европската комисија, но овде има и други членови од Кабинетот на Никола Груевски. Бидејќи одговорноста е ваша како владин кабинет каков модел и какви есенцијални модели предвидувате во иднина за да се надминат овие проблеми со кои се соочуваат не опозициските партии и позицијата во Парламентот, туку се соочуваат граѓаните на Република Македонија. Се соочува целиот правен и политички систем. Се нарушуваат политичките односи. Бидејќи имате одговорност во моментот да ги надминете овие нешта, како мислите да не го реализирате ни спроведете ниту еден совет на ниту една институција на Европската унија и надвор од Европа. Како ја замислувате иднината на Република Македонија?

Излегов да ви кажам колку ја сакам Република Македонија, дали да бидам поголем патриот со тоа што ја сакам Република Македонија од вас, а вие да бидете поголемиот патриот од мене или дека ја сакате повеќе Македонија од мене? Мислам дека Република Македонија со заеднички сили да ја водиме напред, но клучната пречка, почитувани министри произлегува од премиерот. Не случајно нашите стари велат “рибата смрди од главата, а не од опашката”.

Клучен елемент во оваа насока кој се спомнува во овој Извештај се меѓуетничките односи како и мајскиот договор Ахмети-Груевски. Од страна на Владата се говори за поинаква верзија. Од страна на политичките партии од опозиција се говори за друга верзија. Не сакам да судам која е вистината, а која не е. Секогаш за да се констатира вистината секогаш третиот ја дава вистинската опција. Бидејќи опозицијата лаже, тогаш ставовите на Европската комисија во оваа насока за утврдување на клучните точки на овој договор велат дека е еден од клучните услови за спроведување на мајскиот договор Ахмети - Груевски.

Госпоѓо министер и госпoда министри кои се присутни, бегање од оваа работа нема. Задоцнување да, но спас не. Се додека вие ја држите Македонија во заложништво за еден ваш нарцисоизам или суета или ваш личен политички рејтин, ќе страдаат граѓаните на Република Македонија, ова го велам, за жал.

Еден од клучните елементи на мајскиот договор е донесувањето на законот за јазиците. Добро знаеме дека е дел и од Охридскиот договор и од мајскиот договор. Значи, треба да се имплементира и вгради во нашето законодавство. Не знам до сега дали е изигрувана јавноста од страна на Владата, како во однос на јазиците така и на поранешните припадници на ОНА. Како ќе ја образложите вие сега вашата позиција во насока на советите кои се даваат од Европската комисија и од овој Извештај од Европската комисија. Ако сакаме да се зачлениме во Европа или пак да одиме во Африка. Мислам дека треба да се изнајде еден начин на ваша политичка флексибилност со што ќе укажете еден вид толерантност во релаксирање на меѓуетничките односи преку донесување на законот за јазиците не само за албанскиот јазик туку законот за јазиците. Кога еден народ со мнозинство прифаќа еден јазик на друг народ, верувајте ми ќе се создадат флексибилни и релаксирани меѓуетнички односи во таа држава. Се додека еден народ мнозински му го оспорува на друг немнозински народ јазикот, културата, традицијата итн, овие се клучни елементи, верувајте ми дека никогаш нема да има спокојство во таа држава. Повторно во целост одговорноста е во парламентарното мнозинство и вие како Влада, говорам и ние имаме одговорност, но опозицијата има помала одговорност.

Вториот сегмент на мајскиот договор се предвидува да се уреди статусот на поранешните борци на ОНА односно од конфликтот од 2001 година. Јас сосема ве разбирам, се плашите од јавноста, се плашите од вашето гласачко тело, се плашите дека ке ви падне рејтингот. Но, нешто да ви биде јасно, доколку сакаме стабилна правна држава и политичка, но и општествена треба неопходно да се ресоцијализира на поранешните борци на ОНА нивно вработување и враќањето на заемната доверба кај овие поранешни борци на ОНА со што и тие да ја сметаат Република Македонија како нивна држава. И да не оставиме

простор никому да преземе активности кои ниту вас, ниту нас не ни одговараат и не ни одат во прилог.

Клучен друг елемент во кризните подрачја од 2001 година со тенденција или без тенденција министерот за финансии, Трајко Славески е присутен добро знае министерот колку пати сум интервенирал со амандмани посебно во кризните подрачја во текот на изготвувањето на Буџетот, на пример за 2007 година. Исто така со ребалансот на Буџетот министерот Трајко Славески не најде за сходно во тие подрачја нешто малку да се инвестира. Не предвидува ниту еден денар инвестиции во овие подрачја. Како да ги ревитилизираме тогаш овие луѓе, како да ги вратиме во нормален живот овие граѓани.

Друг елемент е идентификацијата на меѓупартискиот дијалог позиција - опозиција. Според Извештајот од осамостојувањето на Република Македонија од 1990 година од политичкиот плурализам и до денеска дијалогот позиција - опозиција е на најнско можно ниво. Непочитувањето на премиерот кон опозицијата дека како воопшто да не постоиме. Не земајќи ги во предвид нашите предлози, не прифаќајки ниту еден наш предлог закон, прифаќајки малку амандмани преку наши амандмани во однос на некој закон. Кога челникот на оваа Влада кој граѓаните на Република Македонија го сметаат за премиер на оваа држава и прави разлики меѓу своите граѓани, а јасно и јас сум граѓанин и сите пратеници сме граѓани, тогаш тешко нам што ќе ни се случи. Се носат закони од ова актуелно мнозинство, од Владата кои се во однос на животните прашања, значајни национални прашања за самата држава.

Одненадеж ни се сервира овде во овој Парламент без консултации на опозицијата за овие прашања. Без да добие мислење и политички став од опозицијата. Ова е еден клучен елемент за исполнување на неколку стандарди за Македонија да се зачлени во ЕУ. Се додека на пристрастен начин вашиот претседател на Влада се однесува на овој начин, неговиот рејтинг и неговата позиција, ако продолжи на овој начин, ќе се урне како кула од хартии, како што се изгради, така и ќе се сруши. Смешно е нели? И, често пати кажуваат досетки претставниците на Европската заедница во нивни прес конференции, со што во Извештајот во однос на кохабитацијата претседател-премиер и навистина ние сме во центарот на исмејувања, можеби и на потценувања, не од ЕУ, туку и од самите грѓани на Република Македонија, со што некому во оваа држава не го интересира за оваа држава. Ние треба да имаме една дистанца и да видиме кој не ја сака оваа држава. Премиерот кој ги има сите сегменти од секојдневниот живот во оваа држава или претседателот на државата, кој своите функции му се ограничени како претседател на државата. Се додека премиерот не го признава претседателот на Република Македонија како претседател, тогаш можеби е еден од клучните сегменти што е и пречка за надворешниот фактор. Секој ќе се сети да се потсмева со нас било политички, но и економски.

Во последно време забележувам во документите или во дневниот информатор, каде што се предвидуваат точки од дневен ред, овде спомна 44, 45 или 48 закони, не се сеќавам, донесени со знаменцето на Европската унија. Не знам, госпоѓо министер, и вие другите членови од Кабинетот на Груевски, дали го гледате дневниот информатор на работата на ова Собрание од 30 закони колку закони се со предзнакот на Европската унија. Дали три, четири или 26, имаме закони со измени и дополнувања кои воопшто немаат врска со нашето членство во Европската унија. Немојте да ја обвинувате само опозицијата, бидејќи опозицијата има обврска да укажува и да дава сугестии за секој предлог-закон. Немојте да ја револтирате опозицијата, бидејќи секогаш во оваа насока се бара нешто да се направи. Но, кое ќе биде ваше образложение, не знам. А, тоа што се носат закони, за жал, да не ги спомнувам “секундарни, второразредни”, законот е во сила и сега ќе донесеме закон само да донесеме закон, не оти нешто работи Владата, измени и дополнувања на некој закон, една реченица или на еден член и еве ќе речеме нешто се работи, а воопшто немаат врска со Европската унија.

Јавната администрација е еден интересен сегмент, вели “напредокот во фискалната децентрализација е позитивен”. Нема да навлезам во овој сегмент, бидејќи не е мој сегмент и не ја познавам оваа проблематика доволно. Се вели дека јавната администрација сигурно дека се работи за државната администрација, е слаба и неефикасна. Реформите во оваа насока воопшто не отпочнаа. Вие ќе кажете дека отпочнавме и работиме, но резултати нема. Јас не гледам резултати и неслучајно Извештајот на Европската комисија укажува во оваа насока. Се додека Извештајот укажува, тогаш таа е, а тие се неутрални и сигурно дека ни ја кажуваат вистината и реалноста.

Отпуштање на луѓе од јавната администрација и управата според политички аршин. Вработувањето на граѓани на работни места според политички аршин. Јас ова не го велам, та ова стои во Извештајот. Речиси немаме стручни вработувања кои одговараат на работното место. Еден, два или 5% тоа не треба да го сметаме. Често пати граЃаните од Република Македонија кои ги познавам или не ги познавам Македонци, Албанци и од другите етнички заедници велат, отворен е конкурс за едно работно место во јавната администрација или во управата, одиме, конкурираме, некој ќе излезе од таа администрација и ќе ни рече, знаете што, ова е само про форма направено, бидејќи луѓето се веќе вработени, пред да се распише конкурсот. Тогаш, ако Владата се занимава со шпекулации и со измами и непочитувања на закони, тогаш што се очекува од другите слоеви од нашето општество во Република Македонија.

Освен ова има и друга забелешка. Отпуштање од работа на граѓани на нетранспарентен начин. Вие добро знаете во вашиот Кабинет имаше 40 или не знам колку во времето на Шекеринска кога беше министер за евроинтеграции, се отпуштија без никакви образложенија. Ова беше лиферирано во нашите медиуми. Какво објаснување имате, нестручност, вработување на политички, партиски лица или нешто друго. Почнувам од врвот на пирамидата, од хиерархијата и одејќи надолу. Отпуштање на луѓе на нетранспарентен начин, без никаква законска поставка. Сега, кога ќе се сетиме и ќе размислиме во однос на овие работи, не се добри и не се во наш прилог. Се спомнува овде во овој Извештај и судскиот систем. Сигурно Извештајот е изготвен пред да се изберат членовите и пред да се комплетира со минус еден Судскиот совет, но ова стои во овој Извештај. Но, не се изнајде модел како мнозинство и еден кандидат да не се надополни Судскиот совет. А, поради теснополитички партиски интереси не го направивте ова. Сега, кога ќе размислиме и ќе направиме анализа често пати го користам зборот “да се видиме себе си во огледало”. Кој е виновен за сето ова? Правата на човекот и немнозинските етнички заедници, се спомнува Охридскиот договор да биде гаранција за заштитата на правата на човекот. Сигурно е во однос на делот на етничките заедници, што значи дека во неколку места се спомнува дека Охридскиот рамковен договор од социјален и економски аспект се спомнува невработеноста дека е голема и воопшто не се забележуваат елементи на ублажување на невработеноста. Функционирањето на пазарното стопанство е слабо, пречки во странските инвестиции има, не имплементација на реформите во полицијата.

Овие се клучните елементи, почитувани колеги, со кои Република Македонија, за жал, се соочува. И не случајно јас ви се обратив како парламентарно мнозинство и како членови на Кабинетот на Груевски, ова прифатете го како критика негативна или позитивна критика. Мојата цел е и ставот на нашата парламентарна група е Република Македонија што побрзо да ја видиме во големото европско семејство. Но, овие се клучните елементи на кои треба да им посветиме значење, не само вие како Влада и не само актуелното мнозинство, но и сите ние кои имаме одговорност, почнувајќи од локалната самоуправа, Парламентот и другите институции во Република Македонија.

Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Пауза до 17,30 часот за координација помеѓу координаторите на пратеничките групи во Охридската сала. Ви благодарам.

(По паузата седницата продолжи со работа во 17,30 часот)

**Бесим Догани:** Ги молам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Почитувани дами и господа пратеници, во координацијата која ја свикав поради најновите збиднувања, т.е. непочитувањето на договорот што го постигнавме утринава, во врска со денешната седница од страна на пратеничката група на ДУИ јас свикав координација. На таа координација беа присутни координаторите на ВМРО-ДПМНЕ,на СДСМ, на ДПА, на НСДП, но пак не беше присутен координаторот на пратеничката група на ДУИ, така да ако не дојде до некоја промена вечерва ќе работиме до 18,00 часот со редовно работно време и неизвесна ќе биде судбината на оваа седница, бидејќи без да се постигне договор со сите пратенички групи очигледно дека нема да ја продолжиме седницата. Ова беше тоа што го разговаравме на последната координација.

Процедурално бара збор господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Благодарам.

До колку сите координатори на парламентарните групи се договориле денеска да работиме до 21,00 часот, така како што мене ми е кажано, јас во дополнителните консултации со мојата парламентарна група се договоривме ние да го почитуваме тој договор, да работиме до 21,00 часот. Така што, велам ќе го почитуваме тојдоговор, а за тоа зоштоне учествуваме на координации ние кажавме на една претходна седница дека не сакаме да учествуваме во координации кои се раководат од претседателот на Собранието, затоа што договорите што ги постигнуваме на тие координации не се почитуваат понатаму на пленарна седница. Тоа е причината зошто не учествуваме на координации кои се одржуваат во Охридска сала. Благодарам.

**Бесим Догани**: Има уште нешто да се објасни.

Договорот беше вечерва да се работи до 21,00 часот, а утре да се работи до 14,00 часот и да се изгласа евентуалната резолуција која би била заедничка за сите, или заклучоци кои би дошле општо прифатени за сите пратенички групи. Друга работа е ако господине Алити, ако се согласувате со ова темпо ќе мора вашите пратеници исто така да се ограничат во нивниот говор по 15 минути и тоа да си го чекаат редот позиција, опозиција. Ако се согласувате со ова тогаш јас би повикал на подршка од Собранието за работа до 21,00 часот. Дали се согласувате.

**Рафис Алити:** Јас реков дека ќе го почитуваме тоа за што сте се договориле вие да се работи до 21,00 часот, да не се гласа.

До колку вие мислите дека треба да се гласа сигурно дека треба да ги повикате пратениците за тоа.

**Бесим Догани**: Се работи за ограничување, позиција, опозиција.

**Рафис Алити:** За времетраењето не сум разговарал со пратениците, дозволете дополнително да се договорам.

**Бесим Догани**: Благодарам.

Продолжуваме со работа како што е.

Реплика има госпоѓа Јагнула Куновска, повелете.

**Јагнула Куновска:** Каде што застанавме да си продолжиме. Претходниот говорник јас го сваќам добронамерно во неговата дискусија сметајки ја сепак лична и теснопартиска како став, што впрочем во сите дискусии наши провејува и добро е личната да провејува и она што како партиски став се зазема како би можеле да разбереме една партија со друга што размислуваме, како и која е релацијата на нашата комуникација.

Но, јас не се сложувам кога пратеникот ја прашува минситерката што мисли таа за иднината на Република Македонија и јаз би сакала тоа прашање да го псотавам, што мислиме сите ние за иднината на Македонија. Не е важно поединечно некој што мисли. Многу е важно дали ние имаме исти став сите по однос на иднината на Република Македонија и треба сите тука да кажеме кога за тоа се дава прилика кој е нашиот став, па нека е и поединечен. Во таа смисла сметам дека не треба да се говори за заложништво ничие, никој на никого тука не е заложник, ниту опозицијата на власта, ниту власта на опозицијата и затоа кога се говори за суета нечија треба да сватиме дека сите ние луѓето помалку или повеќе сме свесни и во политичка смисла по однос на нашето работење како парламентарци, како политичари треба да ја испитаме, преиспитаме нашата суета и ако е можно да ја оставиме настрана.

Притоа не се сложувам дека некој има страв тука за отворено да говори. Ние сме тука токму за тоа, отворено да говориме и само со отворен дијалог меѓусебе, дијалог секако, евентуално ќе може по некои правни прашања до колку разбереме кој што по одредена тематика мисли и да постигнеме консензус.

Друго, без дијалог и без волја за дијалог нема правна држава. Нема демократија во една држава, а за дијалог требаат двајца. Никогаш не смее да се обвинува другиот дека тој не сака да говори односно дека обвинувачот некој монолог проповеда било каде барајки дијалог.

Сметам дека клучен елемент кој генерира криза како што рече пратеникот не смее да биде Охридскиот договор. Секогаш Охридскиот договор се користи за некои барања, оправдувања, имплементација на истиот, застој на Охридскиот договор. Јас не чув до сега некој од билокој кој што се жали на оваа околност да каже во што е тоа во што Охридскиот договор не се применува.

**Бесим Догани**: Благодарам госпоѓо Куновска.

Господине Незири контра реплика една минута, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам потпретседателе.

Ќе се обратам на македонски јазик за да ме разбере подобро колешката.

Сите овие зборови мислам дека треба да му се упатат на Никола Груевски, не на мене и ставот не е теснопартиски. Ставот е општополитички на нашата политичка група за иднината на државата, за иднината на граѓаните на Република Македонија, за иднината на Република Македонија за што побрзо да се вклучи во Европското семејство. Додека за иднината на Република Македонија јас не ги поставив прашањата само до Куновска, туку до министерката, туку поставив прашање до парламентарното мнозинство, а министерката е претставник на Владата каде што по автоматизам се проследува прашањето до Владата. Никаков заложник ние не сме на никого, заложник на Владата е парламентарното мнозинство за жал. Благодарам.

**Бесим Догани**: Благодарам господине Незири.

Реплика има госпоѓа Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадрију:** Благодарам колега пратеник од парламентарната група на Демократската унија за интеграција.

Дозволете да се сконцентрирам на еден дел од вашата дискусија, значи кај Охридскиот рамковен договор и да ја кажам вистината или кажано подобро реалноста дека Рамковниот договор уште од почетокот немаше вистинска имплементација и прецизна имплементација.

Демократската партија на албанците како партија е потписничка на овој договор, како парија тогаш во опозиција. Кога почна имплементацијата на договорот,меѓутоакако сериозна и конструктивна опозициона партија цело време алудираше на грешкит еи пропустите што ги правеше коалицијата од поранешниот мандат. Токму во оваа насока ДПА тогаш алудираше постојано дкеа Охридскиот рамковен договор треба да почне со решавање на суштинсмото прашање на албанскиот народ во Република Македонија. Значи со решавање во вистинско време на употребата на албанскиот јазик на институционално ниво со донесување и усвојување на законот за јазиците.

Ние Албанците како поединци секогаш од кога знаеме за себе функционираме двојазично. Меѓутоа ние алудиравме на потребата токму државните институции да функционираат на два јазика, затоа што ние Албанците дома говориме албански, во општеството исто така и во училиштата. Со Македонците говориме македонски, како што говоревте и вие пред малку колега, меѓутоа институциите не функционираат на тој начин. За жал овие добронамерни сугестии на ДПА, исто така истата велеше дека токму таквите решенија, решенија кои што се со недостатоци, кои што се половични, како што е Законот за патни исправи, или Законот за употреба на знамето тоа не оди во прилог ниту на албанскиот народ, ниту на македонскиот народ, ниту на другите етнички заедници кои што живеат во ова општество, меѓутоа тогаш тие сугестии не се земаат предвид, се игнорираше ДПА со нејзината улога на коректор и покрај искуството на политичката сцена во Македонија. Како резултат на тоа секој понатамошен чекор кој што се преземаше во насока на имплементација на Охридскиот рамковен договор наидуваше на многу проблеми. Затоа ДПА во својата агенда

токму во нејзината програма, предизборна програма во текот на предизборната кампања, покрај другите прашања имаше и две значајни прашања за албанскиот народ, прашања кои што останаа не решени. Значи, прашањето на јазико ти прашањето на ресоцијализација на припадниците на конфликтот во 2001 година. Меѓутоа вие господине изгледа избравте форма на флексибилност која што ја спомнавте малку порано. Избравте еден друг договор, кој што јас би го нарекла украсување со туѓи перја. Благодарма.

**Бесим Догани**: Благодарам госпоѓо Кадрију.

Контра реплика има пратеникот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам за репликата колешке Кадри, јас би рекол ...

**Бесим Догани**: Ве молам пратениците да ги нарекувате така како што се презиваат. Госпоѓата Флора се презива Кадрију и така да ја наречете, инаку ќе мора да ви одземам збор заради навреда на пратеници, повелете.

**Сафет Незири:** Едно објаснување почитуван, во официјалните документи ако не е во ред таа работа...

**Бесим Догани**: Многу официјално е. Јас ја знам, многу блиска колешка ми е.

**Сафет Незири:** Во нејзините документи пишува Кадри.

Во ред, добро што ми реплициравте, но вашата реплика почитувана колешке е сосема демагошка и во однос на имплементацијата на Охриескиот договор во минатиот мандат на ДУИ и СДСМ, но беше транспарентно се додека од друга страна многу добро го имплементира овој договор вработувајки ја вашата ќерка во име на албанците и до колку имате потреба да имате забелешки околу патните исправи реков повелете предложете измена и дополнување на Законот за патни исправи. Немојте да продавате демагогија. Благодарам.

**Бесим Догани**: Последен за реплика е госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Едноставно ми е жал за интонацијата и начинот како се води оваа седница.

Мислам дека начелно господинот Тито Петковски укажа на тоа како би требло да ја водиме. Значи, како , кога до датум за преговори, да најдеме решенија, но бидејки се спомна Охридскиот рамковен договор, почитуван господин колега од ДУИ, јас би сакла да никогаш во животот во историјата од овој Парламент да не се изговори максимата угнетен народ. Навистина вашата придобивка овде во Парламентот и сега и кога беше и кога бевте недостасуваШе. Сакам да кажам дека имплементацијата на Охридскиот рамковен договор и Буџетот кој е искористен од доаѓањето на ВМРО-ДПМНР е три пати зголемен. Значи, според она што јаа го набљудувам има некаде 1500 вработувања по Рамковниот договор. Тоа значи дека имаме сериозна имплементација, но проблемот може да го бараме во она што е алинеја 4 од Охридскиот рамковен договор, а тоа значи стручност и компетентност во јавната администрација. Знаете дека имаше 300 вработувања на полицијата во МВР, имаше над стотина вработувања во Царината, 20 имаме во Министерството за животна средина, сега иамме 20 вработувања директно во Владата, но она што сакам да го укажам е следното, што треба да го носием со Буџетот.

Почитуван потпретседателе ве молам за внимание.

Јас како индивидува во Парламентот не веројатно многу го почитувам она што е удел на албанската култура во Македонија. Она што е сериозна интерференција помеѓу албанскиот и македонскиот јазик. Во овој миг имаме неколку репрезенти со кои можеме да се пофалиме пред европското семејство. Тоа не е Штуловиот универзитет, тоа не е Тетовскиот универзитет. Тоа секако е, но она што следува во Буџетот е духовниот центар кој се отвори сега. Центарот на албанската конзервација која треба да ја правиме во Тетово, ископувањето на Тетовското Кале и ред други работи. Директно она што не обврзува е Законот за употреба на јазици за кој сметам дека треба да разговараме и за кој имаме сериозна придобивка и едните и другите. Јас предавамна албански студенти. Се обидувам да го учам албанскиот јазик. Она што е заедничко е двете големи книги во Македонија со кои можеме да влеземе. Едниот се вика Куран, другиот се вика Библија. И во едниот и во другиот има дека тука некаде зачекорил по име човек Македонец на кој не можеме да му го смениме името и сакал да ја види Македонија. А кај вас постои една максима која е чудесна и која треба да се фалиме Елих мамим лехним Махут о Мухамеде, таму ми е судбината. Тие треба да ни бидат заедничките начела. Имплементацијата на Охридскиот рамковен договор ќе ја работиме. Сега она што е значајно на оваа седница е да покажеме како и кога ќе можеме да го пробиеме датумот за преговори.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Божиновска.

Контра реплика има господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Благодарам, ќе се обратам пак на македонски јазик за колешката. Не знам сега во чие име зборува, го брани многу Никола Груевски и не знам дали е нејзин претседател и дали има воопШто претседател, но тоа не е многу битно.

Кога се зборува за инвестициите во Република Македонија, инвестиции во Република Македонија во подрачјето каде што живеат Албанците, албанско население, албанските села, албанските подрачја особено во кризните краишта нема воопшто инвестиции во овој домен. Затоа јас тоа и го спомнав, а вработувањата во Македонија, што се вработуваат ако ги гледаме процентуално процентот на албанците во Македонија во јавната и државната администрација опаѓа секој ден. Благодарам.

**Бесим Догани:** Процедурално бара збор Флора Кадрију. Повелете госпоѓо Флора.

**Флора Кадију:** Почитуван потпретседателе, побарав процедурално само од причина да им укажам ако има можност во иднина да го имате предвид тоа, барам извинување, со задоцнување но поради една вистинска диускусија и квалитетна во овој Парламент да не интервенирам веднаш, но мислам дека подобро е навреме да се преземат мерки и во иднина да немаме навреди слични како што се Шешељи, Милошевиќи, Незировиќи и т.н. Не е во ред кога на некого му се обраќате без основа, факти или аргументи и да навредувате пред поширокота јавност, затоа што моето презиме во суштина е Кадрију и ова го знаат сите. Можеби порано беше Кадри, но јас со документи сум го уредила тоа и денес е Кадрију, како што и господата Незировиќ го измени неговото презиме и сега е Незири. Благодарам.

**Бесим Догани:** Интервенирав за тоа и секогаш ќе интервенирам кога ќе има такви упади, како што беше и вашиот сега.

Сега бидејќи веќе е 18 часот, би запрашал еден претставник од Пратеничката група на ДУИ дали го прифаќа договорот, таков каков што го прочитавме на почетокот на седницата, за да продолжиме со работа до 21,00 часот.

Во име на пратеничката група на ДУИ ќе зборува господинот Рафис Алити, повелете.

**Рафис Алити:** Добро е да кажете координаторот на Парламентарната група, не еден од пратениците на ДУИ затоа што тука е присутен координаторот и заменик координаторот, а кога ние не сме присутни, сигурно ќе земе збор и некој друг од нашата парламентарна група и ќе го каже на парламентарната група.

Јас бев јасен дека ние го почитуваме договорот кој вие сте го постигнале при координација со парламентарните групи, денес да се работи до 21,00 часот, утре во 14 часот да усвоиме резолуција во однос на тоа за што дискутираме. Мислам дека тоа е тоа што ние ќе го почитуваме. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Рафис Алити, координатор на пратеничката група на ДУИ.

Јас уште еднаш морам да ве информирам дека договорот што го постигнавме ние, што вие го прифаќате, се состои од неколку елементи. Ако сакате можам да ви го прочитам уште еднаш, бидејќи можеби не сте биле на почетокот на седницата.

Се вели, во договор со координаторите на пратеничките групи е усогласено дека оваа седница денес ќе трае до 21,00 часот, а утре ќе трае до 14,00 часот. Утре по 15,00 часот да родолжи 76-та седница на Собранието на Република Македонија по Предлогот за донесување на закон за Комитетот за односи меѓу заедниците, со Предлог на закон.

Времетраењето на говорите на пратениците по оваа точка да не биде подолго од 15 минути, освен за лидерите на партиите чиј говор може да трае најмногу 20 минути.

Пратениците да говорат наизменично, позиција, опозиција.

Дозволено е да има најмногу три реплики.

За говор можат да се јават најмногу тројца од независните пратеници.

Ако се прифаќате на овој договор, вака како што е, тогаш можеме да продолжиме со работа до 21,00 часот.

Повелете господине Рафис Алити, координатор на пратеничката група на ДУИ.

**Рафис Алити:** Да ви ја кажам вистината.

Не би прифатиле ваков договор, но ќе го прифатиме само поради интересите на нашите граѓани бидејќи навистина тоа е една седница на која се говори за иднината на нашите граѓани и нашата земја дали ќе биде дел од Европската унија, во иднина, или не. Ние поради овие интереси ќе го почитуваме тој договор. Велам поради тие интереси, иако да се расправа за тема како оваа, треба да се расправа на широко. Го велам ова бидејќи имам впечаток дека мнозинството не сака да се дебатира во оваа насока, така што ние ќе го испочитуваме договореното во интерес на граѓаните.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Би го замолил господинот Јани Макрадули да земе збор.

**Јани Макрадули:** Благодарам потпретседателе, колешки и колеги пратеници,

Денес треба да зборуваме за извештајот за напредокот или како што повеќето го оценуваат извештајот за ненапредокот на Република Македонија.

Денес наместо, согласно Декларацијата што ја имаме усвоено од ова Собрание уште на 16 јуни 2003 година, каде што еднаш годишно најмалку мора да има седница на Собранието на која ќе се изложат активностите што треба или што ги планира Владата, ние имаме закажано седница на која Владата или госпоѓо Коневска се јавува како преведувач и во својот допис до Собранието ни укажува дека по добивањето на извештајот, задоволство ни е да ја доставиме македонската верзија на извеѓштајот на разгледување на пленарна седница и затоа ве замолуваме да закажацте посебна седница на која пратениците од Собранието ќе имаат прилика да дискутираат за извештајот.

Мислам дека најмалку во Собранието е потребно некој да ни достави превод. Нас во Собранието преводот ние најмалку нешто што ни треба. Нас ни треба од Владата анализа, нас ни треба од Владата Акционен план, нас ни треба од Владата како понатаму.

Она што посебно ме загрижува, што истите работи пред една година кога исто така парламентарното мнозинство не ја закажуваше седницата и претседателот на Собранието. Седницата се свика по барање на пратеници каде

повторно, согласно стенограмот, минатата година сум ги поставил прашањата, кои се приоритетите на Владата, кои се мерките што ќе ги преземе после добиениот извештај. За жал, и денес од страна на Владата немаме мерки. За жал имаме една бла, бла, резолуција која нема потреба да ја усвоиме, бидејќи сето тоа го пишува во Декларацијата што ова Собрание ја има донесено уште во 2003 година. Но, каква порака денес испративме, бидејќи ова е тема и за Европската унија и за НАТО.

Денес сите амбасадори што седе горе, во своите извештаи до своите земји ќе напишат, ни еден министер од ДПА не беше присутен на говорот на претседателот на Парламентарната асамблеја на НАТО. Денес ниту министерот за одбрана, ниту заменик министерот за одбрана беа присутни на обраќањето на претседателот на Парламентарното собрание на НАТО и со таа порака денес што ќе ја испратат до светските центри, ние повторно како држава ќе треба да даваме одговори зошто ни еден министер или заменик министер од ДПА не бил присутен денеска во салата на говорот на претседателот на Собранието на НАТО и зошто ниту министерот ниту заменикот министер за одбрана не биле присутни на еден таков значаен настап.

Но, Извештајот за ненапредокот на Република Македонија, за жал, ја смени и реториката во Република Македонија.

Во 2005 година, ќе ве потсетам, како зборуваше Брисел. Господинот Солана тогаш, после добиената препорака од Европската комисија, за да се предложи кандидатски статус рече: “препораката сведочи дека е постигнат значителен прогрес. Пред помалку од 5 години стабилноста на Република Македонија беше под закана од внатрешен конфликт. Земјата денес е ангажирана во констрктивна акција кон членство во Европската унија”. Така зборуваше во 2005 година господинот Солана.

Како зборуваше тогашниот генерален серкетар на ВМРО ДПМНЕ, а сега министер за внатрешни работи, госпоѓа Гордана Јанкуловска: “меѓутоа не можеме а да не го искажеме нашето незадоволство во начинот на кој властите му приоѓаа на ова прашање во изминатите години и заради кои Европската комисија одлучи да не го утврди датумот на почетокот на преговори за членството во Европската унија”.

Замислите сега што кажала тогаш сегашниот министер за внатрешни работи: “Владата треба да знае дека во Македонија освен голата популистичка пропаганда, не беше направено апсолутно ништо за подобрување на економската и политичка клима. За долг период не оддалечува од Европската унија”. На тоа господинот Солана ќе каже: “Имаме обврска да ја наградиме Македонија”. На тоа господинот Романо Проди рече дека Македонија ќе добие кандидатски статус за време на Самитот во декември и не би било природно процесот на проширување да се прекине.

Како таа реторика одеднаш и таа поддршка што ја добивавме од Брисел, се изгуби.

На 21 март, на мое пратеничко прашање го прашав заменик премиерот одговорен за европски интеграции, кога очек уваме да добиеме датум за преговори. На 21 март добив одговор - “Владата на Република Македонија има јасна стратегија за водење на преговорите за пристапување кон Европската унија. За таа цел е цврсто решена да го исполни својот дел од обврските на патот од Европската интеграција, како на крајот на 2007 година би мо жел Европскиот совет да донесе одлука за отпочнување на преговори за пристапување на Македонија кон Европската унија”. Од тоа нема ништо.

За жал, денес во 2007 година Брисел зборува дека ова не е време енергијата да се троши на вакви работи, туку е потребно да се насочи кон остварување на приоритетите од годишниот извештај на Европската комисија, издаден на 6 ноември.

Како и да го вртиме извештајот, како и да го гледаме, тој е објективен, што ќе рече Влатко Ѓорчев, тој е точен и тој е слика за тоа какви сме и што сме сработиле. Но, она што е нај битно, како да го повториме успехот од 2005 година.

Денес Владата мораше да донесе акционен план со кој ќе ни понуди на нас табела, временски рокови во кои ќе ги заврши обврските што се напишани. Европската комисија прати чисти пораки за неисполнување на политичките критериуми и тоа прецизно нагласени во Извештајот, слаба комуникација со опозиција, слаба комуникација меѓу партнерите во Владата, лоши избрзани закони, владиното непочитување на институцијата Претседател на Република Македонија, партизација на администрацијата, не спроведување на Законот за полиција, блокада во формирањето на Републичкиот Судски совет.

Каква е ситацијата после 20-тина дена од добивање на извештајот? За жал наместо да ги решава проблемите посочени од Европската комисија власта придонесе за дополнителна ескалација на некои од нив, всушност на сите нив. После добиениот извештај ни се случи повторно настапот на Вејсели. За среќа тогаш господинот Иван Анастасовски ја водеше седницата, а не Љубиша Георгиевски. Ни се случи настапот на нашиот колега Мендух Тачи. Односите во коалицијата ескалираа со меѓусебни барања за интерпелации, нови напади кон претседателот на државата, а за партизацијата секојдневно слушаме како претседатели на комитети на ВМРО ДПМНЕ и покрај своето криминално досие биле поставувани на високи раководни функции. Или, назначувањето на командирите на полициските станици доцни. Таму каде градоначалници има СДСМ, нема консултации, ама затоа во Прилеп го вративме човекот кој бил командир на станицата или началник во Прилеп во 2000 до 2002 година, да ве потсетам, кога Прилеп беше најнебезбеден град во Република Македонија и кога се палеше

џамијата во Прилеп, а со одлуката на дел од парламентарното мнозинство, да бидам искрен, да не се одлучува за докомплетирање на Судски совет, ја пропуштивме првата шанса да завршиме некои од поставените задачи уште на 12 ноември, а да не зборувам за последните настапи на премиерот Груевски. За жал премиерот Груевски не се огради од изјавата на господинот Тачи, со која почнува сценариото што го имавме до 2002 година, да се скараме со цел свет. Продолжи да лаже што се случи во Собранието.

Еве ги сите седници што фалат и што не се завршени. Точно пишува 64 закони вкупоно не се донесени, од тоа само 25 се со Европско знаменце. Повеќето од нив се закони од пратнеиците од опозицијата што никогаш ова Собрание не се решава да ги достави или да ни ги приложи овде на дневен ред. Или, тактиката со злоупотребата на европското знаменце. Законот за јавни набавки е на јголемиот криминален закон што е донесен во Република Македонија и тоа ќе го покаже праксата, ама имало знаменце, па ние сме морале да го гласаме.

За жал, националниот совет кој цела Европа го поздрави господинот Фуере истакна дека е позитивно што беше прифатено од сите парламен тарни партии и тоа е важен механизам што се надевам ќе ја зајакне одговорноста и свеста за тоа  што треба да стори Владата, политичките партии, невладините организации итн. Уште не беше формиран, а беше избрукан од страна на премиерот дека е тоа само едно формално тело кое не и треба на Република Македонија и таму тие нешто ќе си прават муабет и тоа е една формална работа. За жал, најтрагичното од се, денес и претседателот на Собранието на НАТО кажа јасно, името не може да биде пречка за влез на Македонија во НАТО. Но, да биде  трагедијата поголема,  господине Груевски вели дека, како што тој не лаже нас со спотовите, мисли дека има некои луѓе во НАТО што ќе ја излажат Македонија и ќе речат, тоа било заради името, ама за да не ни го каже тоа, ќе не излажат. Замислете, луѓето од кои бараме членство, премиерот на Република Македонија вели ќе не излажат и ќе речат тоа е заради некои дрги работи. За жал, многу се манипулираше со бројките.

Јас навистина уште еднаш ќе повторам, не ја разбирам мазохистичката улога што си ја презеде Парламентарното  мнозинство, да ја презема вината за незавршени работи од страна на Владата. Овие 583 задачи се на Владата. Ниту уредба, господине Ѓорчев, ниту вработувања што ги пишува, немаат врска со парламентарното мнозинство. Видете ги овде активностите, Генерален секретаријат, Владата на Република Македонија, институции. Не си преземајте товар што не е ваш. Не си преземајте такво петно да го влечете затоа што место Михајло Маневски да го подготви законот за вршење на судска служба уште во април 2007 година, тој се занимаваше со изборниот закон, или наместо Миле Јанакиески да дели во непосредна спогодба земјиште низ Скопје како што ќе  му текне, требаше во мај 2007 година да го подготви законот за јавни патишта, или наместо Трајко Славески да го подготви законот за Народна банка во мај 2007 година, тој со господинот Георгиевски правеше парада овде од Буџетот, или да не зборувам за господинот Аце Спасеноски кој наместо да донесе закон за сточарство со кој ќе се регулира статусот на луѓето што се занимаваат со тоа, тој подготви правилник за чај, зачини, пекарски квасец, пудинг и кекси. За жал, Извештајот има некои работи кои ќе останат петно и за Македонија.

Зошто приватизацијата на ТЕЦ Неготини пишува дека е завршена работа. Зошто до капитализацијата во проценти е грешка. Кој ги дал тие податоци.

Она што мене најмногу ме секира е што најголеми критики има во она што најмногу сум вложувал а тоа е во фазата на информатичко општество. Најголеми критики има во тој дел.

Да не се лажеме, Македонија сеуште не го исполнува  условот за стабилиација и асоцијација, за либерализација на пазарот телекомуникациски, бидејќи не се усогласени договорите.

Јас тука имам едно писмо што вицепремиерката го има дадено до Миле, во ракопис е напишано, бидејќи беше ветено на мешовитите комитети во септември, во март дека ќе се усогласат концесиските договори. Уште тоа го нема. Затоа во Извештајот пишува не исполнување на условите од Договорот за стабилизација и асоцијација.

За економијата, еве видовме денес за странски инвестиции како се работи. Господинот Ташковиќ пушта економски промотор што ќе го пушти Владата, да си подели 10% со човек што сака да вложи во Македонија и после ние инвестиции ќе плаќаме по 50 милиони денари една кампања, за да привлечеме странски инвестиции, а луѓето на Ташковиќ и компанијата околу него, ќе земаат и ќе делат провизии  од странците што сакаат да купат или да отворат своја фабрика во Македонија.

Планирав да апелирам на парламентарното мнозинство и тука сум најискрен, но по вчерашниот едногласен избор за генерален секретар на ВМРО ДПМНЕ,  изгубив надеж дека нешто може да се промени. Кај нас, за жал, не ни требаат партии, ни треба  кабинет. Затоа, 15 дена политичките партии од власта не одговаат на понудата од СДСМ за брзо спроведување на незавршените работи. Очигледно се продолжува со политиката глава во зид. Може да направи Владата милион спота каде извештајот ќе биде претставен како најпозитивен и скоро добар како книгата на премиерот, но  мора да сфатиме, ако не се промени нешто, спотот нема да не однесе во Брисел. Граѓаните ја сакаат Македонија во Европа, а не во Северна Кореја. Граѓаните не дадоа мандат за да некој да ја изолира Македонија од цел свет. Граѓаните не гласаа за прескапи спотови, туку за резулати. Граѓаните не гласаа Македонија две години да тапка во место. Благодарам.

**Бесим Догани:**Благодарам господине Макрадули

Три минути реплика има господинот Агим Рамадани, повелете.

**Агим Рамадани:** Почитуван господине потпретседателе, почитувани пратеници,

Внимателно го сослушав господинот Јани Макрадули и излегов овде да му кажам.

Секогаш изгледа ти причинува задоволство да го спомнуваш нашиот претседател Мендух Тачи. Доколку не го спомнеш изгледа не ти се фаќа денот. Меѓутоа, ќе ти кажам, на италијански би ти рекле пикољо Макрадули и на влашки исто е, а тоа е, малиот Макрадули кој секој ден се труди да го спомне господинот Тачи, во насока на тоа што сака да биде голем како Тачи, но за него е недофатлива категорија.

Вие не можете да ја фатите политиката на господинот Тачи. Вие секогаш мислите да ја пријавите политиката на оваа Влада која е конструктивна, правилна политика, политика без корупција, политика која вас ве засегна во коските гледајќи ве што сте правеле минатите 4 години и сега за 365 дена барате тоа што вие не сте го направиле последните  40 или 50 години од комунизмот и наваму.

Господине Макрадули бидете малку порационален затоа што вашата партија на овој начин како што постапувате и партиите сателити околу вас влегуваат во провалија и по се изгледа на крајот на овој мандат од 4 години на идните избори да даде Господ да не слушнеме име СДСМ на изборите, вие сами ќе се уништите. Вашата политика е самоуништувачка. Политиката на луѓето кои соработуваат со вас е исто така самоуништувачка. Зошто? Затоа што не сте подготвени да ги видите успесите, не сте подготвени по пет месеци оваа Македонија, ова парламентарно мнозинство Македонија ќе ја воведе во НАТО. Местото каде ќе се обезбеди безбедноста, ќе се обезбедат границите, ќе има благосостојба, луѓето ќе шетаат слободно, нема да се плаши никој дека некој некого ќе го убие. Значи, оваа Влада одлучи да се справи со корупцијата, со кражбите, со бандитите и тие не ги сакаме и доколку бандитите, разбојниците сакаат со некој да соработуваат и останат во политиката грешат, а и вие грешите доколку мислите дека сте тука некаде. Јас не гарантирам, но доколку сте и вие да ви биде јасно дека секоја категорија без оглед што сте биле ќе завршите таму каде ги заокружуваат решетките. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика за господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Ниту помислувам да бидат голем Мендух Тачи, бидејќи тој голем Мендух Тачи е голем срам за Република Македонија  што го кажаа сите претседатели на политички партии овде во Парламентот освен Никола Груевски, што значи дека Никола Груевски стои зад тие зборови со кои секојдневно Македонија се кара со цел свет, секојдневно Македонија сакаме да ја скараме со Европа несакајќи да ја скриеме неспособноста на Владата да се справи со проблемите. СДСМ беше дел од Владата во која Македонија го доби кандидатскиот статус. Сработете и вие нешто за Република Македонија. Извлечете ја главата од песок и сработете нешто, времето на алиби помина. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Реплика има господинот Илија Димовски, повелете.

**Илија Димовски:** Благодарам господине потпретседателе.

Искрено очекував дискусијата на господинот Макрадули да оди во сосема друга насока, не очекував дека оваа дискусија на господинот Макрадули ќе наликува на една од познатите прес конференции кои ги држат заедно со неговиот колега Игор Ивановски, меѓутоа, стилот на однесување на лидершипот на раководството на СДСМ е тоа, тој е препознатлив за граѓаните на Република Македонија  и најдобро што може да и се случи на Македонија тоа што веќе и членовите на СДСМ ги препознаваат овие два ликови и многу слободно јасно и гласно се произнесуваат што мислат за овие двајца луѓе кои го водат СДСМ во последната половина година.

Не очекував дека овој говор ќе биде насочен во некоја нечиста црна политичка кампања, меѓутоа, имавме можност тоа да го слушаме и веројатно ќе продолжиме да го слушаме колку и да има повици од граѓаните на Република Македонија дека токму во овој Парламент, во ова Собрание треба да најдеме заеднички начин да ги решаваме проблемите, да разговараме конструктивно, да нудиме решенија, предлози и идеи како да се надминат состојбите кои ги има во Република Македонија.

За потсетување Извештајот на Европската унија не е извештај за работата на Владата. Не е рекапитулација за работата на Владата. Извештајот е извештај за целокупната политичка општествена и економска состојба во државата. Во тој Извештај единствена работа која е искритикувана е работата на Собранието на Република Македонија. Имате политички критериуми, имате економски критериуми, имате 33 поглавја. Извинете, единствена работа која е искритикувана во тој Извештај е токму работата на Собранието на Република Македонија каде предводници на таквиот начин на работа се сите политички партии.

Јас се извинувам ако погрешно бидам  разбран, меѓутоа одговорноста за работата на Собранието ја носиме сите подеднакво. Да не ви читам делови што пишува во Извештајот за Собранието, само ќе ве потсетам дека Европската унија  го критикува Собранието на Република Македонија за недонесување на Деловникот кој е во процедура.

Во однос на она што го кажавте за корупцијата, ќе ви прочитам 2-3 реченици од Извештајот. Вели: постигнат е напредок во антикорупциската политика и мерки.

Правната и институционалната рамка е зајакната, а силната политичка заложба вроди со резултат.

Беа донесени судски одлуки во голем број на предмети за високи службеници, вклучени и поранешен заменик минисер, поранешен директор на Царина, судии, нотари, полициски службеници итн.

Да не продолжувам понатаму, не сакам да ме разберете негативно. Апелирам до вас да се воздржите од нечисти политички кампањи, да се воздржите од вметнување на дискусии која партија како е формирана, како функционира. На крајот на краиштата и вие како раководство бевте инструирани од страна на Бранко Црвенковски, меѓутоа тоа не е тема на денешната седница. Апелирам да се задржите на Извештајот и да нудите конструктивни идеи и предлози. Благодарам.

**Бесим Догани:** Контра реплика има господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Трагедија од човек кој сака во наредните 20 години, не знам кога ќе успее да дипломира на Правниот факултет, да претпостави дека Собранието е криво за се. Тоа е фамата на Груевски Собранието не ни треба, Собранието е лошо, тогаш што ќе ни е демократија, што ќе ни е избори, ајде само да живее Владата.

Господине Димовски излезете со главата од песок. До мене Зоран го гледам, тој ги направи смените во Секторот за евроинтеграции. Илија Китаноски треба да го донесе подзаконскиот акт за полиција, Благородна Дулиќ треба да ја донесе уредбата за сточарство и подзаконските акти, Шутаров треба да донесе некој подзаконски акт, свестете се што зборувате. Парламентарното мнозинство игра мазохистичка улога во која тоа не е криво за 583 незавршени активности на Владата, на ваша страна сум, сфатете.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Реплика има госпоѓа Габриела Коневска Трајковска, повелете.

**Габриела Коневска Трајковска:** Ви благодарам потпретседателе.

Позициите на Владата конкретно по преземени активности ќе ги изложам подоцна во делот кога ќе се направи една презентација или целокупна слика што е она што преземала Владата. Жалам што претходниот говорник веројатно заради неговата сестраност и паралелна посветеност на повеќе области кои задираат и во областа на информатичкото општество и во делот на енергетиката и на економијата веројатно немал доволно време да се информира дека Владата на Република Македонија на својата Тематска седница посветена на европски прашања на 8-ми, тоа значи пред две недели, донесе Акционен план. Јас имам копија од тој Акционен план, можам да му го дадам на господинот Макрадули со конкретни активности и мерки кои треба да се преземат на среден и кус рок со цел Република Македонија да продолжи во процесот на реформирање во делот на европските интеграции.

Исто така извадени се интегрални парчиња кои се клучни приоритети што Владата на Република Македонија би сакала да ги исполни до месец февруари 2008 година. Овој материјал е даден до делегацијата на Европската комисија и ценам дека за да немаме произволни констатации, за да имаме понатаму конструктивна дебата, ве молам да се користат информации кои се од релевантен карактер.

Ова зборува за целокупниот легитимитет со кој се излегува пред ова Собрание и токму затоа најголемата критика која доаѓа до пратеничките групи од страна на меѓународната заедница е дека не зборуваме со кредибилитет, не зборуваме со објективност и дека не сме конструктивни во прашањата кои се изнесуваат. Напротив, говориме само со речникот кој не носи до онаа ситуација во која сме сега меѓусебно да се критикуваме, а да не бидеме конструктивни.

Жалам, но очекував од господинот Макрадули дека ќе ја сфати пораката заедно со сите нас дека треба да бидеме не самокритични и не да даваме само критика, туку и предлози. Во ниеден момент не видовме ни една препорака, ни една забелешка, напротив, само паушални констатации почнувајќи од ноторното незнаење дека Владата на Република Македонија веќе на 8.11. донесе Акционен план и јас во оваа пригода, ќе ми дозволите, да му го врачам за да може да го види материјалот. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам и јас.

Контра реплика господинот Јани Макрадули, повелете.

**Јани Макрадули:** Што да правиме, ако имаше некој документ веројатно ќе го објавеја на интернет, ама сега како алиби можеме што сакаме да зборуваме.

Госпоѓо Коневска дали гледате телевизија? Претставниците на Европската комисија велат немаме сериозен партнер во Владата или само спотот на Груевски го гледате или ја читате книгата на Груевски. 15 дена поминаа од предлогот на СДСМ од понудата на претседателот Радмила Шекеринска, но сеуште нема одговор. На 12 ноември можевме да го избереме последниот човек од Судскиот совет. На 11 ноември требаше да се пополнат командирите на полициските станици односно да се дадат предлози. Зошто доцнат предлозите до општините во кои градоначалници има СДСМ. Тоа повторно е некој друг крив. Гледајте малку телевизија читајте што ви викаат. Немаат сериозен партнер во Владата, Македонија може да биде генератор на криза во регионот. Тоа после 2001 година прв пат ни се случува некој да го каже. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Макрадули.

Има збор господинот Ружди Матоши, повелете.

**Ружди Матоши:** Ви благодарам господине потпретседател.

Се разбира дека е посебно чувство за секој кој се занимава со политика кога зборуваме за евроатланските интеграции или за европскиот пат.

Што се однесува до оваа политика која треба да биде инсталирана и да чекори кон интеграции треба политичарите да расчистат една дилема, а тоа е доближувањето на државата до Европа. На сите треба да им биде јасен еден елемент дали Европа сака да не земе со себе онака како што сака таа или ние сакаме да одиме во Европа онака како што сакаме ние?

Да влеземе во Европа со нашите лични желби, но Европа ќе не земе само тогаш кога ние ќе ги завршиме работите онака како што ги бара Европа.

Но, за да се чекори кон европскиот пат и евроатланските интеграции треба една правична политика и едно определување кое навистина ќе ја категоризира државата таму каде што и е местото.

Ние знаеме, ја знаеме независноста на Македонија од почетокот до сега, го знаеме патот како се одело по тој пат и оние кои биле тука давале инструкции и можности да им се даде шанса на политичарите во Македонија, конечно Македонија да зачекори кон патот за Европа. Ги знаеме и антиевропските вредности кои беа демонстрирани во разни временски периоди со демонстрации пред амбасади и со разни дејствија кои се обидоа во разни форми соработувајќи со соседни држави Македонија секогаш да биде инструмент, алатка на некоја држава, да не им се овозможи на нејзините европски и НАТО капацитети да се демонстрира тука присуство и конечно институциите во државата да бидат според европските стандарди.

Се сеќавам кога за прв пат се случи пресврт во Македонија во однос на евроатланските вредности. 1998 година Владата беше Влада која прв пат ги направи првите сигурни чекори кон поврзувањето на државата со Европа и со НАТО. Тоа беше една многу силна одлука на тогашната Влада кога на транспарентен начин воспостави сигурни односи со НАТО, но и со присуството на НАТО во нашата држава. Но, некој во тоа време имаше негативна енергија на оваа политика која беше конструктивна.

Како што одат работите околу интеграциите во Европа и во НАТО, патот се влошува со некои политички капацитети кои се обидуваат на разни начини да направат хаос и конечно да се застане на овој пат за кој нема да се двоумиме, туку уште повеќе ќе ја засилиме својата работа, своите можности за да имаме сигурно чекорење на тој пат.

Сегашната ДПА во владина коалиција влезе со своја платформа, а тоа е токму тоа дека државата треба да има вистинска политика во однос на интеграциите. Но за да се имплементира таа платформа требаше да им речеме стоп на некои елементи, феномени, негативни кои што беа навистина пречка на нашиот пат кон евроатланските интеграции. Вие знаете колку беше степенот на корупцијата, каква беше економијата во претходните 4 години во претходниот владин состав. Вие знаете колку коруптивни причини имаше обележани во медиумите а немаше никакво дејствие на државните институции кои што ќе беа конкретни и да се создаде институционална дисциплина, да се создаде конкретно дејствие, конкретни активности, институционални.

Што се однесува до функционирањето на овие институции доколку разните афери на кои им беше ставен капак од страна на оваа Влада, коруптивни афери кои се обидоа целата ориентација на институциите во Македонија да продолжат по тој коруптивен пат ние им рековме стоп со убедување, со дејствија, со интервенции, каде што на практичен начин и прагматичен начин спречивме еден негативен феномен корупцијата и организираниот криминал во државата.

Граѓаните Албанци во Македонија знаат добро како функционираа институциите, знаат добро дека работата на наставникот не може некој друг, за лекарот како лекар не може да ја заврши својата работа, професорот како професор не може да ја заврши својата работа поради негативните феномени кои што ги имавме во претходните 4 години. Ние имавме институции кои што беа камуфлирани со корупција. Еден конкретен случај болницата во Тетово беше задушена со корупција во својата функција, се разбира Европа не сака вакви институции, не сака Европа и НАТО коруптивни развојни работи на Изнис Паризи и братот на Али Ахмети со милиони евра итн. Тие феномени треба конечно да им речеме стоп затоа што Европа не сака плацови со 25 евра по метар квадратен, значи не сака криминал и корупција. Европа сака транспарентност, функција на институциите. Во оваа насока е направен еден многу значаен и силен чекор и правичен чекор. Јас лично и политичката опонента на ДУИ и на сите оние кои што се занимаваат со политика, со колумни, со пишување, кои се однесуваат на реалноста нека изнесат едно функционирање на ДПА за година и пол дека е коруптивен, дека направил антизаконско дејствие, добил мито или некои други негативни дејствија што се однесуваат до корупцијата.

Значи ние сме убедени дека на овој пат ќе триумфираме и ние сме убедени и работејќи вака ќе создадеме конмпатибилни институции со Европа, компатибилни со евроатланските вредности, со стоп на луѓето кои се паразити на институциите и ги злоупотребуаат општествените средства. Ние знаеме во извештајот на Европската комисија јасно се гледа недостатокот на политички дијалог, но и тука има еден одговор. Има одговор кој што се гледа од каде доаѓа деструктивноста на овој феномен, зошто Македонија нема политички дијалог. Како можеме да имаме политички дијалог, кога една политичка

партија не доаѓа на координација во Парламентот поради некои свои работи. Во моментот му текнува дека не прифаќа коориднација со политичите партии, јас ќе направам она што сакам да направам, јас ќе ја расипам координацијата на целиот парламент. Значи, се гледа, се забележува од оваа минимална позиција и до најмаксималната позиција дека ние треба да имаме консензус и волја за една определба за завршување на големи работи, но истовремено се гледа и деструктивноста на опзицијата до максимум. Еве една нивна шема, ако СДСМ ќе се покаже конструктивен во однос на една спогодба, ќе ги имаме како резерва либералите и тие нема да дојдат на координација. Доколку ДУИ и СДСМ не биле на координација, ќе речат не бевме на координација и ќе продолжиме по наша работа. Ако СДСМ ќе дојде на координација, сега имаме резервна гума како што е ДУИ не доаѓа на координација и секогаш не доаѓа до координација, не доаѓа до дијалог. Овој елемент го употребувам дека опозицијата во оваа насока е добро координирана и нејзината координација доаѓа до блокирање на процедури или пак на политиката, каде што на највисоко ниво се рефлектира како недостаток на дијалог, во недостаток на конструктивност и во недостаток на работите кои што треба да се движат понатаму.

Жалам што опозицијата се обидува нема координативна политика за да ги определи своите линии во политиката, туку се обидува со минијатури да добие политички поени. Не се добиваат со минијатури политички поени. Ние знаеме како чекореа земјите од Источна Европа кон Европската унија. Голем број глави паднале, но тие имале конзистентна политика, сигурна политика, парведна и во однос на европските процеси, ако се кажеше дека треба да се направат, тука имаме една девијантна политика што се однесува до политичкиот процес, се обидуваат на разни начини да инсталираат спогодби, во мај, мајски договор итн, што се однесува до големите политички теми, албанскиот народ и македонскиот народ се договориле со Охридскиот договор како треба да чекори земјата и како треба да работиме. Секој друг договор е деградирачки и нема да биде целосен во однос на она што се договориле албанците и македонците.

Затоа, на опозицијата им реков претходно, а и сега ќе им речам дека секој договор кој што ќе биде надвор од квантумот на Охридскиот договор, како што го направивте голема грешка со законот за пасоши, значи ќе биде грешка, голема грешка што историјата нема да го заборави. Често пати вас ви е чудно, пиете кафе со Али Ахмени и со Теута Арифи, со Фазли Велију, кога пиете кафе зошто не ги прашате како го донесовте законот за пасоши што врз основа на доброволно се искажува албанскиот јазик при пополнување на обрасците, за да биде рамноправен албанскиот јазик и да биде функционален практично го минимизиравте и го преминавте врз доброволна основа, што мислам дека е една голема грешка и висока грешка, чии последици ќе се видат подоцна и самите ќе видите дека тоа беше една катастрофална грешка што ја направивте вие.

Вистина е дека патот кон Европската унија е пат кој што бара сила, верба за да се оди на тој пат, но само тогаш луѓето кога се детерминирани или политиката е добро детерминирана околу политичкиот процес кој ќе не води кон Европската унија.

ДПА секогаш од нејзиното постоење до сега се бори во Македонија да додат европските вредности, да дојдат западно европските вредности, затоа што ние веруваме во тоа и нашата политичка сила ќе биде добро определена во оваа насока европските вредности конечно да пристигнат кај нас и ние еден ден да бидеме дел од Европа и дел од НАТО. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Матоши.

Збор има господинот Тале Герамитчиоски, повлете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитуван потпретседателе, почитувани колеги,

Жал ми е на почетокот што зборувам во ваков амбиент, би сакал барем потпретседателката на Владата задолжена за овој ресор да биде присутна, бидејќи целата моја теза на ова обраќање е всушност јавен протест зошто и при втор негативен добиен Извештај за напраднатите реформи или прогресот кон Европската унија и НАТО на Република Македонија, не е удостоен барем од премиерот или поголме дел на членови од неговата Влада.

Главното прашање кое што сакам да го поставам е, дали ние извлековме поука од овој Извештај или не, како пратеници, како Влада, како граѓани на Република Македонија. Постои ли нешто околу кое што можеме да се сложиме дека не чини, не е добро и дека треба заедно со заеднички сили напред во еден минимум консензус да го донесеме за да ја достигнеме целта. За жал, реториката која што денес ја слушнав, особено од претставникот на Владата, но најповеќе и од самиот премиер кој што во саботниот настап на телевизијата објави јавно дека главен кочничар на сите прогресивни реформи во Република Македонија претставува овој собраниски дом, посочувајќи ја опозицијата, конкретно СДСМ, јасно ми стана и извлеков заклучок дека тој е главниот генератор на кризата за политичкиот дијалог во Република Македонија. Можеби јавно, декларативно пред меѓународната заедница во дијалогот се залага за политички дијалог, но сите оние негови јавни настапи, можат така да се протолкуваат, или јавно ја потврди тезата која што долго време во Република Македонија се шири, а тоа е сите негативни дејствија и обвинување дека кочничар институционален на сите позитивни трендови е Собранието на Република Македонија, вклучувајќи го и мнозинството и опозицијата, а на сите позитивни трендови Владата. И, тоа премиерот не го крие и тоа јавно го обелодени. Но, ајде да не бидам и јас

погрешно сфатен да го аргументирам тоа. Тој кажа и денес во весниците е објавено дека околу 130 закони кочиме во собраниска процедура. Ние се обидовме и се потрудивме да изброиме. Значи, сите прекинати седници до сега кои што Собранието не успеало да ги заврши, имаат 111 точки, од нив 65 се законски проекти, од кои што само 25 се со европски предзнак. Каде се 130 закони? Зошто се користи популизмот како оружје за да се сатанизира собранискиот дом, па макар и опозицијата да е присутна. Зошто? Само за поткрепа на онаа теза која што ја кажав. Значи, лошите работи во Собранието, добрите работи се во Владата.

Јас навистина сакав да дебатираме во некоја прилика, но навистина не постои таква прилика, каде што може да се развие таа дебата. Политичка дебата внатре во Собранието каде што и премиерот и оние министри кои што тој ќе ги предвиди дека треба да одговорат на тие прашања, ќе бидат присутни. На пример, во самиот извештај пишува “покрај тоа застојот околу законодавството во однос на Европската унија се зголеми во втората половина во 2006 година. Владата залагајќи се за својата утврдена цел да ги донесе сите закони за 2006-2007 година до крајот на летото ги зајакне заложбите за изработка на законите. Таа успеа делумно да го постигне истото, при тоа не обрнувајќи доволно внимание врз квалитетот и применливоста на законите”. На страница 10 е објаснето зошто законите кои што се во собраниска процедура се лоши и неприменливи. Неколку министерства подготвуваа стратешки планови, а мал број од нив ги спроведуваат. Значи, административниот капацитет за стратешкото планирање и за развој на политиките треба и понатаму да се зајакнува. Сега, капацитетот за подготовска на законодавството, а со тоа и квалитетот со Предлог законите се уште е непостојан. Овој проблем се влошува со заложбите на Владата брзо да го елеминираат застојот во процесот на донесување на закони од 2006 година и транспарентноста на процесот на изработката на законите се уште е ограничена и претходно консултирање со учесниците покажува несистематски приод. Законските проекти кои што Владата ги има доставено, имаат голем број на фалинки од објективни и субјективни причини. Дали премиерот се прашал или прочитал некои од амандманите кои што вие како опозиција ги доставуваме. Дали смета дека постои простор за подобрување на некои законски решенија. Во своето обраќање, во својот настап кажа дека имавме јалова дискусија за некој си таму Закон за јавни набавки. Законот за јавни набавки ќе биде генератор на идни коруптивни случувања. Посочивме на низа контрадикторности кои што поедини членови на Владата ставаат негативна импликација врз самиот закон. Дебатирањето од 20 дена беше малку. Очигледно е дека е потребно само да се донесе наврат-нанос некој закон и готово, сме ја завршиле ли задачата.

Овој Извештај покажува дека и тоа како се прочешлуваат законите кои што овој собраниски дом ги донел, во квалитетот, во имплементацијата, значи во применливоста на законите. И сега, мислите ли дека квантитетот ќе донесе позитивен ист чекор? Нема. Потребен е и квалитет во донесување на законите. Зошто барем еднаш не сте оствариле еден дијалог на заедничко подобрување на законите кога и во самиот Извештај стои дека административниот капацитет кој што помага во подготовката на законите е тој кој што е и ние го знаеме од минатиот состав и вие го знаете и се соочувате со истите проблеми. Зошто не ја примате додадената рака. Еве конкретни податоци, конкретни прашања ви поставувам. Зошто сметате дека секогаш кога доставуаваме некои корекции на законски решенија, злонамерно тоа се прави. Сме излегувале овде со аргументи на тие амандмански интервенции, никогаш не сме добивале ни удостојувачки одговор од страна на претставникот на Владата, а на парламентарното мнозинство, се разбира, дека аминува се, бидејќи е подржувач на Владата. Како функционира? Мене ми е совршено јасно. Значи гледав и сите граѓани на Република Македонија гледаа како Владата функционира на отворените седници. Премиерот има една агенда му се брза да ги донесе тие закони, ги задолжува министрите, министрите го викаат административниот капацитет, тој кој што го има во министерствата и им кажува за една недела да го видам законското решение. Тие сироти онака како што умеат и знаат, исплашени често некоординирано си ја поделуваат задачат и составуваат некој текст. Текстот доаѓа пред Влада, министерот е уплашен дека ќе се оквалификува од страна на министерот како неуспешен, како неспособен и го брани законското решение. Тоа доаѓа до собранискиот дом, лошо е и самите сте увиделе без број пати дека лоши закони носите, тоа го потврдуваат амандманите кои што Владата редовно после дебатите ги доставува за подобрување на текстовите на законите. Има ли простор заеднички да се договориме кои позитивни исчекори ние со нашето скромно искуство сакаме да го подобриме. Не, никогаш не се наишло на тоа. Колегата Ѓорчев мавта со некоја бројка на усвоени амандмани. Не е тоа поентата. Дали ни се усвоени нас 500-тини или 50 амандмани, дајте да донесеме квалитетен закон заеднички, вие ќе поентирате во наредниот Извештај ќе стои и дека постои кохабитација помеѓу други институции и дека постои политички дијалог во рамките на Собранието. Вие ќе имате аргуметни тоа да го потврдите. Усвоени се тие и тие амандмани и заеднички се донесе законот. Сте пробале ли некогаш да се усвојат тие амандмани со кои што се подобрува законскиот текст па дали ние ќе гласаме. Составувањето на седниците на дневните редови е посебна прикаска. Значи, без број пати сме прашале кој го составува редоследот на точките и сме понудиле дајте тие што се со европски предзнак нека бидат напред. На каков одговор сме наишле. Позитивен? Значи,

на секоја наша подадена рака се возвраќало со контраудар, со цел уништете го СДСМ. Кажете во јавноста дека тие се кочничари, дека тие дебатираат бескрајно итн. Можеби има и такви ситуации, но дајте анализирајте што досега се сработи од страна на опозицијата, ако не ние ќе ви помогнеме со некоја бела книга да видите како сме подобрувале некои законски решенија. За жал, никогаш не се ни усвоиле.

Работата на комисиите на Собранието, максимално омаловажување. Значи, има министри од страна на Владата кои што не сакаат да присуствуваат на собраниска Комисија да го бранат законскиот текст. И, очекувате наша позитивна енергија во пленарната дебата? Ако од мнозинството, колегите не сакаат да се спротистават на тоа омаловажување, ние го имаме тоа право како опозиција. Па, ви се молам, министерот за транспорт и врски еднаш е само дојден на Комисијата за транспорт и врски. Проверето го тој факт, упорно настојуваме, нема што да се плаши, треба да се бранат законските проекти со европски предзнак кој што тој е носител. Јас не велам дека заменик министерот има помали ингеренции, ни тоа, но дајте нека се појави да дебатираме за некои решенија. Проверете ги овие факти и ќе видите дека чест на исклучоци на некои министри кои присуствуваат, на пример, колегата Трајко Славески или за труд и социјала кога се бранат законските проекти, тука се, можеме да дебатираме, но грото на министрите не не ни удостојуваат да дојдат за каков политички дијалог зборуваме во Собранието, почитувани претставници на Владата. За каков? Од секое човечко достоинство. Еве да ви кажам еден пример на подадена рака. Во Секторот за образование и наука или образование и култура и наука и истражување. Таму има една забелешка, во наука и истражување, поглавје 25 пишува: “нема развојни настани што би можеле да се забележат во однос на учеството во европската истражувачка област. Не е усвоена интегрирана истржувачка политика”. Проверете, во април 2006 година Владата поранешна ја усвои Националната програма за научно истражувачки и технолошки развој. Зошто во тоа не учествуваа политички личност, учествуваа научни работници од сите фели. Искористете го тоа. Афирмирајте го. Тоа не е наш проект, тоа е проект на сите. Или во поглавјето образование и култура меѓу другото пишува дека тешко се имплементира, се спроведување на Националната стратегија за развој на образованието 2006-2015 се наоѓа во рана фаза. Се наоѓа во никаква фаза. Тргната е настрана скрос, а собранискиот дом ја донесе.

Нека не биде наша, нека биде заедничка на сите. Таа е на Република Македонија. И опозицијата гласаше тогаш за неа. Внатре се поставени главните правци за развој. Нека се прифатат некои, особено што одредени законски проекти, во претходниот дел, законот за поддршка на технолошки развој почива на националната програма за научноистражувачка дејност. Кога на комисија го прашавме заменик министерот зошто таа не е воопшто спомната, тој вели не е никаква греда, само европските директиви требат. А во Европската унија ве предупредуваат дека немате никаква стратегија ниту пишан документ, што не е точно, зошто да не се искористи тоа што е направено, па нека не биде и од опозицијата. Јас се надевам дека сум правилно сфатен со дискусијата. Не беше мојата тенденција ниту да се плука, ниту нешто да се девалвира, но едноставно работата кочи на друга страна. Премиерот треба да го сврти курсот кон опозицијата за 360 степени.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Герамитчиоски.

Реплика има госпоѓица Марија Андоновска, повелете.

**Марија Андоновска:** Благодарам потпретседателе.

Почитуван колега со внимание ја следев вашата дискусија и сакам да верувам дека е добронамерна и конструктивна.

Како што рековте вие после дебатите за одредени закони во Собранието Владата врз основа на тие забелешки можеби дел од опозицијата, дел од мнозинството Владата поднесува дополнителни амандмани со цел да се подобри и текстот и суштината на законот кој што го предлага.

Исто така споменавме дека Владата прифатила голем дел на амандмани и од опозицијата и од мнозинството. Дали тоа почитуван колега не говори за конструктивност. Но јас би рекла дека за конструктивност и политички дијалог во Собранието потребни се двајца или две страни. Од страна на позицијата и од страна на опозицијата. Каде е вашата конструктивност господине пратеник. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Контра реплика од една минута господинот Тале Герамитчиоски, повелете.

**Тале Герамитчиоски:** Почитувана колешке не ја разбравте мојата дискусија. Полесно е амандманите да се прифатат со голтање на суетата дека ги направила опозицијата или тие да се земат и да се преточат во амандмани на Влада со слична содржина па да станат составен дел на законот. Тоа е смешно. Тоа е трагикомично, таквите постапки. Каде е нашата конструктивност. Па, ние секогаш сме присутни тука најмалку десетмина и скоро секогаш кворумот во овој собраниски дом го надополнуваме ние за да не се случуваат постојани прекини. Немојте да отворате некоја друга дискусија, некој друг дијалог кој што навистина не враќа чекор назад.

Мојата дискусија не беше во тој правец. Јас посочив некои моменти кои што во Извештајот не се моја опсервација, туку Европската унија ги преточила во Извештајот. Нека ги провери вице премиерката и ќе ги дискутираме.

**Бесим Догани:** Објавувам кратка пауза, до 19,10 часот.

(Пауза од 18,55 часот).

(По паузата седницата продолжи со работа во 19,11 часот).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата, продолжуваме со работа.

Продолжуваме со работа, има збор госпоѓа Валентина Божиновска, повелете.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе.

Веројатно денеска сме и малку повеќе заморени, заседаваа комисии, имавме и една свечена седница, продолжуваме по Извештајот.

Најнапред би сакала да започнам со една голема политичка мисла која не често и во Европарламентот се споменува, а тоа е познатата мисла на Виктор Иго дека еден ден сите заедно ќе влеземе. Сите континенти на овој свет ќе влеземе во големото семејство, а притоа да не ги изгубиме своите квалитети и индивидуи. Виктор Иго продолжува со неговата реторика дека никогаш повеќе во историјата на човештвото нема да постојат куршуми, бомби и војни. Навистина ова беше сфатено низа години наназад понекаде и како пророштво, понекогаш се и анализираше како одредена утопија, но сеедно, стана една сериозна реалност и затоа го кажувам, бидејќи многу често европарламентарците започнуваат со оваа мисла на Виктор Иго.

Она што он понатаму го кажува е следното, а тоа е ќе остане за жал војната на умот меѓу луѓето. Она што сакам да го антиципирам од денешниот свој сопствен говор, она што сакам да го упатам и до опозицијата и до власта, и до сите пратеници и сите релевантни институции е мораме од зад грб да ја фрлиме војната на умот почитувани колеги пратеници, иако сте малку во салата, но се надевам дека широкиот аудиториум пред телевизиите внимателно ја следи оваа дебата.

Не е вреден за тоа, бидејќи имаме два добри моменти во овој миг. Првиот момент е тоа што Европската комисија се произнесе дека е доброволно расположена за проширување.

Вториот момент е да не го анализираме Извештајот дали е објективен или не е објективен, дали е лош или не е лош, наша задача, наша реална одговорност на Собранието е како до датум за преговори.

Што е тоа што може да го направиме сега со заеднички сили да го добиеме датумот за преговори односно како и кога.

Јас би сакала да упатам една инверзија на она што го кажа господинот Тито Петковски кој е претседател на Комисијата за европски прашања и да ја иницираме со консултација, или како опозицијата како да ги вклучиме сите сили во овој момент, се разбира ни помалку ни повеќе без граѓанското општество или т.н. четврта власт, бидејќи без невладиниот сектор тоа не можеме да го направиме - како до датум за преговори.

Едно е важно. Декларативно мораме да се убедиме сите заедно дека Македонија нема време за губење. Ние не добивме датум за преговори. За да можеме да одговориме на прашањето кога мислам дека треба сите заедно денеска да се потсетиме на тоа кон тоа што се стреми Република Македонија. Што заправо заборавивме односно што значи да се биде членка на Европската унија.

Во овој момент имаме четири до пет конкурентни моменти на кои треба да се позанимаваме. Сакаме ли нашите претпријатија во овој момент да бидат ликвидни, конкурентни и што значи во овој момент Македонија да стане конкурентна на светскиот пазар. Сакаме ли нашите земјоделци да произведуваат земјоделски производи кои е се најдат на секое катче на светот, сакаме ли нашите студенти да се најдат на рамна нога со сите студенти од Европската унија, сакаме ли нашите пензионери, особено затоа што сега ни е на дневен ред третиот пензиски столб, тоа е еден од најдобрите закони кои треба да дојдат на дебата на седницата да уживаат во совите плодови и да уживаат во благосостојбата.

Она што е најважно е дека во однос на визниот режим имаме одредени чекори напред. Јас од тука како независен пратеник не би сакала да говорам бидејќи јасно е дефиниран ставот во Европскиот извештај каде имаме напредок. Во Министерството за внатрешни работи, во земјоделието, во образованието и тн. Но она што сериозно не упатува Европската унија е следно. Не квантитет на закони, туку квалитет на закони. Затоа во овој момент важно е да се бара чарето. Ако се тоа амандмани на опозицијата на пример во Законот за лекови тогаш навистина ќе мораме да отвораме големи и широки дебати во собраниските комисии.

Она што е второ начело од овој миг натаму е да не говориме за интеграција бидејќи се некако одиме со терминологијата интеграција, интеграција, туку едноставно треба да разговараме за пристапување. Пристапување што поскоро и што побрзо.

Она што сакам да го упатам бидејќи си дадов за задача дека нема да фалат во делот што е пофален, а тоа е за борбата со корупцијата е што сакам да укажам на следното. Месец дена некаде пред да излезе Европскиот извештај имало една сериозна клаузула во која стоела, т.н. сеуште работен дел на Извештајот дека нема корупција во централната власт. Како тоа е излитено, како тоа е тргнато, тоа не е тема на денешната дискусија, но сеедно тоа е еден од силните аргументи за кои можеме да се пофалиме и воопшто борбата на корупцијата.

Значи, реков дека нема да фалам, ќе одам со оние клучни моменти со кои во овој момент не треба да се занимаваме.

Овие денови слушаме дебата на телевизијата за некаква актуелизација за отворање на фришоповите. Навистина сакам гласно да проговорам за тоа дека во време во кое ќе се обврземе кон словенечкото претседателство да бараме датум за преговори треба веднаш, под итно дебати, дали тоа ќе биде од директорите на

Царината, дали тоа ќе биде од Владата, Владата инсистираше и даде став дека тоа не е потребно, навистина не е време да говориме за тие теми. Понатаму, личн сметам дека после говорот на господинот Фуере на седницата на Комисијата за европски прашања дека дебатата ЕСМ-ЕВН е сериозна и дискутабилна особено во делот на Регулаторната комисија за енергетика, при тоа што во овој момент таа може да се дискредитира, или други работи за кои сметам колку законски регулативи во моментот треба да влезат во Собранието и тн.

Она што треба да се договориме во овој момент е дека мораме, не можеме без опозицијата ниту да ги донесеме законите, ниту пак треба, ниту пак мора да ги носиме на врат на нос.

Се сеќавам на тоа дека размислувавме Финска да ни помогне за датум на преговори и тогаш мислевме дека сега имаме уште неколку работи да подзавршиме од ЕУ агендата особено од националната легислатива, се потпревме некако на германското претседателство, но се потпревме малку посериозно сметајќи дека германското претседателство е наш лобист, тие навистина нема да бараат премногу од нас за да стигнеме до моментот дека еве можеби господинот Романо Проди не беше сериозен покровител на она што тој го направи во декември 2006 година кога напиша писмо до Финското претседателство барајќи датум за Република Македонија. Лично сметам, тоа е мој став, дека тогаш можевме многу повеќе да сработиме. Тоа е еден датум кој сериозно ни се извлече од рацете и дека тој многу важен за Република Македонија и многу самоуверено дека е силен и голем лобист и голем пријател на Република Македонија го донесе прашалникот во Скопје. Мислам дека нашиот изговор дека Романо Проди не може таков генератор силен на процесот, тоа ќе биде Словенечкото рпетседателство е наша мала заедничка грешка.

Што е тоа што го предлагам сега да го направиме.

Апсолутно мислам дека во делот на потребните критериуми за олеснување на визниот режим и целосно олеснување на визите сме некаде на крајот. Тоа ни е битен предуслов за побрзо прилагодување кон стандардите на Европската унија. Во оваа насока на границата во овој миг ви обезбедува добро оспособена гранична полиција. Обезбедено е добро гранично управување, имаме пасош во мигот со најдобар квалитет и склучивме договори за реадмисија со земјите членки во ЕУ. Значи во овој миг можеме слободно да говориме за слободно движење на граѓаните, размена на идеи и тн.

Го имаме она што е точка број 1 во ЕУ начелата, а тоа е апсорпцниот капацитет кој веќе не е сомнеж. ЕУ вели отворени сме за вас. Ваше е како ќе сработите.

Невладините организации, т.н. четврти граѓански сектор го упатува на една анализа која пред мене е малку застрашувачка, затоа можеби под итно и со Буџетот на Република Македонија и со она што значи новата Лисабонска агенда, а тоа е Лисабонската агенда која не обврзува за помошта 2007-2013 година ќе мораме веднаш да ја вклучиме.

Ние имаме проблем во моментот на комуникација граѓански сектор, народот кој се изјасни 90% дека е за ЕУ и за НАТО како да го приспособиме, како да го вклучиме заедно. Со Владата институциите, Собранието на промоција на Република Македонија кон ЕУ. Затоа сметам дека идејата која ни се пласира од невладиниот сектор дека евентуално, па и од она што го слушнавме од нашите пријатели од Брисел 2014 година ќе биде некаков датум за преговори тој рок треба сега да се договориме веднаш да го пробиеме. Дали ние ќе донесеме декларација, резолуција, овде во Собранието, но треба веднаш декларативно и со акциониот план кој Владата го даде на Комисијата за европски прашања, кој го имаме, таа агенда, тоа прво и основно начело да го пробиеме тој датум.

Понатаму алфа и омега за добивање на датум за преговори се нашите внатрешни и надворешни пријатели. Нашите внатрешни пријатели се викаат нашата опозиција и се разбира она што значи меѓуресорска комуникација, а надворешната почитувани пратеници е несебичното лобирање од Брисел, одржување на различни настапи, дали се тоа пратеници, дали е тоа невладиниот сектор, дали се тоа институциите за промоција на Македонија која е Македонија, зошто Македонија бара датум за преговори и се разбира задачите кои се дадени во Извештајот, нема да ги повторувам, Судскиот совет, Законот за јавниот обвинител, 34-те закони, Деловникот и тн.

Она што останува со нашиот северен сосед, Косово, Република Македонија е заинтересирана како побрзо да го реши овој проблем. Мислам дека заложбите што ги имаме со контакт групата на тој план се во добар однос со оглед на разликите кои постојат особено со немање ретерирање од страна на Белград и Приштина би било најдобро доколку е возможно да се најде решение што ќе биде прифатливо од двете страни.

Бидејќи го поддржуваме планот на господинот Ахтисари како добра основа за конечно решение на косовското прашање, а како земја кандидат за членство во ЕУ и НАТО, да ја следиме, мораме, ама буквално мораме милимикронски нивната политика. Секојдневно, што се случува, какви извештаи добиваме од Белград и од Приштина. Затоа дозволете ми, б идејќи ние во Скопје во февруари 2001 година, јас тогаш бев пратеник го потпишавме описот и протегањето на државната граница, иако е тоа техничко прашање ние под итно ќе мораме неопходно да ја одбележиме границата со Косово и тоа треба да го направиме што поскоро.

Особено значајно е на Косово да се обезбеди имплементација на стандардите, владеење на правото, борба против корупција, сузбивање против криминалот, нивната реформа во

администрацијата, но и да бараме посебен мониторинг на Меѓународната заедница и нивното цивилно присуство на Косово. Тоа мораме да го бараме на еден сериозен и подолг временски период и тоа ќе биде една силна стабилна гаранција на Република Македонија за барање на датум за преговори.

Она што сакам да кажам во овој миг е дека имаме сериозна агенда и дека повторно е обновена Лисабонската агенда 2007-2013 година и ние ќе мораме да се обврзиме кон таа Лисабонска агенда кон неколку цели, а тоа е подобрување на регионите, градовите, поттикнување на иновации, создавање повеќе и подобри работни места. Првата цел Европа да стане попривлено место за инвестирање за работа.

Втората цел подобрување на знаење и иновации и

Третата цел повеќе и подобри работни места.

Останувaaт хоризонталните и вертикалните прашања и податоци.

Инвестиционата банка, само да ве упатам ако го погледнете сајтот ќе видите дека ние долгот уредно сме го вратиле, но дека ИПА фондовите ќе мора сами да ги сработиме. Затоа меѓуресорскиот капацитет ќе мора многу посилно да работи бидејќи според табелата 3 од финансиската помош од Инвестиционата банка во Југоисточна Европа Македонија во последните пет години се има обврзано односно се има помогнато само со 23 милиони евра.

**Бесим Догани:** Госпоѓо Божиновска би замолил да ја привршите мислата, бидејќи времето ви истече.

**Валентина Божиновска:** Благодарам потпретседателе.

Јас уште еднаш би апелирала заедно да осниваме една заедничка резолуција и декларација во која ќе се осврнеме на позитивната енергија како и кога за датум на преговори и како веднаш да ги имплементираме законите.

И нешто многу значајно. Ако ја заборавиме притоа промоцијата на Македонија во Брисел мислам дека навистина можеме да влеземе во еден сериозен крстопат. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Молам, дали има некој за реплика? (Нема).

Има збор господинот Владо Бучковски, повелете.

**Владо Бучковски:** Благодарам потпретседателе.

Почитувани претставници на Владата, почитувани колеги и колешки.

Денешната и утрешната расправа пред се има за цел да ја подигне јавната свест за значењето на овој Извештај за да може тој, не како што некој вели дека е објективен и фер, туку објективно да се вреднува од оние кои во него се посочени како најголемите виновници зошто Република Македонија веќе втор пат не го положи приемниот испит.

Намерно ќе се обидам да говорам онака како што говори комесарот Рен за да сфатиме сите што всушност веќе втор пат по ред ни се случува. А тоа е дека, нема да говорам  за приказната за Сбилиус, која некој погрешно ја сфати сметајќи дека губиме еден од најголемите сојузници на Европската комисија, тоа е господинот Рен. Не може тој да биде најомилената личност во 2005 година кога го добивавме кандидатскиот статус, а тој кој е најзаинтересиран да биде успешен комесар, а тоа и понатаму да се проширува сега одеднаш да се најде на тапет или на столбот на срамот затоа што наводно според некој бил со потценувачки однос кон Република Македонија. Не, почитувани колеги, ние, пред се Владата го потценува овој Извештај и прави обид да ја сподели одговорноста со сите, а не да се занимава со она што треба да го прави одговорна Влада. Тоа е да го прочита онака како што пишува во Извештајот.

Извештајот, завршната оценка е како истакнат резултат за приемниот испит кој го има секој студент. Да ве потсетам, господинот Рен кога дојде во февруари 2006 година да ни го честита големиот успех во 2005 година рече “е сега сте подготвени да дојдете на приемниот испит”. Статусот кандидат значи статус да може да учествувате на приемниот испит. Ако ги научите лекциите ќе го положите приемниот испит, потоа почнува полагањето на испитите односно затворањето на поглавјата. Кога тоа ќе го завршиме ќе ја имате дипломата член на Европската унија.

За жал почитувани колеги еуфоријата што некој ја создаваше, минизимирајќи го негативниот Извештај во еден подолг период, затоа што е невообичаено, бидејќи тој е доверлив Извештај, да се лиферуваат информации кои требаше да ја подготват македонската јавност дека во неа многу добри оценки, а да се занемари главната овенка. Тоа е дека Македонија сеуште не е подготвена да биде членка на ова семејство, семејство во кое изминатите години макотрпно се приближувавме.

Јас ќе ја дадам мојата слободна субјективна оценка. Сметам дека овде не е пробелмот на незнаењето, туку е проблемот на несакањето. Тоа е како некој размазен мамин и татин син или размазена ќерка, по секоја цена сака да ги задоволи амбициите на своите родители, а тоа е Македонија, сакаме по секоја цена да  студира и да биде успешна. Овде очигледно проблемот е во претседателот на Владата кој ја претставува Република Македонија. Јас одговорно тврдам дека Никола Груевски не беше заинтересиран ниту минатата година, ниту оваа година да имаме датум за отпочнување на преговорите затоа што со тоа ќе изгубеше дел од комодитетот и ќе мораше својата политика од популистичка да ја направи многу попрагматична.  Да не биде оваа дебата денес и утре без цел, јас ќе се обидам врз основа на своето искуство, јавно да му порачам на премиерот што тој би требало минимално да направи за Република Македонија да тргне напред.

Прво ќе ги потсетам сите оние кои брзо забораваат, каква беше атмосферата во Република Македонија во 2004 и 2005 година и во какви околности ние го доживеавме успехот на 17 декември 2005 година.

Прво, 2004 година трагична смрт на претседателот Трајковски. Предвремени претседателски избори, можност од криза. Опозиција која не е подготвена со својот кандидат кој го имаше, да ги признае изборите, бараше и тогаш одговорност кај тогашната власт иликај победникот, а не во сопствените редови, затоа што евидентно е дека во вториот изборен круг за претседател, ако не беше ВМРО-ДПМНЕ, ќе паднеше тоа што и сега е пречка, реално кога има бојкот од една политичка партија, тоа беше од ДПА, да се придружи самоуште една опозициона партија, во конкретниот случај ВМРО-ДПМНЕ, не можеме ние со вакви уставни решенија реално да избереме претседател со ценզус 50 плус 1.

Второ, имплементацијата на Охридскиот рамковен договор дојде до точка на зовривање, со новата територијална организација и со класичната националистичка кампања која ја водеше ВМРО-ДПМНЕ што колуминираше на крајот од 2004 година со референдум против територијалната организација. Значи 2004 година, турбулентна, деструктивна опозиција. Влегуваме во 2005 година.

Макотрпно и покрај сите тие маки, Владата си го тера својот дел од работата. Одговара на прашалникот од Европската унија со речникот кој треба да биде разбирлив за нашите граѓани, значи го полага матурскиот испит, европската матура, со капацитетот на администрацијата, со гоелмата волја на Владата, но и на универзитетските, сите кадри што ги имавме на тогашните два државни  универзитети плус Штуловиот универзитет, направена е со подршка и на Словенците и на Хрватите, исклучително добра работа, одговорена е во рекордно брз рок оваа задача. Прашалникот во февруари 2005 година е доставен. Во тој период опозицијата е насочена кон локалните избори. Веќе се подготвува сценарио да не се сочека резултатот од Европскиот пат на Република Македонија, се заговараат романски сценарија, бојкоти, ако не победи да речеме во првиот круг независнио ткандидат подржан од опозицијата , во Скопје и слични други сценарија. Значи 2005 година, до средината, имајки во предвид дека резултатите на локалните избори не ги признава ДПА, па почнува бојкот е атмосфера дамбетер отколку што сега имате вие. Сега имате скандинавска опозиција. Зборувале многу. Па зборуваат и во Норвешка и во Шветска и во Финска. Не лупаат со тенџериња, не одат пред мојата куќа, не одат пред куќата на Макрадули, на Жерновски, не се заканувате, не покажувате сила, не се обидувате да ме линчувате мене во Струга затоа што не ви се допаѓала таа територијална организација и ред други работи. Но, Владата макотрпно си работи, си ниже успеси. Опозицијата ја трга на страна. Опозицијата таква е каква што е, со дупло, тродупло поголеми напори, ние треба да си ја завршиме нашата работа.

Почитувани пријатели, тогаш е најголема одговорноста на првиот човек на Владата. И мене можеби ми беше потценувачки тогашната ДПА која беше надвор од Парламентот, условно речено, да ја замолам за европската иднина да се врати во Парламентот, па одев еднаш во нивното седиште, втор пат се сретнавме на пола пат меѓу Илинденска б.б. односно моите канцеларии во Владата и нивните канцеларии на Плоштадот во Тетово, во ресторан, во Бензиска пумпа, вели некој Петрол-Компани. Се сретнавме,  но тие се вратија во Парламентот. Вредеше тоа да се направи за Република Македонија.

Ова инаетење што сега го прави Груевски, ова потценување на значењето на опозицијата како поддржувач на Владата,ја доведе Република Македонија по втор пат да падне на приемниот испит. Јас одговорно тврдам, не заради тоа што тој не знае, туку затоа што не сака, затоа што е премногу разгален од големаиот рејтинг што го има во домашната јавност и не прави ништо за Република Македонија. Сите други од парламентарното мнозинство се соучесници на тие палавости што тој ги прави. Значи овде кога ќе дојде, ако е овде големата читална каде што треба да подготви дел од испитите, дали е тоа силна администрација, или што се условите на една демократија, што е владеење на правото. Овде му било премногу бучно, имало некои од левата страна типови кои многу сакаат да зборуваат за се и сешто, но не и за омилените теми, колку ние сме биле успешни во економијата. Почитувани колеги од мнозинството, сватифте дека во овој  клуб каде што сакаме да влеземе, многу повеќе ја ценат Македонија ако биде политички стабилна, отколку економски стабилна, затоа што знаат дека економската стабилност може да исчезне за час. Ако дојде до политичка дестабилизација со редица на потези во изминатите 16 месеци. Груевски провоцира дестабилизација и за прв пат сега е споменато. Читајќи ги сите извештаи. На 17 декември 2005 година Македонија доби статус за членство во Европската унија заради промовирањето на модел на успешна мултиетничка, мултиконфесионална и она што е најбитно за нас функционална демократија. Сега ни велат, од оваа држава не може да сметаме дека ќе продолжи да биде оската на тоа што сакаме да го направиме, европеизација на регионот, туку Оли Рен минатата недела ви вели, се плашиме дека Република Македонија може да извезе нестабилност. Тоа се должи на работата на Владата во изминатите 16 месеци. Опозицијата во ниту една демократска држава на овој план не може да ја преземе одговорноста затоа што нема шанси, начинот на кој се води Владата од Груевски да продуцира ништо друго, отколку постојана тензична ситуација. Прашањето на кое треба да одговориме во оваа дебата е дали тоа се прави намерно, дали некој има резервна варијанта, како што се испушти овде од првиот

ред на еден млад коелга, доволно умен но неискусен. Почна да говори за некои други партнерства, што ние да го слушаме Брисел. Од каде тоа во Брисел препознаваме ние сега втор Белград. Од Белград ни препорачуваа во времто на СФРЈ што да правиме. Што се мешаат овие од Брисел кога ние баш убаво си живееме, економијата ни расте, странски инвестиции колку сакаме, апсиме секој ден оние кој сакаат да ги видат нивните соседи на телевизија и што и фали на оваа држава. И фали тоа, почитувани колеги од парламентарното мнозинство што 97% од граѓаните на Република Македонија го бараат, а тоа е да ги имаме сите нишани на демократска држава. Оваа држава ќе биде демократска кога ќе не примат во НАТО. За тоа треба да направи некоја катастрофална грешка Груевски затоа што прекус му е рокот за да може да ја расипе приказната која врти девет круга. Значи 9 години се пишува успешната приказна за Македонија во НАТО. Да беше една или две години Македонија пред НАТО, а не да биде сега, со оваа Влада се плашам дека и таа шанса ќе ја прокоцкаме. За Европската унија не може да продолжи успешната приказна затоа што дефинитивно не можеме да се договориме кои се приоритетите.

Јас ви тврдам дека беше многу потешко во Република Македонија во 2006 година да се организираат фер и демократски избори. 105% ми рекоа, после вакви инциденти што ги имавме за локалните избори и после првата крвава недела што сите сте ја заборавиле, како почна кампањата, после насилството што беше демонстрирано и од ДУИ и од ДПА, завршивме со најласкави оцени. Тоа беше потешко да се направиотколку да се имплементира мајски договор, отколку да се докомплетира Судскиот своет, отколку да се прифати амандманот на опозицијата, а не да се биде упорен и тврдоглав како вашиот министер за правда. Не може, почитувани коелги од парламентарното мнозинство да оди Република Македонија напред и следната година, трета среќа да биде, да го положи приемниот испит, ако не се промени генералната политика, а тоа еда се знае дека Владата е најодговорна во овој момент за застојот. Малку ли беше што постојано употребувате зборови, последната година од Брисел, постојано, дали ќе одите во НАТО или во Европската унија. Значи не оди напред, туку паѓа полека. Ништо потешко, велеше колегата Оровчанец, кога го слушна тоа, кога бевме парламентарна делегација, од таканречениот слободен пад. Јас не гледам дека нешто посебно прави премиерот, да ја запре оваа ситуација, да удри на маса, како што сакаат да го покажат сите дека е авторитет број еден и да рече, почитувани пратеници јас барам од вас, согласност овие 9 точки да ги реализираме во следните девет дена, а не да ни говори за небулози дека бил пробелмот дали ќе ги донесеме измените во Законот за концесионирање и за јавно приватно партнерство, што апсолутно е небулозно. Не ни значи тоа ништо за Европската унија и НАТО, значи за евентуални предвремени избори, или да ги покачиме тензиите на пензионерите по еден сомнителен модел за кој дури во петокот Владата даде амандман.

Да не должам, ако сакаме да одиме напред треба тој што ја претставува Република Македонија да го подготвиме конечно до година да го положи приемниот испит. Вака како што сега не учи, тоа не може да го направи. Благодарма.

**Басим Догани:** Благодарам.

Бидејки нема реплики, збор има госпоѓа Јагнула Куновска, повелете.

**Јагнула Куновска:** Почитуван потпретседател, почитувани министри, почитувани колеги,

Со вакви говорници како што имавме прилика сега да слушнеме дел од опозицијата, ние нема да одиме во Европа, полни со набој и деструктивни тензии. Бликаат од желба Македонија никогаш да не оди во Европската унија и никаде, туку да се враќа назад и што е најлошо тоа отворено го кажуваат, а ние сме должни тука да ги слушаме и да им аплаудираме, верувајки дека тие навистина се грижат Република Македонија да оди напред.

Имавме прилика да слушнеме повеќе од дискутантите од опозицијата. Еве ја ќе дадам осврт во залагањата од дискутантите на СДСМ и ќе кажам дека тие прават една ретроспектива од зборови, барајки вина во некого, апострофирајки дке анекој е виновен за некаква ситуација во која се наоѓа Република Македонија, а коај е безизлезна. Бараат вина во сите други, во себе не бараат вина, а јас да ги прашам колегите од СДСМ, добронамерно. Што тие направија оваа година ипол Македонија навистина да продолжи попатот на Европската унија. Што направија друго освен што овозможија стагнирање на се што значеше усилба да оди напред работата на овој Парламент. Конкретно, Владата, како што слушнавме и знаеме има акционен план. Но опозицијата, тој акционен план не го прифаќа затоа што смета дека се што не е нејзино барање вградено во акциониот план илибилокаде, сето тоа не чини. Значи ништо не чини до колку не е прифатена нивната агенда, нивната платформа. Колеги од опозицијата повелете дојдете на власт па реализирајте ја вашата програма, а сега ќе дозволите програмата од Владата,како што е прифатена и поради која мнозинството во оваа држава и даде верба да може да се реализира. Стагнирајте колку сакате во сето тоа, во вашето размислување, но тоа мора да оди напред,не поради тоа што Европа го бара, туку поради тоа што тоа е ток од кој ние не можеме да се вратиме назад. Значи слушаме критики од опозицијата, критики што некогаш се и аргументирани, но во поголем случај се неаргументирани, а самокритика никако. Тоа е жалосно.

Од страна на опозицијата, исто так аистакнато е како голема пречка за нашето интегрирање во Европската унија па и во НАТО тоа што, вели не се реализира, стагнира, се блокира Охридскиот рамковен договор. Рве јас како парламентарец би сакала да слушнам што конкретно Охридскиот рамковен договор стагнира, опструкција му се

врши, што не продлжува да се реализира во таа смисла, кога се знае дека Охридскиот рамковен договор е имплементиран во Уставот и ние тука правиме се што треба во однос на Охридскиот рамковен договор да го исполниме тоа што сме го зацртале како Охридскиот рамковен договор во 2001 година.

Исто така, тука се тврди дека мора да се донесе закон за ОНА, ако сакаме борците, еве и јас ќе ги наречам борците, бидејки они така велат, не сакам некој да ме свати дека одам со потценување или сум иронична и тие да се ресоцијализираат, да се вработат, па така да докажеле дека ја сакале оваа земја. Колеги пратеници кои тоа го зборувате, повелете, имате право како парламентарна група, до овој Парламент да доставите еден закон за кој ќе речете ова е појдовен закон за борците на ОНА, Парламентот е место каде ќе може да дискутираме и навистина со една логика ќе сватиме што треба, а што не треба во овој Парламент, не да се расправа туку да се прифати.

Исто така велите дека пречка за нашиот пат во Европската унија е и јазикот. Јас нависитна не разбирам што се подразбира под јазикот и законот за јазиците. Повелете, дајте еден проект, програма за законот и да видиме што од ваша страна треба да содржи тој закон за јазиците, да дискутираме за него па да видиме може илине може во Европа со или без тој јазик.

Исто така се спомнува мајски договор. Треба да се прекрати со мајскиот договор. Еве ние го имаме веќе Законот за Комитетот и се она што е како суштина содржано во тој и јас ќе го наречам мајски договор. Меѓутоа јас не можам да прифатам, да се прави опструкција на законот за Комитетот, или ќе се прифати со амандмани тука да биде и законот за јазиците, илипак во спротивно ние нема да гласаме. Навистина е детска работа и овој Парламент односно сите ние не заслужуваме такво нешто. Законот за јазиците, повелете самостојно, кој што смета има право во овој Парламент, се знае кој има право, нека се истакне па ќе дискутираме, мое е, а и така е дека во овој Парламент треба да се отвори се на маса, да се дискутира и решение во овој Парламент да се носи, а не надвор од него. Зборувајки вак ајас ќе кажам дека не смее така црно да се гледа во Извештајот на Европската унија,од причина што тој воопшто не е негативен. Тој дава само насоки.

Пред тоа дава одредени признанија за заложби на оваа држава, на оваа Влада и на овој Парламент. Така е. Читајте го внимателно, ќе видите. Но, секој од нас ако почне да го чита Извештајот онака како сака, тогаш јас не знам што ќе биде. Најважно е што Европската унија во својот извештај нам ни прифаќа дека ние како држава имаме агенда која ја реализираме, а која агенда не води на патот кон Европската унија. Ние таа агенда ќе продолжиме да ја анализираме не поради Европската унија, туку поради себе затоа што го започнавме тој пат од кој нема враќање.

Сакам да кажам и за агендата дека алфа и омега на се што се случува со нас, на се што сакаме понатаму да преземеме и да одиме и во НАТО и во Европската унија е овој Парламент. Затоа го знаат сите тоа и свесно се прават опструкции во овој Парламент кои на никој од нас кои не ги првиме тие опструкции не им служи на честа.

Како се прават опструкции? Видно. Или не се присуствува во Парламентот кога за тоа не им одговара, кога им одговара на дел од пратениците тука се или ако се присуствува тука се бара консензус. Што значи зборот консензус. Или прифатете го тоа што ние го бараме или нема ништо. Јас прифаќам дијалог за се. А консензусот ако следи. Дијалогот треба да се води меѓу двајца по исто прашање и доколку дојде како разбрани луѓе во едно рамниште за било кое прашање, може да се постигне и консензус. Но и дијалог не се води сам со себе. Ние гледаме расположение за дијалог има само тогаш кога некој смета дека треба дијалог да води. И што е најлошо често пати дијалог не во Парламентот, туку надвор од Парламентот. И не само надвор од Парламентот, туку со потценување на Парламентот на сите нас парламентарци, на Владата, на државата со тоа што се бара присуство од надвор на лица како да тие живеат во оваа држава, како да тие треба да кажат како треба да работиме и каков план да направиме за заедништво, за иднината на Македонија.

Затоа велам дека проблемот не е во претседателот на Владата. Јас не сакам да го бранам, но сите негативни работи на премиерот да се фрлаат, сите негативни работи да се фрлаат на министрите, а некој од тоа да се амнестира, луѓе, тоа не е здрава работа. Не е здрава работа секој поединечно, треба ние сами за себе да се сумимеи сметам дека проблемот сме ние. Никого не амнестирам во овој Парламент, проблемот сме ние парламентарците. Мораме во овој Парламент да се консолидираме во смисла дали имаме иста идеја за иднината на Македонија? Дали сакаме да тргнеме и да завршиме во Европската унија по патеката која е позитивна за Република Македонија. Или некој од нас лично или тесно партиски од било кои интереси имаат некоја поинаква агенда, нека повелат и нека ја кажат. Ние сме тука Парламент и за се треба да диск утираме. Затоа мислам дека треба многу повеќе да бидеме самокритични вклучувајќи ме и мене како парламентарец, се разбира.

Јас ке појдам конкретно од Извештајот на Европската унија. Нешто кажав во однос на политичките критериуми каде стои како забелешка вели попречено нормалното функционирање на Парламентот. Понатаму вели попречено од недоволната консултација меѓу Владата и опозицијата. Со кого ќе правиш консултација ако има опречни идеи односно во отсуство на идеи и ако изнесува само свои интереси, ве молам, за тоа бојкотот на ДУИ е тука во овој Извештај осуден од Европа. За тоа треба да разговараме и колегите од ДУИ треба

сериозно да го сфатат ова, а не да ја фрлаат вината на периферни работи амнестирајќи се себе од клучната вина, ако веќе зборуваме за вина, за неработата и деструктивното однесување во овој Парламент. Вели како позитивно сите политички сили да се обврзат за конструктивна работа. Со кого конструктивно да работиш кога за еден закон во 4000 амандмани се даваат, зарем тоа не е потценување. Зарем тоа не е изигрување на сопствената свест, ве молам. Што да се прифати од сето тоа? Со кого да соработуваш во овој Парламент?

Како позитивно е донесено во Извештајот на Европската унија и тоа со големи напори сторено на ова мнозинство во Парламентот забрзани напори за донесување на законодавството.

Колеги, вие велите забрзани напори да, но се донесоа неквалитетни закони. Да ве прашам зошто ние брзаме во овој Парламент да донесеме закони ако претходната Влада работеше како треба 4 години и ако со леснотија и како што требаше по ред ги носеше законите. Затоа ние сме спрегнати забрзано да ги носиме тие закони со одднемогнување од страна на опозицијата и ве молам, јас прифаќам дека има неквалитетни делови во тие закони, не може подеднакво да се бара во таа трка и квалитет и квантитет, а тоа опозицијата треба да го сфати и да помогне односно да се откаже од своето однемогнување токму во неквалитетот на законите кои ги носиме. Ние како опозоција амандмани тие кои се разумни, тие кои навистина се за подобрување на квалитетот на законите, еве јас не знам со бројка да баратам, но тука сум присутна, секогаш ги прифаќаме. Но, не може секој амандман од опозоцијата да се прифати и тоа не е атак на опозицијата ако тие амандмани не се прифатени. Пак ќе кажам Владата, Парламентот, мнозинството се тие кои одговараат за тие закони и тие ќе ги носат. Тие, бидејќи се одговорни како мнозинство тука ќе ги донесат законите и ќе ги спроведуваат. Кога ќе дојдат на власт ќе прават поинаку.

За судството имаме критики, но богами и немаме. Ние судството веќе 17 години од 1990 година на една нога ни стои усправно. Вие знаете сега судството со оваа борба против корупцијата, против криминалот што ја отпочна тоа е фактички појдовна платформа за правна држава. Еден колега претходно рече нема економија. Точно. Јас ќе речам нема ни слобода, нема ни демократија доколку немаме правна држава. Една од алките, основните алки за воспоставување на правна држава тоа е судството. Судството работи и органите за прогон на криминалот си ја вршат својата работа. Ако некому тоа не одговара и поради тоа вели судството не чини, тоа е друга работа. И во Извештајот на Европската унија стои преземен чекор за постепено решавање на недостатоци на судскиот систем. Тоа е голема работа. Тоа е голем позитивен заклучок. Јас сметам како човек од Судот дека е тоа точно, но. . .

**Бесим Догани:** Госпоѓо Куновска ќе ве замолам да ја завршите мислата оти времето ви истече.

**Јагнула Куновска:** Сакам да кажам само дека и покрај позитивната оценка дека корупцијата во Македонија е намалена благодарение на Министерство за внатрешни работи, благодарение на работата на судовите, дека корупцијата сепак е широко распространета. Точно е. Секој обид да се гони корупцијата и криминалот ни се јавуваат адвокати од СДСМ кои ја бранат и како може, ве молам, отворена и јасна борба да се води. Благодарам.

**Бесим Догани:** Господине Спасовски, вие се јавивте за реплика, повелете.

**Оливер Спасовски:** Благодарам почитуван потпретседателе.

Колешке Куновска ја разбирам жештината во вашиот настап, треба да се докажете во новото јато каде преминавте неодамна и заради тоа морате да бидете вака жестоки.

Без некои посебни аргументи заради тоа што имате ист настап тоа веројатно го научивте од премиерот се што не чини крива му е меѓународната заедница и опозицијата.

За борците на ОНА, за мајскиот договор и такви работи кои овде ги спомнувате не не прашувајте нас. Ние тоа го отворивме во Собранието. Прашајтеси го Груевски на некој партиски состанок ќе треба да ви објасни што е договорено таму, со кого седнал и за што разговарал. Впрочем, може да ви го потврди некој од меѓународната заедница, доколку ве носат на некои средби каде имале контакти.

Навистина треба сите заедно да одработиме за да постигнеме она што е цел на Република Македонија, Европската унија и НАТО. Овде во Парламентот тврдам дека не одработивме доволно ефикасно. Не заради друго, туку заради неспособен менаџмент што го има ова Собрание во Република Македонија. 111 точки на дневен ред кои не се дојдени на расправа. Само 26 со предзнак на Европската унија. Немаме материјал што го доставила Владата на Република Македонија. Ја се согласувам ако според вашата перцепција можеме нешто да направиме заедно еве да ве поканам утре да ги именуваме сите командири јас и вие на полициските станици во Република Македонија како соработка помеѓу власта и опозицијата. Или дајте заедно јас и вие да ги направиме предлог измените на Деловникот на Владата на Република Македонија според кој ќе можат да ги објавуваат сите предлог закони на веб сајтот на Владата и на министерствата.

Или, дајте јас и вие да го доставиме до Парламентот законот за сточарство што требаше да биде донесен до септември итн. Еве, тоа е еден придонес кој можеме да го направиме јас и вие во името на Владата како кооперативност помеѓу позицијата и опозицијата.

Втора работа, кажувате дека не може да има консултации заради тоа што имало опречни идеи во Парламентот. Па, сега е 2007 година, не е 1990

година или 1987 година. Навистина не знам како очекувате да нема опречни идеи, сите заедно да викаме ура и браво напред Грујо. Заврши таа работа.

Последното прашање, што вие на почетокот го поставивте овде. Што работи опозицијата во оваа година ипол и зошто опозицијата не е само критична. Опозицијата ви правесе кворум додека бевте во Владата да го договорите вашиот тансфер или опозицијата ви правеше кворум, некој пратеник од опозицијата на ваше место додека ги договаравте договорите во ЕЛЕМ, МЕПСО, Злетовица итн. Тоа го правеше опозицијата во оваа година ипол. Ви благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика за госпоѓа Јагнула Куновска.

**Јагнула Куновска:** Јас би скала на мојот драг и многу симпатичен колега да му кажам без иронија за вакви суштински и за вака сериозни прашања иронијата не ни одговара. Само аргументи, молам, со аргументи.

Исто така му замерувам што лошо ме цитира и како заклучок ќе дадам имаше неуспешна реплика.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Реплика Има господинот Сафет Незири, повелете.

**Сафет Незири:** Ви благодарам господине потпретседател.

Јас внимателно ја слушав колешката Јагнула Куновска и со некои прашања се согласувам со некои нејзини забелешки и сугестии кои таа ги претстави во нејзиниот говор, меѓутоа, секогаш кога ќе се прочита некој извештај или официјален документ каков што е Извештајот на Европската комисија за напредокот или ненапредувањето на Република Македонија во насока на исполнување на критериумите на Европската унија. Мислам дека тре ба да се прочита секој ред и реченица како што треба. Не се казнува бојкотот кој се случи од страна на ДУИ затоа што едно такво бојкотирање на Парламентот е дел од демократските механизми за да се изрази несогласување во областа на политичкото делување. Не дека не го осудуваат, туку се загрижени за политичката ситуација во Република Македонија. Сите сме загрижени, сите граѓани, сите политички субјекти и треба да бидат загрижени за политичката ситуација во Република Македонија. Не случајно се искористи крајниот механизам за напуштање на работата на Собранието на Република Македонија, меѓутоа треба да се каже и тоа дека за секое политичко делување на парламентарната група на политичките партии итн., секогаш оди со лошо менаџирање од страна на Никола Груевски. Доколку менаџирањето беше подобро, доколку имаше малку подобар слух за слушање сите тие легитимни барања, уставни и законски сигурно немаше да дојде ситуацијата до таму до каде дојде. Во овој момент вие многу добро знаете дека основното прашање заради бојкотирањето на Парламентот од многуте други прашања беше донесувањето на измените и дополнувањата на Законот за радиодифузна дејност кој требаше да помине со Бадентерово мнозинство. На тој начин е донесен и Законот порано.

Лошото менаџирање доведе до тоа да седнеш со политичкиот опонент Никола Груевски, признава или не тој беше принуден да седне со Али Ахмети и да се договори за пет прашања од мајскиот договор. Дали парламентарното мнозинство сака или не да прифати, главно дека тие нагласиле и во официјалниот документ од Извештајот на Европската комисија дека постои мајски договор со пет точки кои се гарантирани од меѓународните сили и меѓународниот фактор.

Јас мислам дека Груевски со неговата политика и тие што го поддржуваат Груевски на некој начин, за жал, ја држат во залог нашата држава. Тоа го прави Никола Груевски. Благодарам.

**Бесим Догани:** Благодарам господине Незири.

Контра реплика од една минута има госпоѓа Јагнула Куновска, повелете.

**Јагнула Куновска:** Почитувани колеги, пак ќе повторам, некој некого држи во залог. Жалосно е да го обвинуваме премиерот кој со сета снага на млад човек, со сиот ентузијазам заедно со Владата се бори, се бори, пак ќе повторам затоа што се смеете, се бори оваа држава да појде напред и да влеземе во Европската унија.

Ќе кажам за колегата конкретно, убаво е барем во нешто да се согласуваме и кога дискутираме убаво е во нешто да речеме и едните и другите така е. Јас ќе кажам не се казнува бојкотот, тоа не е кривично дело. Но, таква морална осуда на тој бојкот е во Извештајот на Европската комисија. Бојкотот значи антипод на комуникацијата, а не сака да се комуницира тогаш кога се вели или по моето или нема дијалог, за жал.

**Бесим Догани:** Благодарам госпоѓо Куновска.

Има збор господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Почитуван потпретседател, почитувани пратеници,

Неколку часа дебатираме во однос на Извештајот на Европската комисија во однос на развојот на демократските процеси во Република Македонија. На почетокот би го потенцирал фактот дека констатацијата на седиштето во Брисел дека демократските развојни политики и процеси во Република Македонија имаат заостанување во својот развој. Ова не е констатација на опозицијата и на некоја политичка партија, туку е констатација на седиштето на Европа и секако ние треба да бидеме свесни дека секоја сугстија која доаѓа од Европската заедница, која доаѓа од НАТО структурите тие се вистинити и треба да ги исполниме.

Ќе започнам од фактот дека треба да ни биде јасно на сите дека во изборната кампања има надпревар меѓу политичките партии и презентација на политички програми со убедување и барање до граѓаните дека треба да се гласа политичка сила, политичка програма за

тоа што тие имаат капацитет, енергија за да изградат понапредно општество и потоа ќе управуваат со земјата и ќе ја водат кон евроатланските интеграции.

Сите сме свесни дека анкетите покажуваат дека граѓаните во Република Македонија со голем процент го поддржуваат патот на интеграција на државата во НАТО и Европската унија. Во овој Парламент исто така е потврдено дека сите политички партии, без исклучок, ја поддржуваат опцијата на интеграцијата на државата во Европската унија и НАТО.

Исто така, сите сме свесни дека ние во овој Парламент неправиме никакво попречување на донесување на оние закони кои се приоритетни за државата за интеграција на државата. Но, за чудење е Владата која што се појавува како промотор на законите кои што треба да бидат приоритетни во Парламентот на Република Македонија на дневен ред донесуваат закони кои се проблематични и не се приоритетни за интеграција на државата. Сакам да потенцирам дека се додека ова парламентарно мнозинство, овој премиер добил мандат од граѓаните, но и од парламентарното мнозинство да ја води Владата, тогаш сигурно дека вината не треба да се бара кај другите, туку кај самиот себе си. Никола Груевски, колку што ми е познато ниту еднаш не условил дека ќе ја менаџира државата под услов да има поддршка и од опозицијата. Тоа тој не го побарал, а тоа значи дека додека тој сака, посакува да ги има заслугите за нашето интегрирање во НАТО и Европската унија, тогаш треба да ги прифати и неуспесите и грешките.

Се дискутираше и фактот зошто ДУИ го бојкотираше Парламентот на Република Македонија. Со самиот факт секој бојкот на ДУИ на Парламентот на Република Македонија резултираше со некој си договор, договор кој што имаше поддршка од европската заедница и од НАТО, секогаш ни било повторено како во рефрен истите тие точки кои што ги стави на дневен ред ДУИ.

Госпоѓа Куновска пред малку потенцираше дека бојкотот на Парламентот од страна на ДУИ има забелешка од страна на Европската комисија во нејзиниот извештај. Јас не гледам дека има забелешка, туку гледам факт дека по гласањето на еден закон, кој што е гласан со Бадинтерово мнозинство, бидејќи беше кршење на гарантираниот елемент за заштита на правата на малцинствата, за правата на второто население во Република Македонија, тоа се Албанците, тогаш го примораа ДУИ да направи еден ваков бојкот. А, бојкотот го искажува и противниот став на ДУИ како резултат на овој бојкот дојдовме до еден договор меѓу ДУИ и ВМРО-ДПМНЕ, при што резултираше и разрешување на оваа проблематика. Како резултат на кршењето на ова право, уставно право ние денес имаме список на закони кои што треба да се гласаат со Бадинтерово мнозинство. Треба да ни биде јасно дека Република Македонија има претензии за интеграција во Европската унија и НАТО и пратениците кои одат во посета на Брисел, на нив им се сугерира дека Европската унија и НАТО во својата закрила не примаат земји со демократски дефекти, туку прифаќаат држави кои што ги исполнуваат демократските стандарди на НАТО и на Европската унија. Во оваа насока ние сме земја која сакаме да се интегрира во Европската унија и НАТО но и да се интегрираме во европското семејство треба да се однесуваме со европските стандарди и норми. При посета на Брисел ми беше речено дека вие во Република Македонија, во Парламентот на Република Македонија своите парламентарни политички конфликти може да ги гледате како нешто нормално, но за нас е значајно дека вие дали ги исполнувате стандардите, европските стандарди, дали вршите хармонизација на законите со законите на Европската унија или не правите таква хармонизација во таа насока. Мислам додека ние се обидуваме честопати да дебатираме, да претставуваме што е приоритетно за Република Македонија, сите фактори на меѓународната заедница, сите личности на Европската унија и на НАТО, секогаш ни сугерираат на концизен и јасен начин какви приоритети треба да исполниме. Доколку земеме предвид приоритети кои што треба да ги исполни Република Македонија, мислам доколку ние се концентрираме и доколку ние немаме наши инаети, доколку ние а особено Никола Груевски, парламентарното мнозинство, ќе се појават со поголема конструктивност, со поголема готовност за подобар дијалог, готовност и тој да го намали својот инает и да ги исполни своите стандарди на земјата со една единствена цел да се интегрираме таму. Јасно е дека амбасадорката на САД во седиштето на НАТО, на прецизен начин и јасен потенцираше со грижа можам да констатирам дека Република Македонија има заостанување во реформите на политичкиот систем. Ве молам, вие да ги исполните некои критериуми приоритетни земјата да добие покана за членство во нато. Мислам дека истите сугестии ги имаме и од страна на Европската унија. Во оваа насока мислам дека сигурно ниту личностите на НАТО алијансата и на Европската унија не го заштитуваат интересот на ДУИ и интересот на опозицијата, туку тие ги гледаат тие стандарди кои што се неопходни, ние како земја, како Парламент треба да ги исполниме. Во оваа насока секогаш е потенцирано дека политичкиот дијалог, односите опозиција и позиција треба да бидат на повисоко ниво и основна главна одговорност за создавање на еден подобар дијалог, создавање на подобра политичка клима во Парламентот на Република Македонија, треда да го има позицијата. Сите треба да бидеме свесни дека опозицијата има единствен елемент, единствен инструмент да ги детектира грешките на позицијата и да биде силна и гласна за подобрување на оние елементи како законите, како извршните дејствувања така и функционирањето на државата Република Македонија.

Во оваа насока не треба да се очекува опозицијата да биде најгласна и најагресивна затоа што интерес на позицијата е да гради добра клима на разбирање, добар дијалог меѓу политичките сили во државата и да ги стави во агенда на усвојување во Парламентот на Република Македонија оние закони кои се приоритетни.

Ние, за подолг временски период, дебатираме во однос на изборот на член на Судскиот совет. Со самиот факт дека имаме толку силна борба за доминирање во однос на именувањето на членовите на Републичкиот судски совет докажува дека судството во Република Македонија не е независно. Често пати во Македонија се одржуваат семинари, разни средби каде нивото на гарантирање на правата и слободите на човекот во Република Македонија. Во оваа насока постојат неколку институции кои се занимаваат со обезбедување на сигурноста во државата. Јас ќе поставам една констатација како член на Комисијата за надзор над работата на Управата за безбедност и контраразузнавање и на Агенцијата за разузнавање. Можам да потенцирам дека системот на одбрана во Република Македонија постојат голем број на институции кои се составен дел на системот за одбрана и безбедноста на државата и сите овие органи на ниту едно раководно место немаме член од редовите на Албанците. Сакам да потенцирам дека меѓу основните институции кои се занимаваат со одбрана и безбедност на државата е Претседателот на државата, претседателот на Парламентот, претседателот на Владата, министерот за внатрешни работи со своите ресорни управи, директорот на Јавната служба за разузнавање и контраразузнавање и директорот на полицијата.

Кај Претседателот на државата имаме директор на Агенцијата за разузнавање кој исто така не е од страна на Албанците. Имаме министер за финансии, имаме парламентарни комисии за одбрана, но ниту Комисијата за одбрана ниту за надзор на разузнавачките служби немаме челници од албанците. Навистина имаме голем број на институции, но немаме директор на Агенцијата за менаџирање со кризи.

Сакам да потенцирам дека на сите средби каде се зборува за системот на одбрана и безбедност таргет на анализа се Албанците, а оние кои ги прават анализите во однос на заканување на земјата, кои се опасност за државата се Албанците. Ниту еден аналитички центар, ниту една менаџерска управа немаме албанци за да бидат фактори за реализација на системот за одбрана и безбедност на државата.

Ова е една фундаментална забелешка и сакам да потенцирам дека во оваа насока актуалната власт, парламентарното мнозинство треба да посветат посебно внимание и оваа позицијата треба да ја променат. Тоа е многу јасно дека Охридскиот рамковен договор е имплементиран во Уставот, но нема практична реализација. Не треба да имаме контрадикторности во реализацијата на правото или примената на законот за употреба на јазиците. Чудно е затоа што вака се дебатира дали да се донесе или да не се донесе законот за јазиците кога е многу јасно дека ова ни е сугерирано, ова ни е нагласено од страна на Европската унија и од страна на НАТО алијансата. Сакам да го потенцирам фактот дека Република Македонија има свои посебности и секаде се потенцира дека Охридскиот рамковен договор е модел за разрешување и како треба да функционира една мултиетничка држава.

Јас мислам дека доколку Македонија сака да има стабилна држава, земја која е ориентирана кон Европската унија и НАТО таа секако треба да ги регулира меѓуетничките односи. Основа за економскиот развој и на политичка култура и во сите области се разрешување, решавање на проблемите на албанската заедница во Република Македонија. Охридскиот рамковен договор и духот на договорот е многу значаен за Македонија затоа што претставува модел за голем број други мултиетнички држави.

Во оваа насока треба да имаме значајно фокусирање, ние без никакви резерви треба да ги исполниме тие барања на Европската унија, на НАТО, на значајните личности кои ме потсетуваат и го нагласуваат. Она што го рече амбасадорката на НАТО Викторија Њуланд, она што го вели претседателот на НАТО Асамблејата денеска во овој Парламент, она што ни го вели Хавиер Солана, Оли Рен и сите останати тие треба да ги исполниме без никакво ограничување. Ви благодарам многу.

**Бесим Догани:** За реплика се јави госпоѓа Јагнула Куновска, повелете.

**Јагнула Куновска:** Сакам на почитуваниот колега Хани да му кажам дека премиерот Никола Груевски по име и презиме не е предмет на Извештајот на Европската комисија. Тој отворено кажа дека не го сака за премиер. Да го прашам, дали има некој предлог?

По однос на бојкотот кој го загатнав и ме спомна колегата, само ќе потенцирам дека бојкотот на ДУИ им е во агенда. Тој сега тоа го призна велејќи дека со него постигнуваат цел со сила, мислам пред се на тортура, а богами и физичка сила видовме од страна на ДУИ во овој Парламент и со уцена. Навикнати се да постигнуваат цел на тој начин, но јас да кажам за таквото нивно однесување ние сме виновни токму во овој Парламент. На тоа мора да се стави крај.

Би сакала само по однос на едно негово почесто тврдење односно наведување и во иднина не би сакала да слушам така, бидејќи тоа е спротивно на Уставот на Република Македонија кога зборува за Република Македонија вели дека е мултиетничка држава. Македонија е унитарна држава по Уставот и Македонија не е држава на етникуми, етникуми никаде во светот не направиле држава, нема таков пример, по Уставот суверенитетот произлегува од граѓаните и е на граѓаните. Не дај Боже не е на племиња вакви или

онакви во една држава. Во иднина барам корекција од сите колеги во овој Парламент. Македонија не може да биде спомнувана како мултиетничка држава. Такви држави никаде во светот нема. Македонија има мултиетничко општество како што се повеќето односно речиси сите држави во Европа, да речеме и понатаму. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контра реплика има господинот Тахир Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Би реплицирал на госпоѓа Куновска и ќе повторам уште еднаш и засекогаш го имам ова сфаќање Република Македонија е мултиетничка држава со бинационална основа Албанците и Македонците.

Што се однесува до Никола Груевски имам супстенцијална забелешка, сум го кажал тоа и ќе го кажам повторно, немам желба во Република Македонија да има мандатар кој што ја девалвира албанската демократија. Немам желба во Македонија еден премиер да игра со скршени чаши за да создаде процес на сервилизам. Тоа што ќе одлучи албанското население, тоа треба да го прифати секој мандатар на Република Македонија.

Што се однесува на Охридскиот рамковен договор истиот е признат од меѓународниот фактор и во овој дух треба да го прифатиме сите доколку сакаме стабилна држава со евроатланска ориентација.

**Бесим Догани:** Реплика има господинот Васко Шутаров, повелете.

**Васко Шутаров:** Благодарам почитуван потпретседателе, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги,

Дозволете ми на крајот на денот, на крајот на денешната расправа по Извештајот од Европската комисија да кажам нешто што очекував и моите претходници ќе го кажат и сега го користам правото на реплика, па тоа да го кажам.

Сугерирајќи ни претставниците од Европската унија да не губиме многу енергија во толкувањето на овој европски извештај, туку да го читаме и да го спроведуваме, ние денес токму се однесуваме спротивно. Изгубивме многу енергија, толкувајќи дали оваа книга пред нас е бела или црна, дали е розева или има некаква друга боја и барајќи виновници. Тоа не беше целта на овој Извештај.

Ова што пред нас го имаме е нешто што треба објективно да се вреднува, но и едно македонско “вјерују” во словенската група на јазици за ова се вика “вјерују”, затоа што е објективен приказ на состојбите во Република Македонија, наша заедничка татковина на сите претставници овде. Апропо политичкиот дијалог што почитуваниот колега Тахир Хани го спомна, тоа го спомнав и на средбата со амбасадорот со Европската унија, убаво е да се води политички дијалог и таа дијалошка политичка култура да се учи најнапред овде во Парламентот, затоа што од овде се учи целокупната општествена јавност како да се почитуван другиот, како да се разговара и како да се постигнува договор. Не се води политички дијалог закопан во ровови и со постојана закана оти ќе излеземе од овде и ќе одиме во шуми. За да тостои дијалог треба да постои говор на почитување, не говор на омраза и на негирање на противникот.После говорот доаѓа разговор, од разговорот доаѓа форма на договор. Тоа е политички дијалог и друга филозофија тука нема никаква. Преговорите не се дијалог, преговорите се последна фаза на некој што не можел да се разбере и тука со колегата Тахир Хани мислам дека ќе се сложиме, иако неговиот елаборат по овој Извештај и видување на овој Извештај не вели дека е така.

Една земја која што неодамна тек го парафираше договорот за асоцијација и стабилизација им поставија три збора што треба да ги има од наутро до навечер следните години, дури не дојдат до членство во Европската унија. Кохезија, консензус и кредибилитет.

Овој извештај кажува дека сите политички субјекти во оваа земја и позицијата и опозицијата треба да се договорат околу националниот консензус по неколку важни прашања. Ќе бев среќен денес колегата Тахир Хани да го чујам околу кои тоа прашања се спремни да направат консензус. Додека постои сомнеж, како што ни кажува денес колегата Блерим Беџети од Брисел, додека постои недоверба, навистина тешко ќе дојдеме до политички дијалог. Благодарам.

**Бесим Догани:** Ви благодарам господине Шутаров.

Контра реплика има господинот Хани, повелете.

**Тахир Хани:** Почитуван колега,

Мислам дека лично имам длабоко убедување дека интерес на Албанците е Република Македонија да добие покана за членство во НАТО. Но, длабоко сум убеден од фактот, доколку сакаме да имаме стабилна држава, бездруго треба да се познаваме, еден со друг да се почитуваме и да градиме заедничка држава. Но, изјавите на Никола Груевски да заборават албанските партии дека имаме официјален јазик албански во државата, мислам дека тоа е загрозување на чувствата на Албанците во Македонија, за да градиме светска држава од наша страна е нагласено.

Секогаш треба да бидете свесни дека доколку ние се бетонираме во она Албанците да останат на нивото на 10% на ниво на државна администрација, доколку ние имаме цел на сите институции, дека имаме кршење на тие права, тогаш не можеме да имаме стабилна држава.

**Бесим Догани:** Збор има, по редоследот, госпоѓа Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Почитуван потпретседател, почитувани претставници на Владата, почитувани колеги пратеници,

Дозволете ми како член на парламентарната група на ДПА исто времено како и претседател на

Комисијата за надворешна политика при Собранието на Република Македонија да го изразам моето мислење или пак мојот став околу Извештајот на Европската комисија за напредокотн на Република Македонија за 2007 година.

Не треба многу да се сфати дека интеграцијата на Република Македонија во Европа претставува јасен и неспорен интерес, стратешки интерес и приоритетна цел во нејзината политика во сите нивоа на власта. Сегашната Влада во нејзината надворешна политика истата ја заснова токму во промоцијата на Република Македонија за нејзините амбиции. За овие интеграции исто така се ангажира во промоција на толерантноста кон народите во регионот со цел да постави добри односи со нив. За ова доказ е и конструктивниот став на Република Македонија денес за прашањето на Косово, став кој што драстично се менува и е различен од ставот од многу години порано. Имајќи предвид дека Западен Балкан со население или кажано подобро со над 55 милиони жители претставува конгломерат на суверени држави полусуверени држави, Балкан како според различниот политички статус, така и според нивото на економскиот, политичкиот и правниот капацитет е европски регион со најразлични диференцирани кандидатури за зачленување во Европската унија. Затоа Владата на Република Македонија е повеќе од свесна дека не е доволно само да си ориентиран кон Европската унија туку ја признава и потребата за добри билатерални односи опфаќајќи ги тука и зоните на слободна трговија меѓу државите, како и верувањето дека мирот е клучениот фактор за политичка стабилност и економска стабилност во регионот. Покрај зајакнувањето на добрососедските односи Република Македонија партиципира и во различните регионални иницијативи и меѓународни иницијативи и на овој начин го докажува својот ангажман во континуитет за зајакнување на регионалната стабилност и ја докажува улогата на достоинствен партнер. Во согласност со генералната политика на државата, а во однос на регионалната соработка во рамките на своите надлежности и Комисијата за надворешна политика при Собранието на Република Македонија како работно тело силно ги подржува и ги поздравува сите регионални иницијативи. Има иницирано и иницира конференции во овој правец. Исто така, оваа Комисија практикува и расправи на седниците кои што се пответуваат на приоритетните цели на државата Република Македонија, на пример на Балканот и пошироко, како мултиетничко општество и муликултурно општество.

И покрај универзитетите и покрај различните верски и етнички определби на граѓаните 90% од нив во текот на разните анкетирања се изјасниле позитивно за евроинтеграциите и за интегрирањето на Република Македонија во тие алијански или во НАТО-алијансата. Владата на Република Македонија продолжува да развива мултиетничка демократија, функционална демократија засноваjќи се врз Охридскиот рамковен договор како и имплементацијата на истиот. За ова најдобар показател се основањето на секторот за реализација на Охридскиот рамковен договор при Владата со тоа што тој се издигнува на ново ниво на ниво на секретаријат. Постигнвуањата во областа на децентрализациата, постигнувањето во соодветното и правично застапување на претставниците на етничките заедници во јавната администрација како и имплементацијата на Законот за полицијата што се разбира веќе е во првата фаза.

Меѓутоа не можам колку и да сакам да бидам одмерена во мојата дискусија не можам, а да неповторам и да не истакнам тоа што е реалност, тоа што е вистина дека Охридскиот рамковен договор уште од почетокот немаше вистинска, потполна и прецизна имплементација и во потребно време, всушност се минимизираат битните прашања за Албанскиот народ во Република Македонија со тоа што се почна од употрабата на јазикот.

За вистинска и потполна имплементација на Охридскиот рамковен договор, а што е во однос на правата и слободите на претставниците на етничките заедници во нашето општество како еден од условите и обврските што Македонија ги има кон Европската унија и НАТО потребен е широк политички консензус од страна на сите играчи, од страна на сите политички субјекти кои што партиципираат во политичкиот живот и сцена и верувам дека ќе покажеме зредлост, свест и политичка волја за реализација посебно на оваа обврска.

Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Македонија за 2007 година на објективен начин ги покажува постигнатите резултати. Истовремено ги проценува општествените сегменти, областите на потребните постојани ангажмани нашите алеати, сојузници, секогаш ја истакнуваат потребата од соработка и дијалог меѓу политичките партии и исто така сугерираат дека сега е крајно време да се видат конкретни чекори, дека за реализација на обврските кон евроатланските структури потребен е широк политички консензус. И мислам дека нашите сојузници бараат изјави или дека декадаси во однос на реалноста меѓу политичките субјекти во земјата кога се работи за прашања кои се од државен интерес.

Почитувани, за љуов се потребни две страни, меѓутоа и за војна се потребни две страни. Не може постојано да се обвинува Владата и партиите од владината коалиција како што секогаш тоа го прави СДСМ или пак да кажам координаторот на СДСМ. Значи се бара од овие партии покрај нивните декларативни изјаснувања, да овие партии практички да делуваат во насока на исполнување на критериумите кон Европската унија и НАТО. Меѓутоа, во тоа време опозицијата се изјаснува со интеграции, а во практика ја блокира работата на државните институции посебно работата на високиот законодавен дом

во Република Македонија значи на Собранието каде што се соочуваме со донесување на закони меѓутоа и законодавно усогласување на законодавството на Република Македонија со законодавството на Европската унија и усогласување со стандардите на тоа законодавство при што се овозможува осовремување на системот. Треба да се прифати фактот кои што факти ги ослепуваат очите, значи долгите маратонски дискусии, повторени дискусии постојаните навредувања во текот на разните расправи, дебати, случајот на поднесувањето на 4.100 амандмани како и заканата за удвојување на истиот број само заради еден предлог закон, бојкотирањето на работата на Собранието иницирањето на инциденти како што беше оној од 25 септември, сите овие работи опфатени во годинашниот Извештај на Европската комисија, значи резултат на делувањето на опозицијата. Велам иницирање на инциденти, инцидентот од 25 септември затоа што сите сме сведоци на предизвикувањето на иницираниот инцидент со јасна тенденција и со инволвирање на другите по пат на инерција во една веќе создадена створена ситуација. Опозицијата не треба да

има приоритет за својата позиција туку доброто терање на работата, конструктивната работа во прилог на граѓаните и на државата. Се надевам дека опозицијата во иднина ќе се освести и ќе ја одигра својата политичка улога во прилог или во полза на успешно реализирање на реформите кои што се веќе отпочнати и на овој начин ќе придонесе за доброто на сите граѓани на Република Македонија.

На крајот реализацијата на веќе почнатите реформи е во однос на подобрувањето на животот на граѓаните со подобрување на условите на нашиот живот и со зајакнување на државните институции кои што ќе функционираат на независен начин, автономен начин и во однос на создавање на една правна држава во која ќе владее правото како и развојот на мулти етничка демократија и сето ова ќе придонесе за една подобра и постабилна и побезбедна Македонија.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

За реплика се јави господинот Сафет Незири, повелете.

**Савет Незири:** Благодарам господине потпретседателе.

Со внимание ја сослушав колешката Флора Кадриу во нејзината елаборација и кога започна со елаборација, на почетокот на елементи од Извештајот на Европската комисија мислам дека така ќе продолжи дека ќе даде некои елементи, ќе биде автокритична норамлно и тоа е една демократска процедура со која се забележуваат нештата кои секоја Влада може да ги направи како градска, дури и да оди по таа варијанта.Но како и да е таа спомна дека станува збор за една култура на мултиетничко општество која што го развива Владата и се поставува прашање само по себа, доколку станува збор за една мултиетничко општество значи во тоа произлегуваат минимум две мултиетнички заедници, но дефиницијата дека главна карактеристика на еден етникум, на една етничка група е јазикот, културните вредности, религиски, традициите, обичаите итн. Како може да се развива едно мултиетничко општество кога некои делови на мултиетничко општество им се попречува не им се дозволува употреба на еден јазик, мајчин јазик кој што говорат на службен јазик бидејќи службено, официјално припаѓаат на Република Македонија како државјани на Република Македонија. Ова се елементите, госпоѓа Кадриу, требаше да им дадете некои забелешки, без оглед дали се согласувате или не со вашата или нашата. Не е многу значајно тоа, значајно е на пример да дадете некои од овие аспекти, дури и да ветите дека во иднина ќе се направи нешто. Јас тоа не го видов и не го слушнав од вашата изјава. Се разбира дека со мојата изјава ќе ве провоцирам, ќе ве мотивирам дека ќе дадете нешто, иако знам дека тоа нема да го направите. Охридскиот рамковен договор рековте дека не е исполнет во целост во текот на периодот на СДСМ и ДУИ. Ја**с** мислам дека тоа е еден договор кој се имплементирани некои делови на транспарентен начин. Но, имплементирањето од ваша страна верувајте ми врз основа на сондажите и жалбите на граѓаните без оглед од кој етникум доаѓаат, а пред со од албанскиот, се вели дека се отвора конкурс на работно место во државна администрација или пак во државна институција ние ги даваме документите доаѓа еден администратор и вели, навистина мислам жално е што ќе ви кажам, но местата се веќе зафатени. Каде е транспарентноста. Ако ги направиле овие грешки ДУИ, зошто ги повторувате вие. Зошто правите вакво нешто. Превземете чекори и надминенете ги овие, изнајдете пат, се разбира доколку имате агенда, да се надминат сите овие работи. Верувам дека ова ви недостасува.

**Бесим Догани:** Реплика ќе користете или?

Повелете, контрареплика има госпоѓа Флора Кадриу?

**Флора Кадриу:** Мислам дека нема потреба да му реплицирам на господинот, бидејќи во неговата дискусија пред малку ја дискутирав за Охридскиот рамковен договор, за неправичната имплементација и ненавремена на договорот од страна кога ДУИ беше на власт. Така што само ќе се повторам, фактички ни се обидуваме да ги подобриме она што вие го имавте како пропуст или како грешка, бидејќи сте свесни дека прашањето на јазикот е времето кога беше вистинско време, требаше да се реши тогаш кога вие бевте на власт, господине, сега ова прашање се обидуваме да го подобриме, но вие фактички само со вашите опструкции ни попречувате ние слободно да ги направиме овие измени и овие работи.

**Бесим Догани:** Повелете, Тахир Хани.

**Тахир Хани:** Почитувана колешке,

Сакам да го истакнам фактот дека меѓународаната заедница секогаш истакнувала

дека во Парламентот треба да има конструктивност и политички дијалог. Одговорни носители на одговорноста за политичкиот дијалог и за политичка клима во Парламентот секогаш е позицијата. За успесите на моменталниот мандат ќе истакнам, не сум се согласувал, не се согласувам и никогаш нема да се согласам со Законот за полиција што е усвоен во овој мандат. Законот за празниците, Изборниот законик нема да се согласам само да говориме за имплементацција на Охридскиот рамковен договро туку да говориме кои се службени податоци, колкава е промената на процентот на застапеност на Албанците во сите институции. Јас малку порано истакнав не сакам да говорам кои се недостатоците и слабостите во поранешниот мандат. Говорам за недостатоците кои што се денс и кои што треба да се поправат денес. Говорев за системот на одбрана и безбедност во Република Македонија кој што е катастрофален за Албанците, затоа што се уште сме објект на третирање на настани и се уште сме жртви и нашите семејства се облекуваат во црно. Сакам да ги истакнам фактот од 25 септември, треба да ви биде јасно на сите дека опозицијата има единствен инструмент, да биде агресивна во својата политика во Парламентот, затоа што ние не сме составен дел од извршната власт. Што се однесува за настаните од 25 септември Европската комисија е многу јасна во тој поглед и во тој Извештај не може ништо да се дополни, ниту да се избрише. Овој Парламент изгласа една Анкетна комисја која што излезе со Извештај така како што сакаше претседателот на Парламентот,усвојувањето на Извештајот да се направи со пет гласа и тоа треда да ви биде јасно дека Анкетна комисија има усвоено извештај со пет гласа без присуство на ВМРО и ДПА. Вие тоа треба да знаете дека членот на Анкетна комисија од страна на позиција и ДПА гласала дека нивниот лидер е виновен за настаните на 25 септември. Гласале заменик министерот за внатрешни работи се борел да се истакне и имал индикации дека е виновен лидерот. Значи тоа се двајца најистакнати, најзначајни личности во место, каде што заменик министерот за внатрешни работи напаѓа пратеник. Тоа место не е место каде што владее правото.

**Бесим Догани:** Ви благодарам.

Контрареплика има Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Господине Тахир Хани,

Како што изгледа вие ретроспектиравте и во овој ваш последен дел требаше да добиете поени, но нема никаков проблем сите ја знаат реалноста и вистината. Она што го велите дека не се согласувате со законите кои ги донесовме ние, да ви кажам за право, тоа е ваше право и јас не се согласувам со законите кои ги донесовте во вашиот период, не се согласувам со Законот за пасоши. Имавте една дискриминаторска политика во однос на Албанскиот народ во Република Македонија. Токму со него ниту со Законот за употреба на знамето исто така не се согласувам. Кога може во Липково да се употребува албанското знаме, а не може да се употреби на друго место итн, или пак за она што опозицијата беше агресивна да ни каже дека навистина се агресивни и дека ние прифативме во Анкетната комисија дека виновник е нашиот лидер. Каква одговорност треба да има оној кој што иницира конфликти, или инциденти. Вие иницирравте конфликт на 25 септември.

**Бесим Догани:** Бидејќи господинот Рамадани беше прв пријавен, ќе му дадеме збор прво на него.

Повелете господине Рамадани.

**Агим Рамадани:** Благодарам.

Се случува во Парламентот и колегата од истата партија да реплицира на пратеник, член од истата партија. Мојата реплика ќе биде во насока на исполнување или дополнување на она што на некој начин не го кажа госпоѓа Флора, со тоа што рече дека, многу убави работи спомна, не пропушти ниту една од тие добри работи, па во таа насока сакам да дадам едно дополнвање во однос на четиригодишната власт што ја имаше СДСМ, ДУИ и другите сателити, што успеаа од Охридскиот рамковен договор, на крајот да кажат само еден збор.

Али Ахмети рече, Охридскиот договор заврши. Не кажа за јавноста во Република Македонија, кажа за Меѓународната заедница. Сега кога завршија изборите, кога видоа дека не станаа дел од позицијата, кога Муса Џафери се закани со калашников, никој во оваа власт, ниту од меѓународниот фактор не реагираше и да каже дека човекот со сила сака да биде во власта. Некој значи сака да влезе во власта со тоа што се заканува. Не, господине.

Госпоѓо, мораше и ова да го кажеш, се извинувам што морам да те надополнам, меѓутоа ќе продолжам да кажувам и за другите работи што требаше да ги кажеш.

Што се однесува до тоа кој треба во овој Парламент да одговара за насилство, тоа е партијата која ја претставува господинот Тахир и сите други, во оној систем каде што ДУИ сакаше да го погази парламентарниот збор тука во Парламентот, сакаше да го нападне и го нападна пратеникот од демократски просперитет. ДУИ е таа која ги тепа новинарите по ходниците во Парламентот. ДУИ е таа чии лидер доаѓаше нагоре и даваше наредби и тука се случуваа работите што ги правеа пратениците внатре во салата, додека надвор беа оние што дојдоа со возила, дојдоа со пушки, со калашников и истите ги фати полицијата, ги евидентираше. Тие денес се обидуваа да го пофалат нивниот удел во Анкетната комисија. Ве молам немојте така, срамота е, народот гледа, гледа и светот, гледа и Европа. Тие што не сакаат да гледаат ве штитат. Меѓутоа никој не излезе и да го каже тоа.

На крајот ќе ви кажам, ве молам одработивте четири години и ништо не сработивте. Оставете не да работиме, да го донесеме законот за јазиците и за поранешните борци на ОНА и за се друго. Ве молам оставете не да работиме.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Последна за вечерва реплика за госпоѓица Селвије Салиу, повелете.

**Селвије Салиу:** Благодарам госпоѓа Флора за информацијата што ни ја даде за работата на Комисијата за надворешна политика, бидејќи вие пет-шест минути во вашиот говор говоревте за Комисијата за надворешна политика, говорите за Охридскиот рамковен договор и за законот за јазици, но не погледнавте во Извештајот каде токму во врска со овие закони имаме забелешка на страна 7 каде се вели дека Собранието не го донесе деловникот каде треба да се објасни за донесување на законот за јазиците. Велите оставете не да работиме. Колку години треба да ве оставиме. Утрешното сонце ќе изгрее утре, а денешното кого денес ќе го грее. Еднаш за секогаш треба да се зафатите со работа и со проблемите.

Говорите за државната администрација каде јасно се гледа и во Извештајот на Европската комисија, на страна 7 каде добро кажува дека државната администрација е исполитизирана премногу, со тоа што се избркани од работа 10-15 квалификувани службеници, со една единствена цел за да ја вработите вашата ќерка, госпоѓо Флора. Вие говорите за заслуги и тоа за незаслужени заслуги. Една работа сакам да ви кажам, пријател ви е оној кој ви укажува на вашите грешки, а не тој кој ќе ја подобри вашата грешка. Мислам дека ова ќе го разберете.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Една минута контра реплика за госпоѓа Флора Кадриу, повелете.

**Флора Кадриу:** Благодарност за информациите од страна на Комисијата за надворешна политика, за нејзината работа но само да ви кажам, нема проблем, повелете повторно.

Што се однесува за вашето миксирање, имавте една пријателска дискусија и да ви кажам јас пријателски дека ви укажав на грешките што вие ги направивте.

Што се однесува до сонцето да ви кажам, подобро со сонце и ДПА, отколку во мрак со ДУИ.

**Бесим Догани:** Благодарам.

Почитувани дами и господа пратеници, бидејќи веќе е 21,00 часот, тука ја прекинувам денешната седница.

Утре од 11,00 до 14,00 часот ќе продолжиме со денешната 85-та седница. После паузата за ручек, од 15,00 часот продолжуваме со 86-та седница.

Благодарам.

(Седницата прекина со работа во 21,00 часот).